KIII 55

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ
БИБЛИОТЕКА
Инв. бр. 5612/2012
СЕМИНАР ЗА СОЦИОЛОГИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ " Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"

СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОГИЈА

# "МУЛТИЕТНИШТВОТО ИМУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТВО МОДЕРНАБРИТАНИЈАСО ОСВРТ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТВОМАКЕДОНИЈА"

Ментор

Проф. Д-р Димитар Мирчев

Кандидат,

М-р Мухамед Халили

Скопје, август 2012

СЕМИНАР ЗА СОЦИОЛОГИЈА

# СОДРЖИНА

Вовед...........................................................................1-11

## Глава I

1. Мултикултурата како политичка идеологија и практика.......12-13

1.2 Мултикултурализмоt и националниот идентитет во некои западно-европски и пошироко во светот...................................14-37

## Глава II

2.0 Историскикот процес на создавање на мултиетничка и мултикултурна Модерна Британија ...........................................................................38-42

2.1 Британството и мултикултураизмот во Модерна Бригтанија....43-50

2.2 Новите лабуристи, британскиот мултикултурализам и појавата на домашниот тероризам..........................................................................51-61

2.3 Етничките групи во Велика Бригтанија од 1992-1997.....................62-68

2.4 Историските трендови на доселување в Модерна Бригтанија... 68----71

2.5 Британсгвото и бриганските вредности според бриганските политичари и интелектуалци.......................................................................................72-80

2.6 Институционалниот расизам во Модерна Британија..........................80-85

2.7 Улогата на политичкиот Ислам во ослабнувањето и функционирањето на мултиетничкто лочпштество..............................................................85-91

2.8 « Внатрешниот непријател » и почетокот на пост културализмот...91-98

2.9 Исламските вредности и бригтанската ингтелектуална и поличка Јавност.........................................................................................................98-103

# Глава III

3. Стратегија на владата за зголемување на расната рамноправност и

Кохезија меѓу заедниците....................................................................................104-108

3.1 Донесување на Акт за фрасни односи..........................................................108-109

3.2 Акт за еднаквот 2006...........................................................................................109

3.3 Акт за еднаквост 2010...........................................................................................110

3.4 Комисија за еднаквост и човекови права...................................................111-113

3.5 Комисија за интеграција и кохезија.....................................................................113

3.6 Северна Ирска и корените на конфлитот-« Нередите”...............................114-128

3.7 Договорот на Белфаст-Договорот на Велики Петок.................................128-136

3.8 Комисија за човекови права на  Северна Ирска.........................................136-137

3.9 Комисија за еднаквост на Северна Ирска,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,137-141

3.10 Акт за безбедност и правда..................................................................................141

3.11 Акт за фер вфработување...............................................................................141-145

3.12 Шкотска меѓу Обединетото Кралство и независноста.............................145-151

3.13 Велс во погтрага по националниот идентитет...........................................151-155

3.14 Акт за рамноправност 2010.............................................................................155-157

# Глава IV

4.0 Осврт на мултиетничккиот и мултиккултурниот модел во Македонија

од Илинден до денес.................................................................................................158-161

4.1 Предизвиците на мултиетнкичкото и мултиетничклото општество

во независна Република Македонија.................................................................162-173

4.2 Новиот устав и рефлексиите во развојот на мултиетнкичкото

Општество....................................................................................................................173-180

4.3 Меѓу полигтичките конфронгтации и военият конфликт во 90-те год.

на минатиот век.................................................................................................181-192

4.4 Военият конфликт, планот Фровик и Рамковниот договор................193-213

4.5 Имплеменгтацијата на Рамковниот договор..............................................213-225

Заклучоци.....................................................................................................................226-231

Библиографија..........................................................................................................232-249

# Мултиетништвото и мултикултурализмот во Модерна Британија со осврт на мултикултурализмот во Македонија

## *Вовед*

Поголемиот дел од овој труд е напишан во годините кога се десија бурни настани во британското општество и ги ставија британскте политичари и британската интелектуална јавност пред најголема дотогашна дилема, и тоа: дали политиките на лабуристичките влади од 1997-2005 год., подржувајќи го мултикултурализмот како официјална политика, успеале да изградат монолитно и инклузивно мултиетничко и мултикултурно британско општество или во спротивно од нејзе направиле општество на етнички и културно одвоени енклави каде разните етнички групи имаат можност да се сретнаат едни со други само на улица при разминување едни со други, во супермаркети, во автобуси и метроа и многу ретко во заеднички школи и универзитети и заеднички работни места.

Определувајќи се да го анализирам феноменот на функционалната врска меѓу мултиетништвото и мултикултурата во едно општество тргнував од претпоставката дека Модерна Британија и Република Македонија може да претставуваат типични примери на две сосема различити општества каде политиката на мултикултурализмот била и сеуште е ( со тенденции на укинување на истата во Модерна Британија) официјална политика на овие земји.

Во Република Македонија мултиетништвото и мултикултурата не биле само официјални политики на досегашните влади од Илинден преку АСНОМ до денешно време туку тоа е веќе уставна категорија произлезена и од Уставите од 1974 и 1991 и уставните амандмани кои произлегувале од Рамковниот договор од 2011 год.

Мултикултурализмот во Модерна Британија, како и во другите држави во светот, теоретски се разработува во 60-тите години од минатиот век од разни социолози , интелектуалци и политичари за да во 1997 год. стане официјална политика на лабуристичката влада на Тони Блер кој после три мандати од неговото владеење резигнирано се повлекува од оваа политичка филозофија, а многу години пред тоа, во 70 години до денешни денови мултикултурализмот бил и останува официјална политика на владите на Канада и Австралија ([1]). И во овие две земји водечките политичари изразувале и сеуште изразуваат доза на песимизам и резигнација во однос на функционирањето на мултикултуралните општества.

Појдовна точка за формулирање на проблемот на истражувањето ми беше констатацијата на Zimmern ( Zimmern 1927) дека Англичаните националното го пренеле од политика во областа на културата и дека тие го имат решено на целосен начин проблемот на националното затоа што го имаат одвоено од политиката, односно ја деполитизирале националната припадност ([2]).

Децении по изречената констатација реалноста ни покажува дека Англичаните сепак не успеале најкомплетно да го решаваат проблемот на припадноста кон нацијата и поготово не успеале таа да ја деполитизираат.

---

[1] *Tony Blair-Adopt our values or stay away- 9 december 2006-www.telegraph.co.uk/news/*

[2] *Zimmern- The Third British Empire, 1927, p.159, London, Oxford U.P*

На иста линија оди и констатацијата да бидеш Британец не е прашање на етницитет или територија, туку тоа е избор да живееш заедно, ([3]) ; значи луѓето се родени Англичани , Шкотланѓани и Пакистанци но избрале да живеат заедно ( Will 2005) .

Зборувајќи на оваа тема последниот лабуристички лидер и премиер Гордон Браун ([4] ) се навраќа на теоријата на Антони Смит ([5]) за корените на модерната нација како што се митот и заедничката меморија на минатото залагајќи се Британците да воспоставаат национален ден од типот на французите и да не се откажуваат од заедничкото знаме на Британското Кралство.

Boris Johnson, градоначалник на Лондон во Telegraph( [6]) на една своја колумна се залага за "повторна британизација на Британија" затоа што британскиот школски систем не овозможува меѓусебно запознавање на етничките заедници и култури. Зборувајќи за американското општество Џонсон констатира дека во оваа земја на имигранти американското знаме е симбол на заедништво и дека во Америка граѓаните се " чувствуваат не само американци туку рамноправни американци". Споредувајќи ги настаните на појава на тероризам во двете земји Џонсон го смета како негативен фактот дека во Модерна Британија актери на тие настани се младите муслимани кои се едуцирале во британски школи.

---

[3] *Will,M., What defines British Values, Foreign Policy Center, 2005, London*

[4] *Braun, G., Britain should have a day to celebrate its national identity , news.bbc.co.uk/2/hi/uk.../4611682.stm*

[5] *Smith, A., (1995) Nations and Nationalism in Global Era, Cambridge Policy Press, p.21)*

[6] *Johnson, B., This is a turning point: we have to fly the flag for Britishness again , Daily Telegraph, 14 jul , p.8*

Жешките политички теми повторно се вратија на политичката сцена иако и како такви никогаш не биле одсутни од нејзе, поготово не за време на изборите.На парламентарните избори во Модерна Британија темите како што се зголемувањето на бројот на имигрантите, нивното однесување, нивниот удел во зголемување на организираниот криминал, неспремноста на некои етнички групи да ги прифаќаат британските вредности не се само политичка платформа на националистичката БНП (Британска национална партија) туку такви приближни нијанси ги читаме и во политичката платформа на Конзервативците кои сега на се на власт и креираат и спроведуваат политики во сите области на живеењето.

Политиколозите, политичарите и аналистите се сложуваат во едно дека во Модерна Британија (спротивно на САД) разните етнички заедници не се обединети околу еден обединувачки симбол или фактор (знаме и американска припадност во САД) и дека во Модерна Британија такви институции сеуште можат да се сметаат NHS (Здравствениот систем), и BBC , војската и спортот.

Во Република Македонија, според истражувањето на МЦМС, елементи околу кои се обединуваат етничките заедници се Мајка Тереза и Борис Трајковски. И двајцата веќе не се меѓу живите за да го даваат нивниот конкретен ангажман за приближување на разните етнички групи околу заеднички проекти, поготово Мајка Тереза која и за време на нејзиниот живот била отсутна од регионот и нејзината енергија ја потрошила за сиромашните деца во далечната Индија.Тоа што ја украсува нејзе со почит е идентификацијата на младите

генерации со нејзината хуманост и племенитост кон генерациите кои се соочувале со сиромаштија и неписменост во големи размери.

За мултикултурата и функционирањето на мултикултурализмот во Модерна Британија се направени широки и се́опфатни студии од разни академски институции, социолози, политиколози, невладини организации за човекови права но меѓу највлијателните и најпознатите се Anthony Smith, професор по социоогија во London School of Economics, со своите публикации за нацијата и национализмот во глобалната ера и националниот идентитет ( студии од социологијата на општеството) потоа Alibhai-Braun со нејзините студии за мултикултурализмот и после мултикултурализмот потоа Бантон кој се занимавал со студии на рацизмот, етницитетот, Дејвид Бланкет кој се занимавал со студии за интеграцијата и диверситетот, Стратегијата 2000 од Home Office, Tariq Modood со публикации за мултикултурализмот и периодичното списание Runnemede Trust кое ја следи теоретски и практично расната рамноправност во Модерна Британија, потоа професорот Bikhu Parekh со своите анализи во Комисијата за расна еднаквост и многу други.

Во Република Македонија не се обемни досегашните истражувања во ово поле иако не може да се негира фактот дека има голем број на истражувања во областа на малцинските права посебно од проф.Марија Ташева, студии за националните малцинства во нашата земја, потоа Мирјана Малеска и Елена Андреевска, студии во областа на меѓународните документи, мноштво излагања за Охридскиот рамковен договор по повод десетгодишната на Договорот кои претежно се политички согледувања него што имаат научен карактер и др.

Општа научна цел при моето истражување беше да дојдам до сознанија како функционира модерното британско општество, со

мултиетнички и мултикултурно состав, создадено во минатото од три монархии (Шкотска, Ирска, Англија) од различити етникуми со приближни културни вредности кои во минатото се прифатени од Англичаните поради нивното јазично и културно силно влијание во регионот (англиски откритија во науката, англиска литература, филм, спорт); општество во кое во моментов има силни тенденции на осамостојување на нациите ( Северна Ирска, Шкотска), потоа како функционира британското општество во кое религиите почнале да имаат силно влијание во заедничкиот живот посебно со појавата на политичкиот Ислам и на крај кои ќе бидат идните предизвици на функционирањето на британското мултикултурно општество.

Во однос на Република Македонија научната цел ми беше да дојдам до сознанија дали мултикултурниот систем реално институционално функционира или во спротивно привремено функционира само за време создавањето на коалициите меѓу македонските и политичките партии и за време на еден политички изборен циклус.

Фактот што истите албански политички партии имаат спротивни созгледувања за функционирањето на мултикултурализмот имаат различити политички согледувања (задоволни од стореното) кога се составен дел од власта и кога не се дел од таа власт ( критички настроени) зборува дека сеуште немаме длабоки социолошки анализи и сознанија дали македонскиот модел на мултикултурализмот е модел кој “треба да се извезува” како успешен модел на интер-етничко, интер-религозно, интер-културно разбирање или пак е модел во преодна фаза во исчекување на други поуспешни модели.

Предмет на истражување ми беше функционирањето на мултиетничкото и мултикултурното општество во Модерна Британија со осврт на мултикултурализмот во Република Македонија. Анализирајќи го функционирањето на овие две општества можат да се најдат малку заеднички црти поготово што Модерна Британија е мултиетничко општество од посебен карактер затоа што таа е обединето кралство кое во минатото е создадено со обединување на четири нации како што се Велшани, Шкоти, Ирци и Англичани на една страна, со карактеристични и посебни проблеми во функционирањето на државата како што се степенот на децентрализација на надлежностите, функционирањето на различите парламенти и влади и нивните надлежности (Велс, Шкотска, Северна Ирска) и зголемувањето на бројот на имигрантите во разни периоди на историјата ( тргување со робови, послевоени години со осамостојување на колониите посебно Индија, Пакистан, Бангладеш и Карибските земји, потоа во 50-тите, 60-тите и 2000 година за време на проширувањето на ЕУ).

Целта на моето истражување беше меѓу другото да дојдам до сознанија дали потешкотиите во функционирањето на модерното британско општество се исклучиво од религиски карактер, т.е одбивањето на разните религиски групи да се интегрираат во британското школство, во заедничкиот здравствен британски систем, во заедничкиот фискален систем , во заедничкиот образовен систем поради разни религиски традиции и уверувања или пак причините имаат подлабок карактер и се од општествената прифатност на етничките заедници од мнозинските етникуми и култури и дали во

Модерна Британија постоел и сеуште постои институционалниот расизам и колкава е неговата улога во создавањето на британското одвоено општество.

Хипотетичната рамка на моето истражување се состоеше во следното:

-развојот на мултиетничкото и мултикултурното општвество на Модерна Британија е најдиректно поврзан со успешното функционирање на политичките, економските, социјалните и образовните системи во Шкотска, Ирска , Велс и Англија на една страна, и

- развојот на меѓуетничките и меѓурелигиските односи на имигрантите , британски државјани, доселени во разни периоди од историјата, со домородното население која има сосема различна религија, култура и традиции од " потполно аклиматизираните британци" ( Кинези и донедаде Индијци) и сеуште " неаклиматизираните британци" (Бангладеши, Пакистанци)

Покрај општата хипотеза ги поставив и следните хипотези:

-прифаќањето на британските вредности преку негирањето на сопствените вредности на етничките групи не го зајакнува туку го ослабнува мултикултурното општество,

-тенденциите и практиката на самоизолираност на етничките заедници ( во случајов муслиманската заедница) не се резултат само на културните и религиските разлики туку се и резултат на

постоењето на институционалниот расизам со тенденции на нивна економска, политичка, социјална и културна изолација.

Методолошки моето истражување имаше квантитивен и квалитативен пристап, и тоа:

- проучување на обемна литература од истакнати британски и светски социолози на општстествата и социлогијата на културата и анализи на некои од најистакнати дела,
- проучување на официјалните документи усвоени од Парламентот на Обединетото Кралство и парламентите на Северна Ирска, Велс и Шкотска,
- проучување на Актите на Владата ( документи на Home Office)
- консултирање на веб страницата на BBC : " Колку мултикултурна е Велика Британија? "
- интервјуа со истакнати британски личности како што се:
- Filip Trevor, претседател на Комисијата за расна еднаквост,
- Сер Igbal Akrani, претседател на Британскиот муслимански совет
- надбискупот од Кантербери William Rovans
- Шеик D-r M. A. Zaki Badavi,
- Сер Zigmund Stenberg,
- Rev.D-r Markus Brajb

Горенаведените се претседателство на Форумот на трите вери: муслиманска, католичка и еврејска.

Научниот труд во делот на мултикултурализмот во Модерна Британија е напишан за време на мојот престој во оваа земја од

2005-2008 год. во време кога се десија бурните настани на терористичките напади во метроата на Лондон и бурните полемики кои настанаа после тоа. Тргнувајќи од фактот дека мултикултурализмот не е само сува теорија туку е креирање на државна политика за поддршка на мултикултурниот развој на земјата преку поддршка и стимулирање на културите на помалите етнички заедници постепено се навратив на трудот со воведување на нови елементи кои со истекот на времето се појавија согласно менувањето на политиката по однос на оваа проблематика ( Cameron 2011).

Сепак и покрај менувањето на политиката кон мултикултурализмот за време на владеењето на коалицијата на конзервативците и либералите во Модерна Британија, моите заклучни согледувања одаат кон насока дека британските политичари не нашле соодветни решенија за поуспешно функционирање на нивното општество, дека заканите кои доаѓаат од разни терористички групации внатре и надвор од земјата сеуште се присутни ( Лондон 2012-Олимписки игри) и покрај фактот дека во Модерна Британија последните години се забележува прогрес во интеграција на етничките групи во британското општество.

Што се однесува до состојбите на мултиетнички и мултикултурен план во Република Македонија моите заклучни согледувања одаат во насока на заострување на истите со тенденција да дефинитивно се раскинуваат и последните врски што вековно постоеле меѓу етничките заедници посебно меѓу Македонците и Албанците.

Основа за такво согледување е појавата на нетолеранција изразена преку инциденти од потежок карактер меѓу младите од различните етнички групации, понатамошното одвојување на македонското општество и креирањето на таканаречени “етнички гетоа“ низ целата територија на државата, крајна политизација на младите врз етничка и религиска основа и неспособност на политичките елити да се справуваат со овие појави. Објаснувањето на овие општествени феномени како режија на опозициските сили зборува за одсуство на концепти и идеи на владеачките гарнитури исто и за одсуство на концепт како да се надминаат проблемите и од страна на опозицијата.

# ГЛАВА I

## Мултикултурализмот како политичка идеологија и практика

Разни политички дефиниции, социолошки и филозовски размислувања околу мултикултурализмот се појавуваат скоро во сите општества кои се длабоко опфатени со ерата на глобализацијата. Со сигурност може да се тврди дека во денешните времиња нема една единствена теорија која го дефинира во потполност феноменот на мултикултурализмот. Според Larousse мултикултурализам е "коегзистенција на многу култури во едно општество. Начин на американско размислување кој ја негира културната хегемонија која ја наметнуваат белите слоеви на општеството на малцинствата (етнички, сексуални, и др) и се заложуваат во прилог на потполно прифаќање на истите"([7])

Дефинициите кои ги изрекувале познати филозофи или интелектуалци за мултикултурализмот приближно ја отсликуваат истата појдовна мисла.

Сметам дека најдобра дефиниција што е тоа мултикултурализам има дадено Lord Parekh раководител на извештајот "Мултикултурна Британија" во 2000 год.([8]) кој смета дека "... Британија е, и мора да остане вибрантно и демократско мултикултурно општество која мора

---

[7] *Le petit Larousse dictionnaire ,2008,Paris, Larousse*

да ги комбинира почитувањето за диверситетот со споделените заеднички вредности"([9]).

Размислувајќи на оваа тема во Модерна Британија, Лордот Parekh([10]) смета дека "... ..Мултикултурализмот понекогаш значи дека разни културни заедници можат да го живеат нивниот животен пат на нивен начин. Мултикултурализмот во основа значи дека нема перфектна култура која го покажува најдобриот живот и дека може да придобие вредности преку еден критичен дијалог со другите култури. Во таа насока мултикултурализмот бара да се отвораат сите култури, самокритично, и интерактивно во нивните односи кон секоја друга култура.Тоа беше основната порака на мојот извештај во врска со мултиетничка Британија (Иднината на мултиетничка Британија, Runnymede Trust 2000).

Karen Chouhan([11])мисли дека "...мултикултурализмот не е мртов, во суштина тој повторно е актуелизиран од владината политика во облик на значењето на диверзитетот" . Bernard Crick([12]) пишува дека не гледа разлики меѓу мултикултурализмот и британството. Британството (britishness) мора да биде дел од мултикултурализмот

---

*10.Bikhu, P.,Иднината на мултиетничка Британија,2000 Runnemede Trust,*

*.11.http://news.bbc/co/uk/hi/uk_news, 5 april 2004. Karen Chouhan , Извршен директор на The 1990 Trust, една од водечките невладини организации на Karen Chouhan , Извршен директор на The 1990 Trust, една од водечките невладини организации на црнците црнците.*

[12] *http://news.bbc/co/uk/hi/uk_news, 5 april 2004.Sir Bernard Crick е професор и автор на проектот " Животот во Британија" 2000*

## 1.2 Мултикултурализмот и националниот идентитет во некои западно-европски земји и пошироко во светот

Главна карактеристика на општествените движења во 19 век била создавањето на држави нации чиј основен принцип на функционирање бил дека секоја нација е господар на својата суверена држава која треба да ја брани својата единствена култура и историја. Суштината на унитарноста на тие држави нации била дека тие требале да ја зацврстат унитарноста на потеклото, културата, јазикот и религијата.

За спроведување на овие принципи државата нација препишала норми со кои образованието било на јазикот на нацијата кој бил стандардизиран од страна на јазичните академии додека локалните и регионалните јазици не биле дозволени. Некои држави во нивната агенда ја имале асимилацијата на другите култури, која како краен ефект го имало етничкото чистење.

Иако глобализацијата и евроинтеграцијата ги срушила во потполност овие концепти на развој на државата сеуште (дури и во Европа) има држави кои го поддржуваат концептот на монокултурата. Типичен пример на такво однесување се Грција и Бугарија во блиското соседство ([13]) кои официјално не признаваат други култури, освен тој што според нив ја претставува државата нација; не признаваат други

---

[13] *Бугарија има понегативен однос кон Македонското малцинство додека постоењето на турското малцинско го признава иако нивните пратеници во Бугарскиот парламент делуваат во рамките на Партијата за човекови права.*

јазици и етникуми како што меѓу другото е и случајот со македонското и други малцинства во тие земји. Сепак, под постојаниот притисок од европските институции и невладини организации кои се занимаваат со заштитата на човековите права, Грција почна да признава постоење на друга религиозна а не етничка група во нејзината земја т.е муслиманското малцинство. Таа политика ја крие во себеси тенденцијата за негација на постоење и на Албанците од Чамерија кои се од христијанска религија кои ги смета како недделив дел од грчката култура.

Во многу западно-европски земји со долга демократска традиција како и традиција во почитувањето на човековите права и слободи од воспоставувањето на тие стандарди и сé до денешните денови се води жестока дебата околу дефинирањето на мултикултурализмот и националниот идентитет. Последната деценија западно-европската цивилизација се соочува со бран на крајно десничарски политички движења кои се обидуваат или успеат да ги туркаат настрана социјалдемократските, социјалистичките, конзервативните и либералните политички партии и постепено да стануваат активни политички фактори за составување на влади во овие земји.

Во Европа најпрвин тој феномен во втората половина на 90-тите години најде погодно политичко тло во Данска со појавување на политичка сцена на Det Dansk Folke Parti на Pia Kjærsgaard, која на националните избори во 2000 год. освои 17 пратенички места во

Folketinget, додека на националните избори од 13 ноември 2007 освои 13.9% од гласовите или вкупно 25 пратенички места([14]).

Основата на политичктата платформа на Det Dansk Folke Parti, како што е случај и со другите националистички партии во западно-европското опкружување, лежи во идеологијата на креирање на чиста етничка држава, поточно во протерувањето на имигрантите од тие земји.

Во Данска бран на имигрантите се забележува во 60-тите години, но претежно тие доаѓале од Европските земји. Последниот поголем бран на имигранти се забележува со кризите во Африка (Сомалија) и распаѓањето на Југославија. Официјалната политика на Данска била интеграцијата на доселениците во данското општество со стимулирање на облиците на асимилација. Данска е меѓу ретките либерални демократии во Европа чии граѓани религиозно не се толку мотивирани и поврзани, и токму тука лежи причината што религиозниот плурализам не бил со години толериран од државата. Облиците на мултикултурното функционирање на државата беа карактеристика на данското општество за време на социјалдемократските влади сé до 2000 год. но потоа расте тенденцијата на зачувувањето на данскиот јазичен, политички и културен и економски идентитет со референдумско отфрлање на еврото како платежно средство.

---

[14] *www.danskfolkeparti.dk*

Таа идеологија најде политичка инспирација и во Австрија кај симпатизерите на "Партија на слободата" (FPÖ) на ултранационалистот Jorg Haider која на изборите од 27 октомври 1999 доби 27% од гласовите и како резултат на тоа беше во коалиција со конзервативната Народна Партија на Австрија. Неговата политичка програма пропагираше антисемитизам, ксенофобија и нацистичка филозофија и токму затоа најде на отпор кај целата дипломатија на земјите на ЕУ и нему не му се дозволи да состави сам влада, туку во коалиција со други партии.

Крајно десничарска политичка идеологија последните години е присутна во Холандија, земја во која социјалдемокрастските размислувања и хуманизмот беа знак на распознавање на нејзините жители. Карактеристично за оваа земја е дека ултранационализмот се издигнува врз една и единствена политичка програма кога се однесува до феноменот на имиграцијата: таа воглавном е антимуслиманска не во смисол на протерување на муслиманите од Холандија туку во смисол на редуцирање на нивниот број. Врз оваа политичка платформа се афирмираше Pim Fortuyn со неговата листа која на изборите од 2002 год. доби 26 места од вкупно 150 места во Холандскиот Парламент, кој поради неговата ултранационалистичка политика беше убиен во 2007 год. По неговите патишта продолжи да оди сега еден друг ултранационалист, кој како политичар се прослави токму на филозофијата на антиисламот Geert Wilders со неговите познати изјави дека во некои делови од Куран има нацистичка идеологија, изразувајќи притоа погрдни зборови за профетот Мухамед. Тоа беше повод на Geert Wilders пред две години да не му

се дозволи влез во Велика Британија за да пред парламентарците го прикаже својот филм насловуван на арапски јазик “Fitna” ([15]).

Филмот проследен со многу спротивставености беше прикажан во неколку земји во светот, меѓу кој и САД пред група избрани републикански конгресмени базирајќи се врз правото на слободен говор. Некои исламски земји филмот го карактеризираа како атак врз Исламот и против авторот на филмот е покрената тужба, додека терористичката Ал Каеда го осуди на смрт.

Токму таа идеологија му овозможи на Geert Wilders на општите парламентарни избори во јуни 2010 неговата партија да биде трета по бројот на парламентарците во Холандскиот Парламент. Ако се анализираат политичките погледи на Geert Wilder тие се блиску до национал-шовинистичките погледи базирани на високите вредности на една култура и нација. "...Јас не верувам дека сите култури се рамноправни," вели тој. Нашата култура е многу подобра, ако ние ја споредиме со Исламската култура. Нашата култура основата ја има во Христијанството и јудаизмот. Во нашата земја има едно малцинство кое се зголемува и кое инспирацијата ја наоѓа во Исламот. Јас не верувам во модерниот Ислам, но јас верувам во луѓето. Ако вие сакате да дојдете тука вие морате да ја почитувате нашата култура, нашите традиции, да ги почитувате нашите закони а не да ги почитувате законите на sharia".([16])

---

[15] Fitna- арапски збор кој значи неслога, поделба меѓу луѓето.

[16] *Stephen Sackur 2008 Harld Talk with Geert Wilder, www.bbc.hardtalk, 30 januari 2008, цитирано според www.youtube.com www.dziecineo.eu/movie.php?id=OWa*

Wilder смета на интеграција на исламската култура која треба да биде дел на холандската култура. Според Geert Wilder теоријата на Хантингтон за судир на цивилизациите денеска е реалност во Европа и затоа Холандија треба да го менува уставот и да се дефинира како држава чии вредности ќе се основаат врз Христијанството и христијанската култура. Политичките погледи на Geert Wilder, (со исклучок на тие што не ја ставаат на врвот вредноста на христијанската култура и христијанството,) во содржина малку се разликуваат од политичките погледи на многу други европски политичари и филозофи во другите земји. Разликата се состои во тоа што тој неговите погледи ги изразува со една голема доза на омраза кон вредностите на другите култури и со доза на исклученост, на неможност за еден заеднички живот на две или повеќе култури во еден ист помал или поголем геогравски простор.

Широка дебата на иста тема денеска е реактуализирана во многу други европски земји. Франција, која како држава членка на Европската Унија согласно досегашните договори на ЕУ има отстапено дел од нејзиниот национален суверенитет на Унијата, развивала и сеуште развива поинаква концепција на мултикултурализмот која се поврзува со концепцијата на градењето на нацијата и според која францускиот унитаризам не е во спротивност со диверзитетот. Тој е републикански концепт на развојот на државата. Овој концепт Франција почна постепено да го напушта во Корзика пред неколку години со процесот на децентрализација каде било дозволено и употребата на локалните јазици во образованието, сепак концептот е заддржан во самата

Франција. И покрај тоа што голем дел од Британците соочени со нивните проблеми во функционирањето на мултикултурното општество мислат дека францускиот модел ги решил спротивставеностите на мултикултурното општество, тие во оваа земја се дури и многу поизразени отколку во Велика Британија.

Во Франција синоним на политиката на создавање на чиста француска нација и чиста француска култура беше и останува ултранационалистот Jean-Marie le Pen кој не успеал да се накити со големи успеси во политичката сцена на Франција. Тој достигна до врвот на своето политичко дејствување за време на претседателските избори во 2002 год. кога го победи Lionel Jospin, кандидат на левицата, и во втората рунда изгуби од Jacques Chirac. Неговите погледи за диверситетот и за мултикултурализмот и се познати на француската и светската јавност; тие се разликуваат од другите со начинот на изразување и со начинот како да се постигне целта разните етнички , религиозни и културни заедници да кохабитираат меѓу нив. Неговата крајна замисла е истерување од Франција на сите тие кои не се вклопат во француските норми на однесување, претежно алудира на "странските муслимани", затоа што "француските муслимани" никогаш не барале да им ја наметнуваат на французите нивната култура, никогаш не барале да градаат тоа што бараат сега странските муслимани и затоа, вели тој, Франција и Европа се соочуваат со ризикот да бидат поплавени од бранови на имигранти ([17]).

---

[17] *Jean-Marie le Pen visionnaire: l' Islamisation de la France, Youtube, 21..04,2007, www.youtube,com*

Антиимигрантско расположение и ден денес постои во Франција не само во редовите на политичарите и обичните граѓански структури туку и во редовите на владеачките структури. Предизборната платформа на поранешниот француски претседател Саркози беше обележена со неговата визија за редефинирање на европската имиграциона политика и правилата на Шенген зоната. Таа политичката платформа не беше со антисламски погледи туку целосно беше анти-имиграциона и стана француска реалност во текот на 2011 год. и во текот на оваа година, кога од територијата на Франција присилно беа избркани околу 4000 бугарски и румунски Роми и голем број на Ромите од Словакија. Антиромското расположение во многу земји членки на ЕУ е прикриена појава под мотото на редефинирање на принципите на Шенген и либерализацијата на визниот режим со многу земји на Источна Европа и земји кандидати за влез во ЕУ или земји членки.

Националистите Le Pen и  Geert Vilders , иако се појавиле во различити периоди во европската политичка сцена, споделуваат исти мислења и се залагаат за спроведување на скоро исти акции против имигрантите кога се работи за почитувањето на законите на земјата, обичаите и културата.  Le Pen бара од имигрантите почит на француските закони и обичаи “...  затоа што тој самиот кога оди во една исламска земја ги почитува нивните обичаи, закони и култури.([18])

---

[18] Ibid

Ако се анализирааат неговите политички размислувања и се споредуваат со политичката реалност доаѓаме до заклучок дека разликата е огромна затоа што Le Pen оди во некоја исламска земја како турист се краток временски престој и веднаш потоа се враќа дома додека во случајот на “новите французи”, “новите данци” или “новите холанѓани” се работи за втора или трета генерација на млади чии родители доаѓале од разни муслимански и немуслимаснки земји и како резултат на ( со децении) дискриминаторската политика на тие влади, имигрантите не успеале да се интегрираат во нивните општества затоа и не ги прифатиле нивните културни вредности.

Другиот аргумент е дека во минатото овие држави биле најголеми држави колонизатори во светот и вековно економски ги експлоатирале овие земји. Во подоцнежните периоди земјите колонизатори како резултат на нивниот брз економски и индустриски раст имале потреба за работна сила и имиграционата политика ја направиле согласно нивните економски потреби. Новите генерации чии татковци и мајки доаѓале од тие земји денеска се државјани на земјите поранешни колонизатори и тие со државјански статус се французи, холанѓани, британци, данци, но со општествен статус муслимани или имигранти, луѓе непосакувани во нивните средини, луѓе дискриминирани, полошо платени од другите, често пати и без работа и со нерешен статус на вдомување и престој во нивните земји.

Наследник на идеите на Le Pen во француската политичка сцена е неговата ќерка Marie Le Pen која на последните претседателски избори во 2012 год. доби околу 18% гласови и која во суштина на

предизборните митинзи ги афирмираше политичките идеи на нејзиниот татко. Marie le Pen во вториот круг на претседателските избори одби да поддржува било кој кандидат незадоволна од нивните политички платформи во однос на имигрантите.

Глобалното политичко размислување за францускиот национален идентитет во Франција се разликува од мислите на Jean-Marie le Pen. Франција со векови е синоним на изградбата на концептот на државата нација каде сите нејзини жители се французи без оглед на нивното географско или етничко потекло затоа што, тоа е републикански концепт меѓу нив, и според тој концепт тоа не е асимилација.

Така размислуваше пред првите и вторите претседателски избори и сеуште така размислува поранешниот француски претседател Николас Саркози([19]) но со помек тон на националистот Ле Пен, кој смета дека.. " ...Франција не е една раса, не е етничка заедница. Франција е една заедница на вредности....Франција е едно мноштво на мали татковини кои ако се спојуваат сочинуваат една голема татковина...".. Концепцијата е скоро иста и таа се разликува само од времето кога се пласираат идеите во јавноста: ако се работи за време на после избори (било регионални било општи парламентарни) политичкиот вокабулар е поостар и ако истото се прави после изборите истиот вокабулар е помек. Но, сепак има една видна разлика во политичкото размислување на двајцата: Ле Пен се залага за протерување на сите нефранцузи од земјата додека Саркози се

[19] *Nicolas Sarkozy, www.youtube.com/rayyisse www.you tube.com.Uploaded by rabzouz1414 on Apr 18, 2007*

залага за реална имиграциона политика и за прифаќање на француските вредности ([20])",

Во светот и во Европа претежно во последните години кон функционирањето на мултикултурните општества се гледа со разочарување или во најголема рака и со песимизам. Нараснатите тензии во низа европски земји во областа на меѓуетничкото разбирање како и појавата на изолирање во себеси на етничките групи заради нивните различни култури или јазици или нивната неможност да се интегрираат во новите друштвени токови во земјата каде се населиле, во многу европски земји наместо да дојде до функционална мултикултура е дојдено до самоизолација на тие групи, нивно маргинализирање во општеството и претежно корисници на социјална помош и непотребни за општеството.

Неуспехот за создавање на функционални мултикултурни општества кај многу денешни европски политичари и високи владини претставници се претворило во песимистички размислувања околу функционирање на тие држави врз моделот на мултикултурализмот и тие скоро во хор изјавуваат дека мултикултурализмот е веќе

мртов. ([21])

---

[20] *Nicolas Sarkozy- Conférence préelectorale 2007 www.youtube.com) "...Франција треба да ги прифати новите французи, французите кои дошле од подалеку, Ние ги прифаќаме нив со нивниот сопствен идентитет, но тие кои ни се приклучуваат треба да ја прифаќат идејата дека Франција доаѓа од подалеку, дека таа постои пред нив и дека Франција е носител на вредности, кои вредности тие треба да ги унапредуваат, да ги почитуваат; жените во Франција се слободни исто како и мажите, тие се слободни да се движаат, да се омажат, се слободни за прекин на бракот, правото на прекин на бременоста, рамноправноста меѓу мажот и жената, и тоа е дел на нашиот идентитет. Франција е носител на еден идеал кого треба да го присвоиш или одбиеш. Јас разбирам дека можеш да го одбиеш, но ако го присвоиш тогаш треба да ја посакуваш Франција."*

Анализирајќи ги состојбите во областа на функционирањето на мултикултурализмот во Европа и во Франција заклучокот е дека не многу далеку на ставовите на Саркози се и двајца актуелни еврпоски политичари (Cameron 2011 и Merkel 2011). Двајцата скоро да ги поддржуваат ставовите на поранешниот француски претседател Николас Саркози кој смета дека “државниот мултикултурализам е мртов во Европа и во Франција” .

На прашањето на новинарот на TF1 News на 14 февруари 2011: Дали сметате дека мултикултурализмот е пропадната работа и дека е извор на проблемите што се создаваат во нашето општество? Саркози го даде следниот одговор: "...да. Тоа е неуспех. Во сите наши демократии многу бевме преокупирани на идентитетот на тој што доаѓа и не толку за идентитетот на земјата домаќин... Ние не сакаме општество каде заедниците живеат едни поред други. Ако доаѓате во Франција тогаш прифаќате да се топите во една заедница, националната заедница. Ако тоа не го прифаќаш тогаш не доаѓаш во Франција”.

Во понатамошното излагање Саркози се залага за “Исламот на Франција а не Исламот во Франција”([22]) што подразбира спротивставување на секој вид на импортирана религиозна филозофија на сметка на автохтоната примена на религијата.

---

[21] *Cameron, D., Good immigration, not mass immigration, четврток, 14 април 2011, www. Guardian.co.uk; PM's speech at Munich Security Conference, www. Government.co.uk*

[22] *TF1 News-Interview. Paroles de Français Nicolas Sarkozi: Ne trouvez pas que le multiculturalisme est un échec et qu' il est à l' origine de bien des problèmes de notre société? www.youtube.com/larevue2analck 14, 2011*

Зборувајќи на таа тема Саркози вели: "...Ние не сакаме општество каде заедниците живеат едни поред други ([23]).

Слични ставови за западниот Ислам застапува и Tariq Ramadan (Ramadan 2007) во неговите јавни настапи за Исламот како европска религија и ги повикува муслиманите да го отфрлуваат менталитетот на жртвата затоа што тие се дел од Европа многу векови пред тоа. Рамадан се залага за взаемно запознавање и взаемна размена на вредности а не за интеграција затоа повикот за интеграција значи дека муслиманите не се дел од европска цивилизација и култура туку се повикуваат тоа да бидаат. ([24])

Последните години во многу европски земји централна тема за јавни дебати во политички, културни и религиозни кругови стана прашањето: што е тоа национален идентитет, дали постои тој и кои се вредностите на тој идентитет.

Интересен феномен насекаде во тие земји каде се актуелизира прашањето на националниот идентитет е тоа дека такви дебати се актуелизираат секогаш пред изборите или кога во разни средини се појавуваат меѓуетнички инциденти со непосакувани димензии и ефекти. Во некои земји тоа се актуелизира дури и за време на локалните избори, кога според политичките теории и правила политичарите им нудат на гласачите визии за локален економски,

---

[23] *Ibid*

[24] *Ramadan, T., The Western Islam 2007. "The Western Muslim" Speech at the 25th Anniversary Conference of the Institut für die Wissenschaften vom Menschen (Institute for Human Sciences) to be held from 9-11 November 2007 in Vienna, Austria. www.shiatv.net/view_video.php?viewkey...*

социјален и културен развој, и кога темите за дебатирање не се однесуваат на високата политика.

Нараснатите тензии во низа европски земји во областа на меѓуетничкото разбирање како и појавата на изолирање во себеси на етничките групи заради нивните различни култури или јазици или нивната неможност да се интегрираат во новите друштвени текови во земјата каде се населиле придонесува да во многу европски земји и во светотт во целина наместо да дојде до функционална мултикултура е дојдено до самоизолација на тие групи

Интересен показател за функционирањето на мултиетничките друштва во скоро многу земји од западно-европската демократија, судејќи според изјавите на нивните политички лидери, е фактот дека во тие земји со мултиетничка структура дојдена од разни континенти и земји причината за застој на меѓуетничките односи ја засноваат врз религиската припадност на составот на населението, и тоа претежно врз исламската религија. Тоа што имигрантите Британци или имигрантите Германци или пак од имигрантите Французи го бараат од нивните политички избраници е идентично затоа што проблемите со кои се соочуваат тие земји во функционирањето на мултиетнички општества се исти, тоа значи непочитување на традициите на земјата каде се населени, непочитување на законите и уставните норми и обид за воведување на норми на однесување исти како во земјите од каде доаѓаат, како на пример во Модерна Британија воведување на норми на шеријатот (религиозна норма) во населените места каде тие се мнозинство.

Дебатите во последните години се раширувааат скоро во сите земји. Последните што ја губаат нивната политичка рационалност се германските политички раководители. Можеби меѓу последните но сепак не заборавила германската канцеларка Ангела Меркел да објави крај ма "мулти-култи" приодот кон функционирање на државата: "приодот "мулти-култи" значи дека ние живееме едни покрај други и се радуваме"-пропаднал, констатира Меркел. Ние се чувтствуваме поврзани на христијанските вредности. Тој што не го прифаќа тоа , тој нема место тука. Не е доволно само да ги субвенционираш имигрантите.

Германија со право бара од нив, на пример, да го совладуваат германскиот јазик и да нема веќе принудни бракови(...) Сепак имиграцијата е потребна и Исламот е дел од Германија ([25]), завршува таа.

Заеднички проблем на западно-европските демократии е тоа што имигрантите придонесуваат на извесна присутност на несигурност, на недоверба кон нив затоа што дел од нив немајќи доволно средства на егзистенција применуваат и недозволени начини за нивната екзистенција во средини каде тие се неспособни тоа да го остваруваат преку висока интелектуална креативност и затоа се непожелни во тие држави.

Од друга страна нискиот наталитет кај високоразвиените земји ја наметнува потребата за квалификувана работна сила. Во Германија,

---

[25] *Angela Merkel- Говор пред младите на CDU-AFP, Цитирано според "Le Soir" 18 октомври 2010,стр.10*

на пример, после 10 години, ќе бидаат потребни повеќе од 2 милиона нови имигранти и токму затоа таа земја подготвува стратегија како тоа да го реализира. Обично тие земји имаат долгорочна стратегија кон привлекување на млади луѓе преку системот на високото школство. Настаните кои последниве години ја потресуваат западната цивилизација потсетуваат многу на констатацијата на францускиот поет Маларме дека 21 век ќе биде век кога ќе владеат религиите или воопшто нема да биде.

По сé изгледа почетоците на 21 век ја потврдуваат неговата теза:скоро во сите западни цивилизации се дебатира за христијанските или исламските вредности, за неприфаќање на тие вредности или наметнување на истите. Главна тема на дневните весници и на елекртонските медиуми во Модерна Британија, Франција, Швајцарија, Шпанија, Белгија во последните години кога е во прашање функционирањето на тие многуетнички друштва е релацијата меѓу одбивањето или прифаќањето на христијанските и исламските вредности.

Во групата на христијанските вредности западните политичари ги вбројуваат учењето и знаењето на јазиците на земјите каде муслиманите во минатото или блиската сегашност имигрирале, се здобиле со државјанство и живеат и работаат како рамноправни граѓани; потоа прифаќањето на културните вредности односно христијанските вредности (Меркел 2011 потоа Саркози 2011 и Вилдерс 2011) како што е дијалогот, толеранцијата и кооперативноста со степен на интеграција без асимилација и неприфаќањето на тенденциите на самоизолираност и гетоизација со тенденција на создавање на исламски гетоа и исламски начин на живеење преку

нормите на шеријатот (исламско уредување на државата заснована врз религиски норми).

Најжива дебата во западните цивилизации последните години било поврзано со вредностите што муслиманите ги сметаат како исламски вредности додека христијаните како пречка за успешна интеграција на муслиманите во земјите каде тие се доселени во Европа, т.е., градење на џамии со високи минариња, носење на hijab и niqab од страна на жените муслиманки и перцепцијата на Исламот како нетолерантна религија и постоењето на предрасудата дека Исламот е извор на меѓународниот тероризам. (Рамадан 2011)

Во некои западно-европски земји како Франција, Швајцарија и Белгија теоретските дебатирања веќе добиле форма на закони како што се законите против носење на burqa во Франција и Белгија и законот против изградба на минариња во Швајцарија. Останува да се види што практиката ќе покаже во тие земји: дали тоа ќе придонесе за поголем степен на интеграција на муслиманите во тие друштва или ќе се деси спротивното. Со донесувањето на таквите закони не се одушевуваат сите граѓани и некои, како што се филозофите, социолозите, интелектуалците тие мерки не ги гледаат со очите на политичарите туку од друг агол. На пример со брзината и начинот на кој е усвоен законот против burqa во белгискиот федерален парламент не се сложува угледниот белгиски филозоф и предавач во ULB (Université libre de Belgique) Edouard Delruelle([26]) кодиректор на Центарот за еднаквост на шансите во Белгија. Тој смета дека

---

[26] *Le Soir-Interview Edouard Delruelle " Un non à la burqa expédif, abusif », samedi 30 avril 2011, p-7*

потполното покривање на лицето не содејствува со социјалниот живот, "...сепак да ги санкционираш жените не е најдобриот начин да се спротивставуваш на оваа практика".

Во понатамошниот текст на интервјуто тој се обидува да ги објасни своите ставови: "...ако niqab е репресивен инструмент против жените дали тоа значи дека тие што ги приморуваат жените да ги почитуваат овие понижувачки обичаи треба да се санкционираат? Во белгискиот закон, спротивно на францускиот закон, нема ниедна норма која предвидува санкции против нив. Тој закон ги казнува жртвите а не грешниците..." изјавува проф, Delruelle и истакнува дека секој треба да дејствува како личност и тој не е љубител на донесување на закони за забрана и смета дека белгиското друштво има други приоритети како што се дискриминацијата на работа, расизмот социјалните тензии во квартот , и друго...([27])

Ако за негативниоот став кон niqab и hijab може да се најде оправдување во намерата да се зголеми сигурноста лична и колективна во овие бурни времиња на проширувањето на заканите од меѓународниоот тероризам, за негативната перцепција за изградбата на џамии со високи минариња сеуште ниту аналитичарите на овие феномени немаат објаснување. Засега противниците на минарињата имаат само еден непотврден аргумент презентиран до јавноста а тоа е дека со изградба на високи минариња кои гледаат кон височините, муслиманите сакаат да ја докажуваат супериорноста на нивната вера во однос на другите вери.

---

[27] *Ibid.*

Осврнувајќи се на овие феномени во еден панел на ТВ 5 на 14 мај 2011 год., каде учествуваа угледни професори од областа на мултикултурата и социологијата на општеството угледниот исламолог Tariq Ramadan истакна дека светот е наклонет да има негативна перцепција за муслиманите со брада и муслиманските жени со шамии и нив "... да ги смета за потенцијални терористи и тие синтагми перманенто ги повторуваат а од спротивно и со ниеден збор не ги афирмираат тие жени кои со тие шамии во нивните глави маршираат низ улиците на Тунис, Египет, Сирија и други места арајќи демократија и соборување на автократските арапски режими..."([28])

Анализирајќи ги феномените на "мултикултурна Европа меѓу толеранција и предрасуди" група автори, познати професори по оваа проблематика , интервјуирале групи на граѓани по многу прашања на постоење на дискриминација во неколку земји членки на ЕУ по неколку основи меѓу кои и по основ на имиграција и анти-муслимански чувства и ги презентирале во неколку табели. Интересно е да се анализираат табелите по основ на чувствата кон имигрантите и муслиманите.

На констатациите дека "земјата има многу Муслимани"
(1) потоа "муслиманите многу бараат",
(2) "Исламот е религија на нетолеранција",
(3) "муслиманската култура добро функсионира во земјата",

---

[28] *Tariq RAMADAN, European Muslims 2008*

*http://www.dailymotion.com/group/113471http//*

*You Tube-Ramadan Tariq - (1) European muslims par OLLAG*

(4) "муслиманскиот однос кон жената е во спротивност со нашите вредности,

(5) "мнозинството муслимани го оправдуваат тероризмот"(6) добиени се следните одговири (по земји).

| Германија | В.Британија | Франција | Холанд. | Италија | Португал | Полска | Унгарија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 46,1 | 44,7 | 36,2 | 41,5 | 49,7 | 27,1 | 47,1 | 60,7 |
| 54,1 | 50 | 52,8 | 51,8 | 64,7 | 34,4 | 62,3 | 60 |
| 52,5 | 47,2 | 52,3 | 46,7 | 60,4 | 62,2 | 61,5 | 53,4 |
| 16,6 | 39 | 49.8 | 38.7 | 27,4 | 50.0 | 19.0 | 30.2 |
| 76,1 | 81,5 | 78,8 | 78,2 | 82,2 | 72,1 | 72,1 | 78,6 |
| 17,1 | 26,3 | 23,3 | 19,9 | 21,5 | 22,4 | 26 | 29 |

Извор: Intolerance, Prejudice and Discrimination, A European Report ([29])

Горната табела покажува дека во убедливо поголем на испитаните Унгарци ( 60,7%) имаат предрасуди кон Муслиманите по сите прашања. На прашањето дека Муслиманите имаат негативен однос кон жената афирмативно одговориле дури 78,6% од Унгарците. Што се однесува до ово прашање дури 82,2% од Италијаните афирмативно одговориле, потоа следуваат Британците со 81,5%, Французите со 78,8%, Германците со 76,1%, Португалци и Полаци со ист процент 72,1%. Дека во земјата има многу Муслимани сметаат 46,1% Германци, 44.7%

[29] *Zick, A., Küpper, B.,Hövermann, A.,2011 Intolerance, Prejudice and Discrimination. A European Report. Berlin> Friedrich-Ebert-Stiftung, p-170-175*

Британци, 36,2% Французи,41,5% Холанѓани, 27,1% Португалци, 47.1% Полаци и 60% Унгарци. Дека Исламот е религија на нетолеранција сметаат 52,2% Германци, 47,2 Британци,52,3% Французи, 46,7% Холанѓани,60,4% Италијанци, 62,2% Португалци,61,5% Полаци,53,4% Унгарци. Најмал број на Германци 16.6% веруваат дека муслиманската култура добро функционира, наспроти Португалците со 50.0% со позитивно мислење по ово прашање, потоа следуваат Французите со 49,8% Британците со 39%, Холанѓаните со 38,7%, Италијаните 27,4%, Полаците со 19% и Унгарците со 30%.

***Табела: Имигранти и Муслимани во Европа (проценти на жители)***

| | Муслимани | Имигранти | Земји на потекло |
|---|---|---|---|
| Франција | 10,0 | 10.4 | Север. Африка-Алжир |
| Германија | 7.0 | 12.3 | Турција,пор СССР,И.Европа |
| В.Британија | 4.0 | 9.1 | Азија,Пакистан,Кариби,Полска |
| Унгарија | 0.03 | 3.1 | Романиа, поранешни Унг.тер |
| Италија | 2.1 | 4.3 | Балкан,Романија,Африка |
| Холандија | 6.0 | 10.1 | Индонезија, Мароко,Турција |
| Полска | 0.07 | 1.8 | Украина, Ис.Европа |
| Португал | 0.14 | 7.3 | Африка, Украина |

Извор: Intolerance, prejudice and Discrimination, A European Report

Шифрите на горната табела покажуваат дека од вкупниот број имигранти во Франција (10.4%) Муслиманите ја сочинуваат најголемата бројка и тоа 10.0%, во Германија од вкупниот број имигранти (12,3%) Муслимани се 7.0% следуваат Холандија (10.1%) имигранти од кои 6.0% се декларирани Муслимани, Велика Британија

со 9.1% имигранти од кои 4.0% се декларирани како Муслимани, Италија со 4.3% од кои 2.1% Муслимани, Португал со 7.3% имигранти од кои 0.14% Муслимани, Полска со 1.8% имигранти од кои 0.07% Муслимани. Најмал број на Муслимани во однос на вкупниот број на имигранти живеат во Португал оттука можеби произлегува позитивниот одговор на Португалците во однос на многу прашања кои се однесуваат на Исламот затоа што процентот на постоење на предрасуди кон нив е помал во однос на другите земји.




табела: Графички приказ на соодносот Муслимани-Имигранти во некои земји на ЕУ.

Прва земја во светот која го воведе мултикултурализмот како официјална владина политика е Канада каде живеат и креираат културни вредности многу етнички групации. Освен имигрантите во Канада во времето на доаѓањето на колоните од Европа и Америка живееле и 56 автохтони народи со кои се потпишани договори за нивно признавање. Дискриминацијата врз основа на раса, јазик, боја,



СЕМИНАР ЗА СОЦИОЛОГИЈА

религија и пол била забранета со Декларацијата на правата, усвоена во 1960 год., додека во дополнувањата на Законот за имиграција во 1962 е наведено дека "секоја личност која ја има потребната квалификација, било од каде да доаѓа, може да имигрира во Канада независно од расата, бојата, националното потекло и земјата од која доаѓа". Овие закони сукцесивно биле дополнувани и во меѓувреме донесени и други кои ги озакониле правата и обврските на сите граѓани од мултикултурното општество согласно потребите на времето. Така на пример во 1988 год. е донесен "Официјалниот акт за мултикултурализмот" kаде во воведните напомени е напишано следното: "...Политиката на федеративната влада во областа на мултикултурализмот се состои во тоа да го поттикнува постоењето и взаемното почитување на разните култури во земјата, како и да го промовира исполнувањето и прогресивното изразување на овие култури во канадското општество"([30]).

Во Мултикултурниот акт се истакнува дека целта на законот е "...да се признава и промовира сваќањето дека мултикултурализмот е основна карактеристика на Канадското наследство и идентитет и дека тој претставува еден непресушен извор за обликување на иднината на Канада..."([31]).

Will Kymlicka ([32]) кој спаѓа во редот на големите теоретичари за канадскиот мултикултурализам како и за мултикултурализмот

---

[30] *La Loi sur l' Immigration, 1988*

[31] *Official Multiculturalism Act, 1988*

[32] *Kymlicka,W., Finding Our Way: Rethinking Ethnocultural Relations.Oxford: Oxford University Press,1998*

воопшто, ги набројува политиките кои треба да го збогатуваат мултикултурализмот како што се програмите за зголемување на бројот на малцинствата во институциите; претставувањето на малцинствата во парламентот; ревидирање на школските програми во делот на афирмирањето на историските и културните вредности на етничките малцинства, воспоставување на кодови на однесувања кои забрануваат појава на расизам во училиштата, креирање на антирасистички образовни програми, мултикултурно образование за полицајците и функционерите од областа на здравството, со цел да се запознаваат со потешкотиите кои ги доживувале семејствата на имигрантите; поддршка на фестивалите и програмите за техничко образование, услуги на возрасните на нивниот мајчин јазик, програми за двојазично образование на младите, и помош за транзициониот период, употреба на мајчиниот јазик и јазикот на земјата на приемот.

Според Жан Кретиен "...Канада веќе станала постнационално општество, едно мултикултурно општество. Тука може да се најдат луѓе од насекаде од светот. Канаѓаните знаат дека нивните две меѓународни јазици и нивниот диверситет се нивна конкурентска предност и извор на креативност и иновација. Канаѓаните историски и од потреба се отворени кон светот" ([33])

---

[33] *-Right Honourable Jean Chretien, Prime Minister of Canada, 200 Multiculturalism, Jean Chretien www.pch.gc..ca/multi.what-multi_e.shtml*

# *Глава II*

## *Историскиот процес на создавање на мултиетничка и мултикултурна Модерна Британија*

Големото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска е островска земја која се наоѓа на Северо-запад од Европа. Кралството го сочинуваат Англија, Велс, Шкотска и Северна Ирска. Велика Британија (Great Britain) значи геогравска целина која ја сочинуваат Шкотска со главен град Единбург, Велс со главен град Кардиф и Англија со главен град Лондон додека Обединето Кралство (UK) е геополитичка целина што ја сочинуваат Англија, Шкотска, Велс и Северна Ирска. Синтагмите Британија и британски се однесува на географската целина на Велика Британија.

Земјата за прв пат го добила името Britannia од римските усвојувачи. Првите освојувачки напади биле организирани од Јулие Цезар и земјата била ставена под римска доминација во 4 век пред н.е од римскиот војсководител Клаудиј. Римската доминација траела до годината 410 пред нашата ера после 400 годишно владеење на римјаните. На почетокот на 4 век пред нашата ера преку Северно Море дојде до инвазија на овие краеви од страна на Англо-Саксонците кои биле мешани племиња од Германија, Данска и Северна Холандија. Многумина од тие биле Англи, Саксонци и Јути и помалку Франки. Саксонците и Англите не биле дел од Римската империја затоа што римјаните ги нарекле нив варвари. Англите ( The Angles) како германско племе од Шлезвиг-Холштајн (чии корени се

во Данска) почнаа да емигрираат во 5 век пред нашата ера во Источна Британија и Northumbria и местото каде тие живеа се викало Englaland ( земја на Angli). Саксонците биле германско племе дојдено од Данска. Под притисок на миграциските трендови на Франките Саксонците се прошириле од Данска кон Западна Европа и се населиле во Англија претежно во Essex и Sussex и во Германија во Саксонија.




Фиг. Сегашната карта на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска со британските острови.

Норвешките и Данските Викинзи ја окупирале Британија во 9 век после тоа Британија била окупирана од страна на Нормանците.

Синтагмата Модерна Британија се однесува на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска после 1945 год.

Henry Tudor, принцот од Велс во 15 век стана Крал Henry VII на Англија, додека неговиот син Henry VIII ги обедини Велс и Англија под еден парламент во 1536 год.




*Фиг.2-Карта на Англо-саксонска Британија во 5 век пред н.е*

( Картата е превземен од: www.spartacus.schoolnet.co.uk/MEDanglo...)

Англија е конституирана како кралство на 12 јули 927 год. и така опстанува сé до 1707 год. кога и се соединува со Шкотска а претходно, во 1535 Велс, кој секогаш се сметал како провинција , се обединува со Англија.

Во историјата имало многу неуспешни обиди Шкотска по пат на инвазија да се припои кон Англија. Во 1603 год. после смртта на Кралицата Elizabeth I, Кралот на Шкотска James VI го наследи кралскиот трон на Англија и стана Крал Џејмс I (King James I) на Англија и Велс и Крал Џејмс VI (King James VI) на Шкотска. Двете држави беа раководени од една кралска круна до 1706 со два различити парламенти во две одвоени земји сé до Договорот за обединување на Шкотска и Англија во Кралството Велика Британија кој бил постигнат на 22 јули 1706 год.

Парламентот на Велика Британија, како обединет Парламент на Англија и Парламент на Шкотска, функционира од 1 мај 1707 и седиштето е во Вестминстер Палата ( Palace of Westminster) во Лондон и се состои од два дома: Долниот Дом или Дом на општините ( House of Commons) и Горниот дом или Дом на Лордови ( House of Lords) .

На 1 јануари 1801 е создадено Обединетото Кралство на Велика Британија и Ирска со Акт-от за обединување во 1800 и така Кралстото на Велика Британија стана Кралство на Велика Британија и Ирска. После граѓанската војна во 1921 год. со потпишување на Англо-Ирскиот Трактат во 1922 год. целиот остров на Ирска стана доминион на Ирска слободна држава (Irish Free State) на 6 декември

1922 додека Северна Ирска или Ulster утредента го искористи правото да се откаже од доминионот согласно одредбите на Трактатот и на 8 декември 1922 ја напушти Ирската слободна држава и потоа се приклучи кон Унијата. Дотогашното Обединето Кралство на Велика Британија и Ирска како таква функционираше сѐ до 1927 год. кога и се преименува во Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.([34]). Во знамето на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска е прикажан целиот тој историски процес: знамето на Англија го претставува крстот на Св. Горѓија, знамето на Шкотска е крстот на Св, Андреа додеда знамето на Ирска е крстот на Св. Патрик и на тој начин заедничкото знаме го претставува мултинационалниот состав на Обединетото Кралство.

После Втората светска војна Обединетото Кралство, со оглед на големите миграциски движења, снажниот економски и финансиски раст, осамостојувањето на некои нејзини колонии ( Индија, Пакистан и др.) потполно го смени нејзиниот лик. Од вкупно 375.000 Индуси, Сики, Муслимани кои во оваа земја емигрирале во 1970 сега има повеќе од 3 милиони емигранти , од кои 2 милиони се Муслимани, кои се интегрирале во британското општество или пак одбиле да се интегрираат живеејќи во нивни гетоа и претставувајќи нерешлив проблем за општеството во областа на растот на економскиот и другиот криминал, пораст на бројот на невработените, појава на внатрешен тероризам и друго.

---

[34] . *Извор : www.britannica.com/.../United-Kingdom -*

## *2.1 Британството и мултикултурализмот во Модерна Британија*

Современите токови на развојот на британското општество ги ставаат во знак на прашање размислувањата на многу социолози и политиколози од минатиот век за нацијата и функционирањето на општеството. Полемиките што денеска се водат меѓу политичарите и интелектуалците во Модерна Британија во потполност ги негираат концептите на Zimmern ([35]) или ги прифаќаат концептите на Smith ([36]) за нацијата и функционирањето на државата. Фактот што проблемот е повторно актуелизиран тоа значи дека истиот во мала или голема мерка постои во британското општество, но постоечките проблеми не излегле на површина поради авторитарниот однос на државата кон тие проблеми и кон етничките заедници кои ги поистоветиле со тие проблеми. Зиммерн сметал дека Англичаните потполно ја деполитизирале припадноста кон нацијата и во потполност го решиле тој проблем.

Таквото негово убедување според мое мислење доаѓа од фактот што во тоа време Велика Британија била голема колонијална сила која под нејзините закрилја ги имала неразвиените земји на Индискиот потконинент и Карибите кои економски потполно биле зависни од неа и со многу низок степен на образованост на населението. Бројот

---

[35] *A. Zimmern- (1939) The Third British Empire*

[36] *Smith, A.D., 1995 "Nations and Nationalism in Global Era", p. 21*

*"...Една етничка заедница, на една страна, може да се препознава со овие атрибути :митот за заедничкото потекло, споделувана историска меморија, чувството на солидарност или една асоцијација со одредена татковина..."*

на имигрантите од тие земји бил значително помал него што е сегашниот а поголемиот број дошле во Велика Британија во ерата на трговијата со робови и служеле по куќите на британската буржоазија.

Неколку децении Велика Британија била земја каде се изродиле демократските и политичките движења кои потоа го демократизирале политичкиот живот на нејзините колонии (Сеиндискиот конгрес на Ганди и др.).

Развојот на демократските мисли и демократијата во поранешните колонии како и растечкиот расизам во Велика Британија и растот на процентот на образованието кај населението кое се здобило со право на престој а потоа и со статусот на државјанин, придонело да напоредно со исполнување на обврските на тоа население кон британското општество се бараат начини за порамноправен нивен третман во општеството. Така на пример, тука се основале разни граѓански движења чија цел била да се бораат против расистичките движења и расистичкиот однос на белците против азиските и карибските црнци, понекогаш и со организирање на масовни демонстрации кои завршиле и со големи материјални штети и жртви (Брикстон, 1981 и други градови)

Додека во блиското минато концептуалните разлики за развојот на британското општество биле основани врз неприфаќањето на рамноправниот третман од страна на британските белци со тие што биле од друга боја (црнците) сега во современието, во ерата на сé поголемата светска меѓузависност како резултат на глобализацијата, разликите се повеќе се однесуваат на религиската припадност.

Британските политичари целиот акцент на незадоволството на Муслиманите го ставаат на дејствувањето на политичкиот Ислам.

Лидерите на "Муслиманскиот совет на Велика Британија" (МСВ), освен заедничките погледи околу можните причини за раѓање на домашниот тероризам од муслиманско потекло што ги споделуваат со британските лидери, имаат и одвоени поинакви мислења и ставови за општествената положба на Муслиманите ([37]) во оваа земја.

Компаративните истражувања покажуваат дека главната компонента на незадоволствата на црните Карипци и Азијати како и британските Муслимани со потекло од Бангладеш и Пакистан не е само културната исклученост туку нивната социјална положба: тие се најниско платени во сите сфери на економијата, со најслаби резултати во школувањето, со најголема стапка на невработеност, со најнизок стандард на живеењето, наспроти Индусите, Сииките и Кинезите кои многу добро се интегрирале во британското оптштество и покажуваат одлични резултати во школувањето, имаат повисок стандард на живеењето и се вработени во профитабилни гранки на стопанството каде најповеќе доминира апликацијата на високата технологија.

Тоа што е најкарактеристично посебно за овие две етнички групи (но не се исклучени и другите од црните азиати) тие живеат во посебни

---

[37] *Saleh Bechir an Hazem Saghieh: The "Muslim community": A European invention: имигрантите и нивните наследници кои се идентификуваат со "муслиманска заедница" дошле тука како Пакистанци, Мароканци,Турци, Ирачани: само после нивното акомодирање на Запад тие се трансформирани во "заедници".*

етнички енклави во предградието или во Источен Лондон што политичарите од опозицискиот блок и незадоволните граѓани од белите Британци милуваат да го наречат Лондонистан. Овој феномен на етничко и религиозно традиционално групирање Trevor Philips([38]), го споредува со гетоата во Чикаго. На оваа констатација остро се спротивставува Др. Ludi Simpson ([39]) кој долгу години академски го студира овој проблем. Според Др. Симпсон последниот попис (2001 год.) покажува дека сегрегацијата опаѓа во периодот од 1991-2001 год кај сите етнички групи во Модерна Британија додека сегрегацијата расте за некои религиозни групи во нејзиниот дел - Северна Ирска.

Неговите истражувања покажуваат дека сегрегација не е резултат создаден од општествената средина туку резултат на благосостојбата, неможноста да се најде добра работа и стан и да се школува во добри училишта. Аргументите кои се повикуват на социјална положба се најприфатливи затоа што имигрантите кои прво дошле во Велика Британија биле без адекватно школување или занатски вештини или пак не им се признало степенот на школувањето и се вработиле во ниско платежни гранки на стопанството и се вдомувале во станови од низок стандард.

Статистиката покажува дека Британците со потекло од Бангладеш и Пакистан и други Африкански земји живеат во семејства со поголем број на членови и немаат можности ниту да најдат работа во Централниот дел на Лондон ниту пак имаат финансиски можности

---

[38] *Philips,T.,: "Ghettos in English cities almost equal to Chicago"- Lecture in Machester on October 15, 2006*

[39] *Simpson,D.,: BBC, Октомври 15, 2006*

да изнајмуваат станови чии цени се до три пати поголеми од нивните плати. Овој е поглед од социјален аспект на проблемот. "Расовна само-сегрегација како и зголемената расовна сегрегација се митови за Британија. Прифаќањето на овие митови праќа пораки кои не им помагаат на политичарите. Британија е сегрегирана од нерамноправност, сиромаштија, благосостојба и можности а не од раса"([40]) констатира Симпсон.

Во извештајот на Bhikhu Parekh([41]), кој се повикува на статистичките извори се истакнува дека последиците на територијалната концентрација на црните Азијати не се толку оценети. Мнозинството од нив, над 96% живеат во Англија, само 2% во Шкотска и само 1% во Велс. Внатре во Англија поголемиот број од нив се концентрирани во Лондон, како е со 82% од Африканците, 49% Бангладешците, 42% Индијците, 35% Кинезите и 19% Пакистанците. Другиот аспект е исклученоста на религиските и етничките групации од страна на општеството.

Според Modood([42]) во втората половина на 20-тиот век генерална политика во САД, Канада и Велика Британија кон имигрантите била да им се овозможи статус на државјанство со прифаќање на асимилацијата. Тој смета дека проблемот постоел во неприфаќањето

---

[40] *Simpson,L.,: BBC, Октомври 15, 2006*

[41] *Parekh.B.,- (2005) Rethinking Multiculturalism, London*

[42] *Modood,T., Multicultural Politics, Racism, Ethnicity and Muslims in Britain "Тоа најдраматично се одразило кај Азијските Муслимани, посебно Пакистанците, кои за помалку од една декада се трансформирале од релативно пасивен елемент на„црна„ групација на високо енергична мобилизирана религиозна група- не базирана врз бојата и етничкиот идентитет„*

на културите на малите етнички групи затоа што тие групи требале да ја прифаќаат во целост културата на поголемата групација како повисока култура. "...Да побараш граѓанската рамноправност или социјалната прифатеност да зависи од откажувањето од овој идентитет значи да ги третираш луѓето со непочитување и да не им дозволиш да бидат тоа што се, на ист начин како што на другите им е дозволено" ( Modood, 2006).

И Charles Taylor ([43]) мисли дека исклученоста може да биде голема општествена штета. A. Savannah([44]) долгу години академски се занимавал со овој проблем, се осврнува на „ доминантната култура или единствениот пакет на вредности кој ги нарекува политика на асимилација. Интеграцијата, смета тој, "...значи коегзистенција на малцинските со мнозинските култури; асимилацијата бара апсорпција на малцинската култура во мнозинската. Целта на асимилацијата е создавање на монокултурно, дури и монорелигиско општество; целта на интеграцијата е мултикултурно, плуралистичко општетво".

Асимилацијата е нешто што Британија свесно го има отфрлено веќе 40 години. Според класичната дефиницијата на поранешниот

---

[43] *Charles Taylor: "...На многу начини искуството на Британските Азијати била борба против неприфаќањето, откако тие правеле напори да се ослободат од наметнатиот идентитет на политичко црнило. Тоа најдраматично се одразило кај Азијските Муслимани, посебно Пакистанците, кои за помалку од една декада се трансформирале од релативно пасивен елемент на„црна„ групација на високо енергична мобилизирана религиозна група- не базирана врз бојата и етничкиот идентитет 21 A. Sivanandan: "Attacks on multicultural Britain pave the way for enforced assimilation", The Guardian, September 13, 2006.*

[44] *Ibid.*

лабуристички Секретар за внатрешни работи Рој Џенкинс интеграцијата не е процес на асимилација туку еднаква шанса придружена со културен диверситет во една атмосфера на взаемна толеранција.

Споредувајќи ги теоретските политички размислувања на политичарите од главните политички партии и денешната општествена реалност во Модерна Британија констатација е дека реалноста на многуетничкото и со тоа мултикурното и мултирелигиското општество е прифатена дури и од политичките сили со десна ориентација кои во минатото имале крајно негативен став околу тоа. Аналитичарите констатираат дека политичките сили кои играле цврсто на теренот на имиграцијата и азилот пред изборите за возврат не се здобиле со адекватни поени од гласачите. Според нивните согледувања екстремно десните партии секогаш погрешиле кога играле на ваков "жежок терен". Нивните проценки дека бранот на имиграција на луѓето од Комонвелт ќе ја втурне земјата во хаос не излегле сосема точни, ниту пак и сегашните нивни ставови дека властите се многу неодлучни и „меки„ кон проблемот на азилантите и дека новите бранови на имигранти од новопримените земји на ЕУ ќе создаваат додатни проблеми во зголемување на процентот на криминалот, на невработеноста и со тоа ќе ги загрозува работните места на домородните британци (поради зголемување на компететивноста ќе паѓаат цените на услугите) не се покажуваа точни затоа што анализите покажуваат дека новиот бран на имиграција имал позитивен импакт во многу гранки, посебно во тие кои бараат висококвалификуван кадар (областа на високата

технологија и здравството) како и во областите кои бараат кадар со ниски квалификации.

Партиите кои биле против развојот на мултикултурното општество, како што е и Конзервативната партија позната и по својот евроскептицизам, во нивните раководни тела имаат членови од етничките заедници и во нивните програми се залагаат да го зголемуваат бројот на припадниците на етничките заедници во нивните списоци за локални и општи избори. Теоретските политички и интелектуални размислувања околу функционирањето и понатамошниот развој на мултиетничка, мултирелигиозна и мултикултурна Британија одаат во две насоки и тоа:

-како да се дефинира "британството" во смисол на државна припадност и тоа да е прифатливо за сите кои живеат во Велика Британија и

- кои се "британските вредности" кои треба етничките заедници да ги прифаќаат и се подразбира кои се мултиетничките вредности кои британците треба да ги прифаќаат.

## 2.2 Новите лабуристи, британскиот мултикултурализам и појавата на домашниот тероризам

Конзервативната влада на Маргарет Тачер не признаваше политика на мултикултурно општество. Нејзината изјава дека не сака да слуша што е тоа мултикултурно живеење јасно ја одразува владината политика кон постоењето на другите култури во Модерна Британија. Нередите во Брикстон 1981 год. потоа во Бирмингем и во други градови на Модерна Британија ги натераа британските политичари подлабоко да размислуваат за понатамошниот развој на британското мултиетничко општество.

Новите лабуристи во Модерна Британија повторно успеат да ја заживуваат нивната политичка програма после неколку едно подруго порази во домашната политичка сцена во која Конзервативците на Тачер и Мејџор убедливо доминираа . Појавата на Новите лабуристи се надоврзува тесно со појавата на политичка сцена на Тони Блер со неговиот музички и културен проект од 1994 год. кој стана мода на времето т.е " Cool Britanija". Тоа време многу музички групи и рок пеачи постигнуваат успех на светски музички брендови; британски поети и писатели стануваат најчитани во светот. Тони Блер тогаш најмалку имал амбиции да стане политичар оти својот имиџ го градел во студентските денови како музичар во Оксфорд Универзитетот.

Живеејќи во едно време кога британската економија беше многу слаба и во време на тачеризмот кога политичката платформа на конзерватизмот развојот на општеството го гледаше преку придонесот на граѓанинот, Тони Блер во политиката внесе нова

филозофија на градењето на општеството и тоа филозофија на комунитаризмот. Активната политика на Новите лабуристи се засниваше на политичката филозофија на Антони Гиденс, познат британски социолог.Тргнувајќи од премисите на политичка филозофија Новите лабуристи во нивната политичка програма најавија промени во политичкиот начин на водењето на државата со промени на односот кон етничките заедници и како резултат на тоа и на пописните листи за прв пат се појавува и категоријата на британски Муслимани кои после тоа станаа значаен фактор за време на комуналните и парламентарните избори. Сакајќи да отвори вистински дијалог со етничките заедници и да се ублажи нивниот револт за нерамноправниот статус во општеството Новите лабуристи прифатија да се востанови Муслиманскиот британски совет ( Muslim Council of Britain) како неформално тело за консултации со органите на власта кога се однесувало за прашања од положбата на Муслиманите во Модерна Британија.

Муслиманскиот Совет на Британија и Новите лабуристи живеа во хармонични политички врски се до 2000 год. кога се појави криза меѓу нив поради надворешната политика на Тони Блер во однос на воената интервенција без мандат на ООН во Ирак. Тогаш во политичкиот живот на Велика Британија се појави анти-воена коалиција која на антивоените демонстрации успеа да собира повеќе од 2 милиона демонстранти. Кон оваа коалиција се приклучи и Муслиманскиот совет и јасно покажаа дека нема да ги следат лабуристите бесконечно без тие да ја модифицираат нивната надворешна политика кон арапските земји.

Настаните од 7 јули 2005 год. во Велика Британија ја шокираа во целост британската јавност поради фактот дека изведувачите на бомбашките напади беа млади Британци од муслиманско потекло, родени и едуцирани во оваа земја (прв случај на појава на внатрешен тероризам во една земја на ЕУ) и го променија во целост политичкото размислување кај сите слоеви на општеството: белите британци станаа се по неторалерантни кон црнците, христијаните некои феномени ги чувствуваа на подруг начин од муслиманите; овие последните имаа чувство на дискриминираност од државните институции, азиатите се чувствуваа подруго од африканците, интелектуалците и политичарите почнаа да размислуват посериозно и секој на свој начин околу функционирањето на британското мултиетничко општество. Овие дилеми се обидува да ги објасни меѓу другото и Боб Ајерс, *меѓународен експерт* за безбедност од Chatam House([45]), кој го истакнува следното: "Во случајот на бомбашите на 7 јули ние ги имаме децата од мултикултурното опшетсво... Тие биле родени во Обединетото Кралство, биле едуцирани во Обединетото Кралство, имале прилично добра работа во Обединетото Кралство. Тие деца го добиле сето тоа што мултикултурното општество очекува да го добиваат децата од првата генерација имигранти и тие подигале рака врз општеството.Зошто?".([46])

Како што во САД синоним на промените кон лошите состојби е 9/11.2001 во Велика Британија тој синоним е 7/7.2005 год..

---

[45] *Chatham House-Кралски институт за меѓународна политика во Лондон*

[46] *Financial Times, 8 August 2005, стр.5*

Различитоста во овие две општества се состои во тоа што САД, како релативно нова држава со традиција на постоење од повеќе од 250 години, е земја на доселеници од сите краеви на земјината топка додека Велика Британија е земја со повеќе од илјада години традиција на постоење и до скоро главна колонијална сила во светот. Заедничко е тоа што во двете земји последните години главна преокупација е усовршување на методите и системите на борбата против меѓународниот тероризам и во најново време од домашниот тероризам.

Изгледа дека земјите како што се Велика Британија и Франција, кои во минатото се градеа врз познатиот прицнип на држава-нација и кои тој принцип го негуваа како нивна највисока вредност и национална гордост, во процесот на сé поголемата глобализација во меѓународните односи се соочуваат со големи предизвици за кои сеуште немаат пронајдено успешни механизми за успешно разрешување на општествените проблеми со кои се соочуваат во современиот свет. Во времето кога Французите жестоко дебатираа околу почитувањето на секуларниот карактер на нивната држава од страна на тамошните муслимани со тоа што на муслиманките не им дозволија носење на хиџабот во образовните институции, Британците сметаа дека тие се банални прашања за нивното општество и дека прашањето на функционирањето на мултиетничкото општество многу подобро е решено кај нив него во било која друга земја во светот. Заедничко во двете земји е тоа што предизвиците на функционирањето на мултиетничката држава се во развојот на односите меѓу домородното население кое има историски

корени на тие простории и доселениците од нивните поранешни колонии претежно од исламска верска исповест, но и од Карибите.

Во едно истражување направено од Канал 4 на ББС во 2005 год, ([47]) половина од испитаните Муслимани кога зборуваат за Велика Британија не го употребуваат изразот "моја земја" туку изразот "нивна земја". Тоа што е шокантно за денешните млади генерации родени и израстени во оваа земја е дека секој трети анкетиран британски Муслиман подобро би сакал да живее во една средина каде би се примениле правото на Шеријатот отколку британските закони; 81% се изразиле дека најпрво се чувствуваат како британски Муслимани па потоа граѓани на оваа земја. Од друга страна од француските Муслимани 46% се изразиле дека прво се чувствуваат французи па потоа муслимани додека 42% го сметат себе си за граѓани. Анализирајќи ги овие феномени на однесување на Муслиманите во овие две земји , познатиот коментатор на "Гардијан" Timothy Garton Ash доаѓа до заклучок дека можеби главната причина лежи во фактот што поголемиот број на британските Муслимани нивните етничките корени ги имаат во Пакистан, Индија и Бангладеш, или од Исламот на Јужна Азија, посебно од регионот на Кашмир кој се смета за екстремно порелигиозен додека Муслиманите на Франција корените ги имаат од Исламот на Магреб.

Една од причините што младите Муслимани тешко се интегрираат во општеството според Timothy Garton Ash, е дека "...Британија сега е една од наслободните општества во Европа. Посебно ние младите

---

[47] *www.bbc.co.uk/iplayer/tv/bbc_four/*

Британци во урбаните средини, каде младите Муслимани во главном живеат, пиеме често пати многу алкохол, спиеме насекаде повеќе, живееме со помалку проблеми во семејство од двајца, и помалку религиозни сме од било кој во светот. Јасно е тоа што младите британски Муслимани го кажуваат дека дел од нивната реакција е и против ваквиот начин на секуларен, хедонистички и аномичен (недостаток на морални стандарди) стил на живеење...".([48])

Велика Британија, според најновите статистички показатели, од година до година станува се по мултиетничка и мултикултурна земја. Нејзиното население расте побрзо него било кога досега во нејзината историја. На генерациите родени тука, чии корени се од ерата на колонијализмот и трговијата со робови претежно од Пакистан, Индија, Бангладеш и Карибите, за некои години ќе им се приклучат и генерациите чии корени се од новопримените земји на ЕУ. Имајќи ги предвид предизвиците со кои се соочува Велика Британија со неконтролираниот раст на населението, порастот на ризикот од терористичките активности на одредени екстремни групации, раст на криминалот и др., во земјата е отворена широка јавна дебата околу имиграционата политика сега и во иднина, расчистување со разните теоретски и практични дилеми околу (не)успехот на мултикултурниот развој на земјата.

Со цел државата да го искоренува институционалниот расизам како и да ја ублажува економската, социјалната, образовната и културната

---

[48] *Timothy Garton Ash:2006 "What young British Muslims say can be shocking-some of it is also true", The Guardian, August 10*

нерамноправност се формирани разни институции и комисии за таа намена. Покрај многу комисии кои постојат како во владиниот така и во невладиниот сектор а чии програмски определби се оневозможување и спречување на расната дискриминација, интеграција на разните етнички и религиозни групи во општествениот живот, Ruth Kelly([49]), министер за локална самоуправа во Владата на Блер, покрена иницијатива и придонесе да се основа владина Комисија за интеграција и кохезија. "Има луѓе кои не се чувствуваат добро со промените... ", вели во својот говор Кели, "Тие гледаат дека продавниците и ресторанте во нивните градови се менуваат. Тие гледаат дека нивната околина станува се поразличита. Изземени од придобивките на овие промени, тие почнуваат да им веруваат на приказните дека етничките малцинства имаат специјален третман... Ние сега се движиме од времето на едногласниот консензус кон вредностите на мултикултурализмот кон тоа да поттикнеме дебата со давање на одговор на прашањето дали тој го поттикнуваше раздвоеноста".([50])

Во Модерна Британија овие проблеми најсериозно се сваќаат од сите, па дури и од обичните граѓани. Голем број на Британци имаат аверзија кон нивниот главен град Лондон затоа што е тој мултикултурен, англискиот јазик кој е главен официјален јазик во

---

[49] *Ruth Kelly-Државен секретар за заедниците и локалната самоуправа во 2006 год. во Велика Британија во Владата на Тони Блер*

[50] *Ruth Kelly-Инаугуративен говор по повод конституирањето на Комисијата за интеграција и кохезија*

*www.communities.gov.uk/speeches/.../commission-integration-cohesion*

институциите на земјата и кој доминира во светските економски и политички институции и настани, низ улиците на Лондон не е веќе подоминантен јазик од повеќе 250 јазици кој дневно се зборуваат тука, во метроа, продавници, посета на музеји. Владата ги земала за сериозни укажувањата на водачите на етничките заедници дека изолирањето на странците (кои сега во голем број имаат и британско државјанство) не води кон интегрирање и затоа донесе одлука да покрај државните институции и приватните фирми се обврзуваат адекватен процент на нивните работници да бидаат од редовите на етничките заедници.

Експертите и политичарите велат дека нема да има интеграција на ниедна етничка заедница се додека во школите децата се одвоени, (David Cameron 2010) се додека паралелно постојат индиски, бангладеши и муслимански училишта, се додека медресите наместо да ги спремаат децата за предизвиците на 21 век ги учаат за средно-вековната идеологија, се додека функционираат гетоата и се додека одредена категорија на граѓани веќе не живее во Лондон туку во Лондонистан а овој последниот не е создаден сега туку со децении од една и друга влада, од една до друга генерација. "Не сме спокојни, ми вели госпоѓа Patricia Nugee, факултетски образована жена во години. Не може да живееме спокојно во нашата земја од Муслиманите, вели таа. Порано беше подобро". Кога вели порано, таа мисли на времето на Тачер, кога конзервативците биле на власт.

Фактите зборуваат дека Велика Британија не станала многуетничка и со тоа мултикултурна за две децении колку владееле Лабуристите на Тони Блер и Харолд Вилсон: таа почнала да стане многуетничка

уште во 17 век кога дојдоа првите странци да служат во салоните на англиската буржоазија, кога дојдоа африканските робови кои тогаш биле на цена, карипските робови од времето на колонијализмот, потоа 50 и 60 -тите години од минатиот век кога тука дојдоа Пакистанците како ѓраѓани на нивната поранешна колонија Индија. Голем дел од тие етнички заедници со време успешно се интегрираа и работат во администрацијата или раководат со институциите каде првиот збор го има високата технологија, како што се Индијците, другите работат работи кои се најниско платени во Велика Британија како што се Бангладешите додека третите се развиваат во нивното гето со највисок степен на невработеност, со недоверба кон институциите на системот; луѓе непосакувани од британската средина која ги гледа со израз на внатрешен гнев дека тие им пречаат во нивниот економски, политички и социјален и културен развој.

Тие што не ја знаат реалноста на Модерна Британија мислат подруго; дека таа е земја исклучено населено со Англичани, Шкоти и Велшани и мали групи Африканци, Азијати и Карибци и не знаат дека глобализацијата го чини своето; тие не знаат дека во Велика Британија живеат повеќе од 4.5 милиони Американци толку колку што Британци живеат и работат во САД; бројот на Германците се движи до 300 иљади и повеќе од 400 иљади, Полаците се идното потенцијално население на оваа земја. Но тука сите се свесни дека концептот на државата нација кој се градеше од 19 век во Европа е надминат концепт кој има потешкотии да опстојува а камо ли да функционира во 21 век. И самата Европска Унија го има отфрлено тој

концепт со самиот факт што државите доброволно се откажале од делови на нивниот државен суверенитет. Во светот сѐ е јасно и јасно се гледа дека скоро не постојат изолирани држави каде живее само еден народ и каде се развива исклучиво една култура.

Основниот концепт околу кој во Модерна Британија се развиваат политичките, филозовските и социолошките размислувања,т.е концептот на развојот на мултикултурното општество денес е во раскрсница (David Cameron 2011) ([51]). Дали тука ќе се отфрли или ќе се потврди теоријата на Huntington за судир на цивилизациите и религиите времето ќе покаже. Тоа ќе зависи и од фактот дали ќе зајакне или ослаби политичкиот Ислам и дали ќе остане само во рамките на религиозните норми или тие норми ќе ги стави во функција на политичките цели. Тоа исто така ќе зависи каков однос ќе има западната цивилизација кон муслиманските земји затоа што тука постои големо убедување меѓу интелектуалните и политичките кругови дека дел од внатрешната ситуација која се одликува со непостоење на хармонија меѓу етничките и религиозните малцинства лежи и во надворешната политика на земјата која има погрешна стратегија за развојот на демократијата во муслиманските земји.

Аргумент повеќе што го потврдува немањето на стратегија и доволни сознанија за муслиманските општества е активното ангажирање на владата на Дејвид Камерон во соборувањето на режимот на Гадафи во Либија минатото лето со надеж дека авторитарниот режим ќе го наследи подемократски режим. Промената на режимот во Либија

---

[51] *Cameron, D., 2011 State multiculturalism has failed, BBC News UK Politics www. bbc.co.uk*

покажа дека меѓународната заедница ангажирајќи се во соборување на диктаторскиот режим на Гадафи ја постигна само воената цел додека политичките цели останаа неисполнети од причина што новиот режим сеуште нема јасна демократска платформа за развој на либиското општество.

Демократските движења во многу муслимански земји опишани како "арапска пролет" јасно ја потврдуваат политиката на западно-европските земји кон развојот на човековите права, демократијата и општеството во арапските земји. Треба сепак длабоки социолошки, политички и други анализи зошто муслиманите од тие земји кои живееат и работаат во некои западно-европски цивилизации сеуште настојуваат да живеат во општества на диктатури и непочитување на човековите права и слободи во времето кога тие вредности се отфрлени од нивните браќа кои сеуште живееат во земјите од каде тие мигрирале.

Политичкиот Ислам прво беше поддржан од САД и Саудиска Арабија кога најмоќната воена и економска сила во светот ги поддржа екстремните муслимански организации под името Вахабисти во војната за ослободување на Авганистан од руската окупација во 70-тите години. Во Обединетото Кралство се присутни разни исламски политички групи. Покрај Вахабистите кои се политички групи со радикално исламско однесување, активни се и салафистите кои нивната политичка активност ја применуваат во вид на одржување на лекции во џамиите и политичката организација « Муслимански браќа» која во суштина се претставува како сéарапско движење.

## 2.3 Етничките групи во Велика Британија од 1992-1997

Според резултатите од пописот на населението и домаќинствата во Велика Британија во 2001 год. бројот на вкупното население е 60 милиони  жители. Поради големиот тренд на имиграционите движења се проценува дака не секои четири години населението се зголемува за околу милион жители, така што сега вкупниот број на населението е 61,500.000 или нешто повеќе.

За прв пат во историјата на пописот на населението во 1991 год. е воведено прашањето за припадноста на етничката малцинска група. Во 1997 год. вкупната бројка на етничките малцинства беше 3.600.000 или 6,4% од вкупниот број на населението. Етничките заедници во најголем процент живеат во Great London.

Таб.1 Етничките групи во Велика Британија според пописот од 2001 год.

| **Етнички групи** | **Население во илјади** | **Проценти од целото население** |
|---|---|---|
| Бели Британци | 50,366,497 | 85.67% |
| Бели (други) | 3,096,169 | 5.27% |
| Бели Ирци | 691,232 | 1.2% |
| Мешана група | 677,117 | 1.2% |
| Индијци | 1,053,411 | 1.8% |
| Пакистанци | 747,285 | 1.3% |
| Бангладеши | 283,063 | 0.5% |
| Други азијци (некинези) | 247,644 | 0.4% |

| Етнички групи | Население во илјади | Проценти од целото население |
|---|---|---|
| Црни Карипци | 565,876 | 1.0% |
| Црни Африкани | 485,277 | 0.8% |
| Црни(други) | 97,585 | 0.2% |
| Кинези | 247,403 | 0.4% |
| Други | 230,615 | 0.4% |

Извор: Census 2001 www.statistics.co.uk

Во долната табела е прикажан процентот на учеството на религиските групи во Модерна Британија каде се гледа дека во Англија, Велс и Шкотска Христијаните се прва религиска група додека Муслиманите втора религиска група., потоа следуваат Евреите, Будистите, Хиндусите и др.

Таб. 2: Религиски групи во Велика Британија

| | Англија/ Велс | Шкотска |
|---|---|---|
| Христијани | 71,75% | 65,09% |
| Муслимани | 2,97% | 0,84% |
| Евреи | 0,50 % | 0,13% |
| Будисти | 0,28% | 0,13% |
| Сики | 0,63% | 0,13% |
| Хинду | 1.06% | 0,11% |

| | | |
|---|---|---|
| Други | 0,29% | 0,53% |
| Непознато | 14,81% | 27,55% |
| Без одговор | 7,71% | 5,49% |

Состојбата е подруга во Северна Ирска каде има сериозни сектаријански разлики меѓу самите Христијани, и така религиската карта таму излега како следи:

Религиски групи во Северна Ирска.

| | |
|---|---|
| Католици | 40,26% |
| Протестанти | 45,57% |
| Други | 0,30% |
| Недекларирани | 13,88% |

Извор: Office for National statistics. www.statistics.co.uk

Таб. 3-Учество на етничките групи во вкупното население во проценти

| | Проценти на вкуп.население | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 | 1997 | 1994 | 1995 | 1996 | 1997 |
| Црни Карипци | 0.9 | 0.9 | 0.9 | 0.9 | 0.9 | 0.9 | 509 | 486 | 494 | 526 |
| Црни Африканци | 0.5 | 0.4 | 0.5 | 0.6 | 0.6 | 0.6 | 274 | 292 | 313 | 352 |
| Црни други (не мешани) | 0.1 | 0.1 | 0.1 | 0.2 | 0.2 | 0.2 | 880 | 90 | 139 | 132 |
| Црни мешани | 0.2 | 0.2 | 0.2 | 0.3 | 0.3 | 0.3 | 12 | 142 | 167 | 175 |
| Индијци | 1.7 | 1.5 | 1.6 | 1.5 | 1.6 | 1.6 | 887 | 866 | 895 | 925 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пакистани | 0.9 | 1.0 | 0.9 | 1.0 | 1.0 | 1.0 | 525 | 548 | 582 | 587 |
| Бангладеши | 0.3 | 0.3 | 0.3 | 0.3 | 0.4 | 0.4 | 182 | 184 | 198 | 209 |
| Кинез | 0.3 | 0.3 | 0.3 | 0.2 | 0.2 | 0.3 | 142 | 123 | 131 | 157 |
| Други Азијци (не мешани) | 0.2 | 0.3 | 0.3 | 0.3 | 0.3 | 0.3 | 176 | 173 | 157 | 192 |
| Други (немашни) | 0.2 | 0.2 | 0.2 | 0.2 | 0.2 | 0.2 | 137 | 136 | 120 | 132 |
| Другиr – мешани | 0.2 | 0.3 | 0.3 | 0.4 | 0.4 | 0.4 | 180 | 197 | 199 | 212 |
| Сите етнички малцински групи | 5.8 | 5.7 | 5.7 | 5.8 | 6.0 | 6.4 | 3.214 | 3.237 | 3.394 | 3.599 |
| Бели | 94.2 | 94.2 | 94.2 | 94.2 | 93.9 | 93.6 | 52.727 | 52.894 | 52.933 | 52.936 |
| Вкупно население | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 55.955 | 56.144 | 56.343 | 56.550 |

Извор: Labour Force Survey 1999. Податоците земени од Population Trends 96, Office of National Statistics www.statistics.co.uk

Таб.4-Учество на етничките групи во вкупното население во проценти во период 1992-1997

| | Население во илјади | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1922 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 | 1997 |
| рипци | 496 | 520 | 509 | 486 | 494 | 526 |
| фриканци | 266 | 250 | 274 | 292 | 313 | 352 |
| уги(не мешани) | 81 | 78 | 880 | 90 | 139 | 132 |
| ешани | 126 | 120 | 12 | 142 | 167 | 175 |
| | 949 | 862 | 887 | 866 | 895 | 925 |
| ни | 522 | 560 | 525 | 548 | 582 | 587 |
| цеши | 189 | 177 | 182 | 184 | 198 | 209 |
| | 146 | 150 | 142 | 123 | 131 | 157 |
| зијци (не мешани) | 135 | 160 | 176 | 173 | 157 | 192 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| руги (не мешани) | 114 | 122 | 137 | 136 | 120 | 132 |
| ешани | 184 | 187 | 180 | 197 | 199 | 212 |
| ички малцински групи | 3.208 | 3.187 | 3.214 | 3.237 | 3.394 | 3.599 |
| | 52.382 | 52.571 | 52.727 | 52.894 | 52.933 | 52.936 |

Во прашалникот за изјаснување според националниот идентитет на лицата кои се попишуваат во Англија за Пописот од 2011 (резултатите сеуште необјавени) се рангираат:

-Англичани

-Велшани

-Шкоти

-Северно-ирци

-Британци, и други

Во етничка група, според прашалникот влегуваат:

**А- Бели**

Англичани/Велшани/Шкоти/Северно-ирци/Британци

Ирци

Цигани или Ирски скитници

Други со минато белци,

**Б-Мешани / мултиетничко минато**

-Бели и Црни Карипци

-Бели и Црни Африканци

-Бели и Азијци

-Било кој мешан

**Ц. Азијци**

-Индијци

-Бангладеши

-Кинези

-Било кој друг со Азијско минато,

**Д. Црни/ Африканци/Карипци/Црни Британци**

-Африканци

-Карипци

-Било кој друг ЦРН / Африканско/Карипско потекло,

**Е. Друга етничка група**

-Араб

-Друга етничка група

Во пописниот прашалник за пописот од 2011 год. се наведени и прашањата за религиозна припадност и се наведени следните религиозни групи:

-без религија

-христијани ( Англиска црква, Католичка, Протестантска и дриги христијански групи)

-будисти

-хинду

-евреи

-муслимани

-сики -

друга религија

Во прашалникот за попис на населението во Велс се содржани истите прашања кои се однесуваат на етничката група со модификација на прашањето бр. 16 каде под А. Во категоријата "бели" на прво место се ставени Велшани/ Англичани/Шкоти/Северно-ирци/Британци. Модификација на прашањата се направени и во параграфот кој се однесува на зборувањето на јазиците каде под точката 17. е поставено прашањето дали разбирате, читате или пишувате велшки , потоа прашања од типот дали англиски или велшки е главен нивен јазик и колку добро го зборуваат англискиот јазик. Прашањата на религиска припадност се исти.

## 2.4 Историските трендови на доселување во Модерна Британија

Доселувањето на странците во Велика Британија е поврзано со разните етапи на развојот на британското општество. Разните етнички групации се доселуваат во оваа земја согласно економските потреби на земјата на приемот и доселеничките групи. Тие бранови не доаѓале само од една земја, туку од цели региони, претежно од неразвиениот свет и од земји кои потоа стануваат со векови британски колонии. Секако дека најголемиот дел на доселениците се од Индија и Карибите (52) кои како четвртта и петта. генерација се интегрирани во британското општество како британски државјани.

---

[52]. *Карипси острови и земји: Антила, Антигуа& Барбуда, Аруба, Бахамас, Барбадос, Белизе, Кајмански острови, Куба, Доминиканска република, Гренада, Годелуп, Хаити,Хондурас, Џамајка, Мартиник, Холандски*

Втората категорија на доселениците, немајќи можност на јасна етничка и културна идентификација се идентификуваат врз религиозна основа како « Муслимани » и како такви не биле признати од британските власти затоа што таа категорија била призната како религиозна а не етничка. Тука пред се доселениците кои доаѓале од Пакистан, па потоа од Бангладеш и мал број од другите земји од Африка со исламска вероисповест. Во сегашно време најновиот бран економски имигранти доаѓаат од Европа, претежно од новите земји членки на ЕУ како резултат на политиката на слободното движење на граѓаните и на стоките претежно од Источно-европските нови демократии и повеќе од Полска (околу 500.000). Што се однесува до проширувањето на ЕУ со нови земји членки Модерна Британија, во спротивност со европското достигнување на слободата на движењето на луѓето, идеите и капиталот има воведено принцип на забрана на работно ангажирање на државјаните на Романија и Бугарија со цел да ја одбрани земјата од прекубројна имиграција од овие две земји.

Општа карактеристика на поранешните доселувања е тоа дека тие дошле од земјите со големи културни , расни и континентални разлики кои сé потешко се интегрирале во британското општество. Нивното доселување претежно имало мотиви на економска и физичка експлоатација. Тие биле донесени како робови во Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, работеле претежно тешки физички работи додека еден симболичен број работеле во салоните на британската буржоазија.

---

*Антили, Пуерто Рико, Св. Китс и Невис, Св. Винсент и Гренадине, Британски Вирџин острови, Тринидад анд Тобако*

Корените не присуството на муслиманите во Модерна Британија се далечни и тие датираат од 9 век на нашата ера кое се потврдува со откриен исламски натпис во југо-источна Ирска како и железна монета со муслиманско писмо од времето на Кралот Offa во 8-миот век. Според авторот на „Азијатите во Британија„ првиот жител на Индија, прекрстен во христијанин дошол во 1471 год. како роб кој служел во салоните на британски буржуј. Поголемиот број на муслимани доаѓаат од Индија на почеток на 18-тиот век и потоа скоро два века непрестано британските трговци ги употребиле како морепловци, луѓе кои ги движеле физички нивните бродови. Некои од тие морепловци останале и се жениле во Кардиф, Глазгов, Ливерпул, Лондон и создале нивни семејства. Во тоа време се забележува голема афирмација на Исламот во светот така што познати британци го прифатиле Исламот меѓу кои петтиот Барон од Хадли, William Quilliam, поет и правник, човекот кој ја основал првата џамија во 1889 god. во Вокинг,( Сари) и преведувач на светата книга Кур`ан, познатиот Marmaduke Pickthall.

После првата светска војна Модерна Британија се соочила со недостаток на работната сила така што најзначајниот бран на доселеници е од 50-тите години. Дојдени од Јужна Азија тие се доселиле во индустриските центри во централна Англија како и во текстилните центри како што биле Ланкшајр и Јоркшајр.Денешните муслимани имаат широк национален и културен беграунд, доаѓаат од разни земји и живеат претежно во Лондон, Бирмингем и Брадфорд .

Историјата забележила дека почетоците на проширувањето на Исламот во Англија започнува со конвертирањето на Англичаните во Ислам поточно со John Nelson во 16 век и отворањето на првата катедра за арапски јазик на Оксфорд и Кембриџ во 1630 год. , потоа преведувањето на Куран-от од страна на Александер Рос во 1649 год., доселувањето на муслиманите од Индија од страна на приватната компанија “ Источна Индија” во 1700 год., изградбата на џамијата во Лондон со помош на британската влада во 1940, отворањето на Муслиманскиот културен центар во Реџентс Парк во Лондон во 1944 год.; потоа во бранот на muслимани кои доаѓаат од Уганда и Кенија,

протерувањето на муслиманите од страна на Иди Амин во 1972 год., номинирањето на лордовите Nazir Ahmed и баронесата Pola Uddin во Домот на Лордовите, основањето на првата исламска банка во Европа во 2004 год.во градот Бирмингем и именувањето на Asim Hafiz како муслимански капетан на одбранбените сили.

И покрај тоа што британските политичари сметаат дека Исламот е увезен во Модерна Британија и се зборува за категорија на " Ислам во Британија", фактите покажуваат дека тоа е " Ислам на Британија" , роден и развиен тука со векови. Сепак ноторен факт е дека Исламот тука се проширува скоро четири векови после создавањето на Кралството Англија во 10-тиот век.

Таб. 1 Концентрација на Пакистанците, Индијците, Кинезите и др. во Great London




www.statistics.co.uk

Графичкиот приказ покажува дека 80% од Африканците, 57% од Афро-карибците, 49% Бангладеши , 42% Индијци, 35% Кинези, и 19% Пакистанци од вкупната популација која живее во Обединетото Кралство живее во Голем Лондон.

## 2.5 "Британството" и "британските вредности" според британските политичари и интелектуалци

Обидувајќи се да дефинира што е тоа британска национална припадност Michael Wills ([53]) констатира дека е тешко да се создаде чувство на припадност на една нација ако луѓето не чувствуваат дека за да бидат дел на имагинарна заедница нема да почуствуваат некоја добивка. Марк Леонард([54]) смета дека "една од сигурните знаци дека Британија поминувала низ криза на идентитет во последната декада бил колапсот во поддршката на многу национални институции: House of Commons, монаркијата, судството и граѓанскиот сервис. Интересно е дека некои институции успеале да ја имаат цврстата народна поддршка во испитувањата на јавното мнение: NHS (Национален сервис за здравство), армијата и ББС".

На оваа тема гласно размислувале и сеуште размислуваат поголемиот број на политичари и политички партии вклучувајќи ги тука Тони Блер и неговиот наследник Гордон Браун исто како и Дејвид Камерон од Конзервативната партија и неговиот министер за внатрешни Дејвид Дејвис. Ниту Маргарет Тачер и неговиот наследник Џон Мејџор не биле поштедени од такво размислување.

За време на министерувањето на Дејвид Бланкет со Home Office (Внатрешни работи) во 2000 год., (еден од политичарите- идеолози на Лабуристичката партија), дефиницијата на концептот на припадност кон нацијата е внесена во "Белата книга" и тоа во поднасловот "Диверситетот во Модерна Британија". Според тој документ "Заедничкото државјанство не се основа на културната униформност туку е роден надвор од некое плитко размислување или напуштено размислување на тоа што значи да бидеш британец. Владата го поздравува богатсвото на културниот диверситет кој имигрантите го

[53] *Wills,M.2000 "What defines British Values?" London:Foreign Policy Center*

[54] *Leonard, M., 2002 Reclaiming Britishness, Project, The Foreign Policy Center,*

донеле во Обединетото Кралство-нашето општество е мултикултурно кое е манифестирано од нејзините разни народи". Државна припадност, според документот, значи "потполно учество во британското општество". Ние, стои понатаму во Белата книга, "...сакаме да британските државјани позитивно го прифаќаат диверситетот на нивното минато, културата и верата кои се нашиот бренд на квалитет во 21 век".

Додека во блиското минато за "британските вредности" (во 2001 год.) пишувале најповеќе политичари (Хен 2001 и Бланкет 2001) како и членовите на конзервативната партија, денес тоа е редовна тема при јавниот настап на интелектуалци и политичари било на телевизиски настапи, било на разни предавања кои ги оддржуваат во образовни, културни и политички институции. " Според Michael Wills([55]) (но и според многумина други) луѓето треба да ги споделуваат заедничките "британски вредности*" кои се: "креативноста изградена врз толеранција, отвореноста и адаптибилноста, работата и самодокажувањето, јаките заедници и реалниот поглед кон светот...„

Но Јасмин Алибаи-Браун([56]), самата припадник на индиска етничка заедница, мисли подруго и според неа сосема нормално е луѓето да зборуваат за шкотска и велшка припадност, за шкотски и велшки

---

[55] *Michael Wills: What defines British Values? The Foreign Policy Centre, 2002*

*Michael Wills([55]) смета дека "...за големото мнозинство на народот во Обединетото Кралство, нашиот британски идентитет останува критична точка како ние гледаме на себеси... Сигурни дека нашиот национален идентитет е сигурен, отворен за дискусија, многу значаен во Британија него во било која друга европска земја затоа што најмногу од било која друга европска земја нашиот национален идентитет е предмет на избор-ние сме родени Англичани, Шкоти или Пакистанци но заедно сме избрале да бидеме Британци. Да бидеш Британец не е предмет на етникум или територија, то е избор да живееш заедно... Јас мислам дека Британија ќе биде успешен експеримент во мултинационалното и мултикултурното живеење. Јас мислам дека унијата на нашите четири нации низ стотина векови побарала толеранција и отвореност кон другите што е бренд на морално и динамично општество*

[56] [56] *Yasmin Alibhai-Brown ; " The Excluded Majority: What about the English?", The Foreign Policy Center, 2000, стр.145 .Таа е истражувач во Центарот за надворешна политика и познат колумнист на „ The Independent",*

парламент но кога се зборува за парламент на Англија тогаш настануваа бура на разни толкувања и размислувања.. Таа смета дека задача за "идниот век е да се создаде мултиетнички британски идентитет, кој е инклузивен а не ексклузивен; прогресивен и не е покриен под патос и кој нема да сонува за минатото".

За прифаќањето на "британските вредности и британството" апелираа во јули 2005 год. веднаш после терористичките настани и Кралицата Елизабета II, поглаварот од Кантербери на Англиканската црква надбискупот Ројам Вилијамс како и премиерот Тони Блер. Сите тие сметаа дека терористите сакаат да наметнаат свои вредности со отфрлување на британските вредности. На таа тема повторно се наврати Блер за време на годишната конференција на Лабуристите([57]) со следна констатација; "...За овие осум години ние сме ја добиле битката на вредностите. Времето во кое живееме е демократија а не диференцијација. Ние мислиме на солидарност. Ние живееме на ерата на социјална правда; во ерата на можностите, не за малкумина привилегирани луѓе туку за сите, без оглед на тоа како стартирале во животот. Ние веруваме во толеранција и почитување, во јаки заедници, кои стојат до и зад послабите, болните и до беспомошните... Во нашите вредности ние сме обединети".

Џек Строу ([58]), кој со една колумна објавена втората половина на октомври во "Дејли мејл" ја разбрани целата британска јавност и иницираше широка дебата во интелектуалните и политичките кругови во Велика Британија околу носењето на niqab ([59] ), на едно свое предавање повикува на градење на "...јако чувство за споделен британски идентитет кој е потребен меѓу сите етнички и религиозни групи..."([60]). Строу смета дека луѓето го гледат себеси „повеќе во светло

---

[57] *Тони Блер: Говор на годишното собрание на Лабуристите во Брајтон, октомври, 2005*

[58] *Поранешен Секретар за одбрана и потоа Секретар за надворешни работи, сега лидер на Долниот дом.*

[59] ***niqab***- *покривање на целото лице на дел од Муслиманките.*

[60] *Џек Строу: Говор во University College London, октомври 2006*

на нивната културна, етничка и национална, половна и религиозна припадност, додека "британството" може да ги обезбеди заедничките вредности, како што се слободата , толеранцијата и владеењето на правото. Зборувајќи пред "Форумот на трите вери" тој додал: "...Само вдишувањето на истиот воздух како другите членови на општеството не е интеграција. "Британството" е идентитет кој е пристапен на Англиканите, Католиците, Језуитите, Муслиманите, Сиките, Индусите и на тие од другите религии и меѓу другото и централен елемент на овој идентитет е принципот дека секој има право да ја применува својата вера не како објект на толеранција туку како негово право". Џек Строу како и многу други политичари би сакале да ја „...отстранат состојбата каде муслиманската заедница или било која наша заедница се чувствува изолирана и во дефанзива...„

Наследник на Тони Блер во партиската фотеља премиер на Велика Британија до општите избори во 2009 год. канцеларот Гордон Браун ([61]) во јануари 2007 год. држеше предавање во "Fabijan Society" и се осврна на "британството" ("Britishness"). Повикувајќи се на француската традиција (која го слави паѓањето на Бастиља) како и на другите големи нации кои славаат нивни национални денови, тој смета дека и Велика Британија треба да има свој национален ден што ќе го славаат сите. Повикувајќи ги лабуристите да без никаков срам го докажуваат нивниот патриотизам тој ги повикува британците да се обединуваат околу британското знаме со следните зборови: "...Додека БНП ([62]) го употребува тоа како симбол на расна подвоеност, знамето треба да биде симбол на обединување и единство но и дел од изразување на модерниот патриотизам. Цело Обединето Кралство треба да го почитува тоа и да не го негира. Ние мора да признаеме

---

[61] *„ Ние треба да се соочиме со непомирливиот факт дека додека одговорот на Британците за настаните на 7 јули беше извонреден, имаше британски државјани, родени Британци и интегрирани во нашите заедници, кои беа подготвени да тешко ги повредат и убиваат Британските граѓани без оглед на нивната религија. На нас треба да ни биде јасно сега како разните култури кои бездруго дека имаат разлики можат да ја најдат заеднички решенија за функционирање на општеството„.*

[62] *БНП-Британска народна партија*

дека знамето на Унијата по дефиниција е знаме на толеранција и инклузивност...".

Осврнувајќи се на идејата за воспоставувањето на национален ден во Обединетото Кралство Браун вели: "Французите го имаат тоа со денот на Бастиља, Американците го имаат, многу земји сега имаат национален ден и јас сметам дека можеби сега е време и ние тоа да го сториме".

Додека Мајкел Вилијамс, парламентарец, неговиот говор го оцени како "фокусирање на работите кои не обединуваат заедно", Комисијата за расна еднаквост го поздрави говорот со констатација дека е важно да се зборува и да се идентификуваат заедничките вредности и да се дискутираат идеите и "најдат начините да се слави да бидеш британец". Додека многумина после говорот зборувале дека тоа што ги обединува луѓето заедно е нивниот "граѓански идентитет кој е британството", поранешниот премиер Сер Џон Мејџор го признаваше правото на Браун да го промовира концептот на британството со напомена дека оваа влада со многу закони ја има прекинато традицијата на "британството". Дејвис([63]) осврнувајќи се на ставовите на Строу дека носењето на niqab од страна на мала група на муслиманки ја оневозможува директната комуникација "лице в лице" со своите избирачи, изнесува став дека оваа тема сега повеќе од секогаш е зрела за дебатирање. Тој смета дека тоа што Строу го има покренато било "...фундаментално прашање дали во Британија ние развиеме одвоено општество, дали ние создаваме серија на затворени оштества во рамките на нашето отворено општество, дали ние несвесно поттикнуваме некаков доброволен апартхејд..."

Во понатамошниот текст Дејвис се повикува на извештајот за нередите во 2001 во Брадфорд, Барнли и Олдхам каде стои дека заедниците таму живеат "паралелен живот", и додава: "...Тие се места каде луѓето од разно етничко потекло никогаш не се сретнале меѓу

---

[63] *David Davis: " Do Muslims really want apartheid here?", The Sunday Telegraph, October 15, 2006, стр 15*

нив, никогаш не зборувале меѓусебно, никогаш не оделе по нивни куќи. Само преку дневни контакти ние не можеме да ги надминеме нашите разлики. Редовните контакти ни овозможуваат да се бориме против постоечките проблеми на сиромаштија, лоши услови при вдомување кои ги погодуваат многуте наши градови".

Размислувањата на Дејвис зборуваат за недостиг на концепт за надминување на подвоеноста на етничките заедници. Процесот на зближување не може да се спроведува со стереотипни размислувања од минатото што долго време беа присутни и во нашето општество. Комуникацијата на луѓето како и нивните приватни здружувања може да се остваруваат ако луѓето или заедниците ги врзуваат заедничките проблеми во секојдневниот живот: на работа, во училиште, во месни заедници и др. Со фактот дека имаме поделени квартови на живеење, поделени школи, различити можности за вработување и школување ,таквата интерактивна комуникација меѓу етничките заедници е невозможна.

Паралелното живеење на етничките заедници како и гласините на многу интелектуални и политички кругови за неуспешноста на проектот на мултикултурализмот се подигна на пиедестал на дискусиите на многу важни личности во Модерна Британија.,

На последната Годишна конференција на Конзервативната партија лидерот Дејвид Камерон([64]) се осврна меѓу другото и на оваа тема изразувајќи грижа дека Британија се соочува со процесот на изолација на заедниците. Тој рече дека има градови и места "...каде луѓето од разни средини никогаш не се сретнале, никогаш не зборувале меѓу нив, никогаш не влегле во домовите на едните и другите"([65]) . Камерон смета дека имигрантите мора да учаат англиски затоа што со меѓусебен контакт тие ќе ги надминат разликите оти "...најосновниот контакт доаѓа кога меѓусебно се зборува...". Камерон

---

[64] *David Cameron : Speeches , Годишна конференција на Ториевците, Блакбурн, 2006 год.*

[65] *Ziaudin Sardar: "The Excluded Minority: British Muslim Identity after 11 September"*

смета дека "...учениците треба да се едуцираат дека главната компонента на британското општество- е нашата историја, нашиот јазик и нашите институции... Ние треба да контактираме. На многу наши села, градови е допуштено да се развиваат гетоа, читави региони се одвоени од останатиот дел на општеството". Зборувајќи за односите со Муслиманската заедница тој со внимателен речник изјавил: "...се плашам дека сме ги допуштиле заедниците да живеат во "паралелен живот...". Сега доаѓа нова генерација на муслимански школи, продолжи тој. Ако треба тие школи да бидат дел од британските школи, тие треба да бидат дел од нашето општество, не да се одвојат от тоа. Тие треба да направат повеќе од тоа што изведуваат добра настава."

Мислењата на горенаведените политичари сеуште се во рамките на политички размислувања за изнаоѓање на подобри модели за функционирање на мултикултурното општество кои пред три децении биле актуелни во некои мултинационални држави од федеративен карактер со социјалистичко друштвено уредување. Минатото не учи дека политичките проекти за создавање на "југословенство" и "југословенски вредности" во поранешната СФРЈ, како и обидот за креирање на чувството на "советски вредности" и "советска припадност" пропаднаа токму поради нерамномерниот економски, социјален и културен развој меѓу федеративните единици како и обидот за асимилација на заедниците и културите преку наметнување на вредности од "повисоката" култура и сето тоа придонесе за распаѓање на тие општества. Вакви размислувања беа присутни со децении и во Република Македонија кога се одеше и до абсурдни теории дека рушењето на традиционално високите ѕидови од албанските дворови ќе придонесе да се отклони една физичка бариера за меѓуетничка комуникација.

Тргнувајќи од многу анализи нереална основа има и констатацијата на Бланкет([66]) дека општеството треба "...да ги поттикнува младите да одговараат на предизвиците, посебно младите девојки, кои сакаат да можат да се мажат со некого кој го зборува нивниот јазик-всушност англиски- кој се едуцирал по ист пат како што се едуцирале тие, и има слични социални однесувања со цел да создаваме здраво интегративно општество..."

Збиднувањата во Босна и Херцеговина кон крајот на последниот век, во едно општество каде бројот на брачните двојки кои зборуваа ист или приближно ист јазик, беше најголем во тогашното југословенско општество ни го покажуваат спротивното: токму најповеќе тамо него во било која република се десија најмасовните убивања од меѓуетнички карактер. Таквите упатства на Бланкет не се прифатливи за Yasmin Alibhai-Brown оти тоа според неа доведува до налагање на младите кој со кого да спие или да склучи брак што е спротивно на нормите на демократските општества.

Причините на етничката одвоеност на заедниците во Велика Британија се обидува да ги објаснува и Ziauddin Sardar([67]), писател и критик на културата. Тој многу на симболичен начин, како и многу други, тврди дека исклученоста на етничките заедници од социјалниот живот придонесува на подвоеноста. Истакнувајќи дека "...Ислам бара глобален, универзилен поим на идентитет„ тој смета дека именката Азија не е раса или идентитет туку географски поим. Ако младите муслимански британци не чувствуваат дека припаѓаат на британското општетво, смета тој, тие ќе најдат некаде друго каде ќе се наслонат...." Од причина од нивното исклучување од традиционалните британски симболи-помпи и церемонии, маршеви,

---

[66] *David Blunkett: Integration with Diversity: Globalisation and the renewal of Democracy and Civil Society, Foreign Policy Center, 2002*

[67] *Ziaudin Sardar: "The Excluded Minority: British Muslim Identity after 11 September"*

национални монументи и знамиња, крикет и фудбалски тимови-младите муслимани ќе ги бараат нивните симболи-брадите, чалмите, и реториката на неправдата И во еден свет каде симболите се сето тоа што имаме, припадноста кон тие симболи биднува прашање на живот и смрт„ .

Колку е јака "реториката на неправдата" што ја потенцира Сардар ќе се види во јазикот на шифрите околу исклученоста на заедниците во сите полиња на животот во Велика Британија во понатамошниот дел на студијата.

## 2.6 Институционалниот расизам во Модерна Британија

Јавноста во Модерна Британија е убедена дека сегашниот модел на мултикултирализмот не функционира најдобро, исто како што идеално не функционира ниеден општествен систем во светот на глобализацијата. Политичарите се обидуваат да ги најдат нивните грешки од минатото за да градат подобар и поефикасен систем на функционирање на нивното општество. Од друга страна и етничките заедници не се најзадоволни од нивната положба во општеството, и тие ги имаат нивните согледувања околу функционирањето на општеството, нивните незадоволства од присутниот и растечкиот расизам во нивното општество. Вистината за постоечкиот расизам во Модерна Британија е во тоа што тој никогаш не бил и сега не е институционален расизам во класично изразена форма, како што тоа неколку децении од минатиот век бил во Соединетите Американски Држави. Во независниот извештај за расистичките нереди во Брикстон 1981 е наведено дека во Модерна Британија постоел институционален расизам во полицијата. Тоа значи дека државата и нејзините институции, јавните претпријатија, вклучувајќи ги тука и универзитетите, со ниеден акт тоа не го одобрувале но во скриена форма го примениле расизмот.

Во април 1981 год. во Брикстон, гратче јужно од Лондон, младите црни Британци три дена демонстрираа при што е дојдено до судири со полицијата, запалени се коли и нападнати сзгради. Материјалната штета била проценета на 7.5 милиони фунти стерлинзи додека се повредени 300 луѓе. Аналитичарите истакнуваат дека настаните од 1981 год. придонеле да црната популација стане политички поактивна како на локално така и на национално ниво. Неколку години после настаните, во 1985 год. Берни Грант стана првиот лидер на етничкита заедници избран на Советот на училиштето во Харингеј и две години потоа бил првиот избран парламентарец од етничка заедница во модерните времиња. Резултатите на пописот од 2001 год. покажуваат дека 40% од населението во општината Ламбет се од етничките заедници. Истражувањата за запоставеноста на општините направена во 2004 год. покажува дека Ламбет е на 23 место од 354 локални власти. Од времето кога е создадена Единицата против социјалната запоставеност до денес извештаите покажуваат дека е направен голем напредок во неколку области како што е намалување на бројот на децата кои живеат во сиромаштија. Остануват да се надминат многу други проблеми како што се високото образование на младите од Афро-карибско и Бангладеши потекло. После 25 години од тие настани видни личности од политичкиот и интелектуалниот живот настаните ги гледат од позитивен агол и велат дека лекцијата што ја научиле од тие настани не треба да ја заборават лесно. Така на пример парламентарецот од Соутварк Simon Hughes, инаку потпретседател на Либдем вака се изјаснува: "Брикстон 1981 год. беше заплашувачки. Комшија со Саутварк, ние се плашевме дека и нас ќе не зафати бранот на реакции. Навидум мирната трансформација на нашиот главен град од англиски Лондон до космополитански Лондон неочекувано, жолчно и лошо отиде на погрешен пат"([68])

---

[68] *BBC: Battle for Brixton, 25 years on", 1.September 2006. Ibid: Тарик Гафур е асистент на Метрополитенска полиција*

Тарик Гафур, смета дека полицијата комплетно е променета за овие 25 години и дека ангажирањето на етничките заедници во полицијата е интегрален дел на општеството. Брикстон и Лондон, вели тој се повеќе стануваат мултиетнички и полицијата е дел од ово општеството. Diane Abbott, еден друг парламентарец од Северен Хакни, вака се изразува: "Придонесот на нередите во Брикстон не треба да се потценува. Идејата дека црната популација може да се подигне на воспатие во срцето на главниот град беше забележлива. Тоа дефинитивно беше еден политички гест и ги натера британските политичари да расизмот и политичката неправда ги земат сериозно за прв пат. Нередите создадоа клима со која се овозможи јас и три други да бидеме првите црни луѓе да бидеме избрани за прв пат во парламентот во 1987 год. " ([69] )

После нередите во Брикстон, како и во други градови како Брадфорд, Бирмингем и др. се донесени многу акти и воспоставени многу комисии и невладини организации кои во нивната работа ја зацртале борбата за искоренување на расизмот и другите негативни форми на обесправување на граѓаните и тие организации материјално се поддржани од државните институции.

Обесправените етнички заедници преку нивното организирање во разни невладини организации, објавување на материјали и досиеа за длабочината на корените на обесправеноста во Обединетото Кралство како и со организирање на разни масовни протести го дале нивниот придонес за подобрување на работите во општеството. Така на пример на 25 ноември 1981 во Брикстон ( близу Лондон), потоа 28 септември 1985, 1 октомври во Пекхам, 6 октомври во Тотенхем, 2000 година во Бирмингем биле организирани масовни протести кои завршиле со големи материјални штети и губење на човечки животи. За време не годишнините на тие протести многу од учесниците ги евоцираат нивните лоши спомени од минатото кога јавно биле дискриминирани и биле соочени со отворен расизам. После дваесеп и

---

[69] Ибид.

пет години тие признават дека британската јавност до тогаш воопшто и не била свесна за општествената положба на црните Британци и дека денешната нивна положба многу и должи на тие демонстрации.

И покрај големите мерки за подобрување на положбата на етничките заедници кои нé и припаѓат на мнозинската заедница и во денешните денови средствата за јавно информирање често информираат за расистички испади на поединци било во полицијата, училиштата или јавниот живот. Појавата на таквите поединечни испади според мое мислење не треба да биде аргумент за генерализирање на работите околу расизмот во Велика Британија. Големата чувствителност на луѓето како и на печатените и електронските медиуми и институциите за такви испади можеби ги има корените во глобалниот страв на појавата на меѓународниот тероризам кој како поле на експеримент за нивната стратегија ги бира најповеќе мултиетничките средини и големи метрополи со цел да големиот број на жртви ја покаже неговата присутност насекаде. Таквите поединечни испади кои ја разбранија британската јавност и долго време биле коментирани од јавноста се појавија во 2007 год. во Лондон во познатата емисија "Биг Брадер" во која учесничката Џаде Годи ја навреди врз расна основа индиската актерка Шилпа Шели. После извесно време Џаде Годи неможејќи да го поднесе притисокот на јавноста изјави дека не е расиста и дека непотребно употребила расистички изрази. Иако случајот изгледаше дека немаше голема тешина и беше небитен, сепак и полицијата и судот се занимава со тоа. После извесно време судот го изнесе во јавноста мислењето дека случајот немал расистички мотиви но во зборовите на Џаде Годи има елементи на расна навреда. Друг случај кој исто така во голема мерка ја возбуди јавноста беше една изјава на британски пратеник, поранешен мајор на една Кралска воена единица, кој одговарајќи на едно прашање дали има расизам во војска изјави дека тој познава многу војници кои не биле спретни и добри и кои го користеле расизмот за нивното лошо однесување.

Мајорот Патрик Мерсер([70]), веднаш се соочи со големи противреакции. Лидерот на Ториевците Дејвид Камерон веднаш потоа изјави дека "...во нашето друштво нема место за расизам"...([71] ). Некои црни британски војници констатацијата на Мерсер дека е нормално во армија да се употребува изразот "црни бастарди" ја осудија на тој начин што изразот го претставија како доказ дека во вооружените сили има расизам. По тој повод голем беше бројот на црни војници кои изјавија дека Мерсер им бил старешина и дека во неговото раководење со армиските сили немало расистичко однесување. Самиот Мерсер се извини на јавноста дека погрешно е разбран: "Многу ми е жал за навредата што ја сторив. Јас имав привилегија да командувам војници од целиот Мидланд регион од каде доаѓат многумина од етничкото црно малцинство. Беше голема гордост за мене да расните малцинства напредуваат во воената единица, и еднаш, сите мои потпоручници беа црни"([72]). Коментарите во јавноста беа дека овој случај зборува за чувствителноста на изразувањето на политичарите и дека тие пред да зборуваат треба да знаат да размислуваат. Настанот сигурно дека ќе им наштети на конзервативците кои и така во минатото немале толку праведна политика кон етничките заедници. Неколку денови пред овие настани ББС емитуваше една долга емисија во која учениците црни Британци се пожалија на условите во училиштето, на односот на нивните учители кон нив и друго. Авторот на емисијата сметаше дека во британските школи многу се присутни расистичките однесувања и предрасуди.

Расистичките манифестации и другите општествени масовни девијации според некое непишано правило се појавуваат во средини кои многу лесно почнуваат да ја консумираат таа идеологија. Најчесто почва за сеење на таква општествено штетна идеологија се

---

[70] *Портпарол на Конзервативната партија за безбедност*

[71] *Cameron was right to insist that Mercer resigned immediately-Times, 9 March 2007*

[72] *Times, 9 March 2007, стр. 3*

школските средини каде воглавном се собираат млади луѓе кои со оглед на нивниот еруптивен начин на прифаќање на работите стануваат лесен плен на таквите манипулации. Друго поле каде тие негативни појави се манифестираат се спортските натпревари. Логиката на таквите девијации стои во тоа дека многу е лесно да се политички електризираат маси кои се во голем број собирани по друг повод на едно место.Примери на злоупотреба на спортот и користење на фудбалските натпревари за изразување на расистички навреди во 2011 имаше доста и како најеклатантен пример беше реакцијата на фудбалската јавност, односно Фудбалската федерација на Англија во однос на расистичките изјави на капитенот на англиската репрезентација Џон Тери при што повод на спротивставување кон тие мерки беше и оставката на селекторот на англиската репрезентација. Таквите негативни испади на англиски фудбалери кон нивните колеги од друга боја го разнишаа авторитетот на англискиот фудбал во најнезгодно време, т.е неколлку месеци пред олимписките игри во Лондон.

## 2.7 Улогата на Политичкиот Ислам во ослабнување на функционирањето на мултиетниетничкото општество

Кога се зборува за интерелигиските разлики се повеќе во мислите на политичарите, интелектуалците и обичните граѓани се потенцираат опасностите кои доаѓаат од политичкиот Ислам. Политичкиот Ислам ги има почетоците на неговото појавување со создавањето на политичките и воени формации на Вахабистите со цел да се групираат и да војуваат против руската војска која ја окупираше Авганистан 70-тите години. Тие политички и милитантни организации ги создадоа и ги поддржуваа САД и Саудиска Арабија и биле и финансирани од нивна страна. Една друга политичка организација која со децении опстојува во политичка сцена во многу исламски земји се Муслиманските браќа (Muslim Brotherhood). Таа е политичка организација која се појавила уште од времето на Насер и во суштина е панарапска политичка организација. Друга политичка

организација која се бори да завземе место во исламската политичка сцена се таканаречените Салафисти, кои претежно имаат религиска платформа и членството кај нив е со прифаќање на одредени услови и плаќање на членарина која потоа служи за нормално одвивање на активностите на организацијата.

Аналитичарите сметаат дека политичкиот Ислам сé поагресивно настапува на политичка сцена во една подруга варијанта преку употреба на сила во форма на терористички напади како што беа нападите од 9/11 против САД и настаните од 7/7 во Модерна Британија, како резултат на погрешната политика на овие две земји кон Блискиот Исток, посебно унилатералната одлука за окупација на Ирак, толерирањето на антиарапската политика на Израел и преку нелегалната блокада и нерешеното прашање на Палестина, како што тие ги образложуваат нивните акции. Од многуте спротивставени размислувања за причините на раѓањето на домашниот тероризам може да се одвои и мислењето на истакнатиот британски публицист Роберт Фиск, кој во една своја колумна во "Индепендент" пишува: дека Западот се бори против злото (алузија на "триаголникот на злото" на Буш-моја прим.) и дека тие настани не се поврзани со окупацијата на Палестинската земја, окупацијата на Авганистан, тортурата во Абу Граиб во Баграм и Гуантанамо.Ох, заиста не. "Една идеологија на злото", неспецифична, темна сила. Тоа е проблемот" констатита тој ([73] ).

Вакви и слични размислувања за корените на растечкиот екстремизам кај младите Муслимани во Модерна Британија кај поголемиот број на британски интелектуалци и политичари не се веќе случајност туку секојдневна реалност. Ова може да се поткрепне и со сé поголемите притисоци на јавноста за што поскоро враќање на британските трупи од Ирак,( што подоцна е сторено) една непотребна и неуспешна воена сторија на Модерна Британија, како што сметаат

---

73 Robert Fisk: "The dangerous dichotomy between Muslims and the society around them" The Independent, July 23, 2006, стр.7

опозиционерите кои ги имаше на голем број и ги имаше дури и во тогашното владино мнозинство. Групата политичари на чело со Блер сметале дека 9/11 бил настан пред окупацијата на Ирак и дека во терористичките самоубиствени напади во Ирак и Авганистан досега во најголем број биле убиени муслимански деца и жени, акции кои не се дозволени од страна на религиозниот Ислам. Имено идеологијата дека со самоубивствени дејствија (посебно во кои гинаат жени и деца) извршителите на акциите го обезбедуваат рајот е извитоперана и антиисламска затоа што пророкот Мухамед забранил да се убиваат жени, деца и робови([74]).

Иако британските политичари целиот акцент на незадоволството на Муслиманите го ставаат во дејствувањето на политичкиот Ислам, лидерите на Муслиманскиот совет во Модерна Британија, освен заедничките погледи околу можните причини за раѓањето на домашниот тероризам од муслиманско потекло што ги споделуваат со британските лидери имаат и одвоени поинакви мислења и ставови за општествената положба на Муслиманите во оваа земја

Политичкиот Ислам кој се појавува со нападите на 9/11 во САД е обид религиозниот Ислам да се стави во функција на реализирање на политичките цели. Политичкиот Ислам во Модерна Британија се персонифицира со основањето на организацијата El Muhajiroun (Иселеници) која е распуштена во 2004 год. чиј претседател и основач бил Omar Bakri Mohammed, роден во Сирија, кој во 2007 год. со акт на министерот за внатрешни работи беше протеран од Обединетото Кралство и сега живее во Либан. Имено во неговите јавни настапи во Лондонските џамии и медреси ( муслимански школи) како и во телевизиските настапи тој јавно ги увеличувал вредностите на Исламот, ги потценил вредностите на Христијанството и проповедал

---

[74] Ibn Ishaq. The Life of Muhammad, p. 153 "Еден ден Пророкот поминал близу една жена околу која бил собран народ.Тој праша: "Што е тоа?" и тие одговорија, "Жена убиена од Халид". Тогаш Пророкот му рече на еден: "Оди и речи му на Халид: Пророкот на Алах забранува да убиеш деца, жени и робови"..

дека Велика Британија ќе стане Исламска земја, како впрочем целиот свет. Последна причина што тој беше протеран од Велика Британија била неговата изјава дека секој муслиман треба да одбива да соработува со полицијата во нејзиниот обид да ги притвори лицата кои имаат намери да применуваат терористички акции во државата.

Пред телевизиските камери Омар Бакри Мохамед изјави дека тој и кога би знаел кој подготвува терористички акции не би ја известил полицијата. Луѓето кои го познаваат него велат дека е еден од најспремните муслимански правници во Западна Европа, но и дека е фалбаџија и дека многуте негови изјави се со цел тој да биде во центарот на вниманието и се далеку од сериозни. Омар Бакри Мохаммед изјавуваше дека британската влада создава непријателства "...било надвор или во земјата поради инвазијата на Ирак и Авганистан..." ([75]) . Што се однесува до барањето да ги осуди терористичките напади од 7/7 одбегнувајќи да ги спомнува директно тие настани вели дека "го осудува убивањето на недолжните лица тука и надвор„ алудирајќи и на убиствата што британските и американските војници ги прават надвор. Начинот како да ги добиваш срцата на младите Британци се наоѓа во светото писмо, изјавува Омар Бакри Мохаммед, "...да им кажеш нив дека Господ каже... и дека Мухамед тоа го каже: " немојте да ги напаѓате луѓето со кои живеете. Не треба нив (на младите-моја прим.) да им кажете: Тони Блер тоа го кажува, законот тоа го кажува. Немојте така да направите..." Тој се залага во Модерна Британија да се применува Шаријатот затоа што таа во иднина "ќе стане муслиманска земја".

Другиот претставник на политичкиот Ислам е Абу Хамза ал-Масри, британски државјанин од египетско потекло, женет па потоа разведен со една Англичанка. Тој неговите политички лекции , како и

---

[75] *Интервју на ББС, www.bbc.co.uk/news*

сите други салафисти, ги држел во џамијата кај Финсбури Парк, секако една од најголемите џамии во европските метрополи. Минатата година тој е осуден на седум години затвор затоа што во неговите говори "поттикнувал тероризам". Имено, слично како Омар Бакри Мохаммед тој не ги признава "британските вредности" и ги пропагира "исламските вредности". Со години тој бил следен од британски агент на MI-6 и во неговите запленети касети тој пропагира радикален Ислам. Абу Хамза, после забраната да биде имам во џамијата во Финсбури парк, на своите симпатизери им држел предавања на улица, испред џамијата. Карактеристично за неговите предавања е дека тој (од делот што е објавено во јавноста) не зборува за економската и социјалната положба и обесправеноста на муслиманите во Модерна Британија туку зборува за положбата на Исламот во светот. Неговиот гнев е насочен против "кафирот"([76]). "Кафирот" според него, не е само во Велика Британија туку насекаде во светот и тој настојува да го ослабне и порази Исламот. Тој повикува на воспоставување на калифат, т. е владеење според правилата на Шаријатот. Животот во Модерна Британија според Хамза "...изгледа, на жалост, (ние сме принудени на тоа) како да бидеме , на жалост, внатре во тоалетот..." Во својот говор под наслов "Припадноста кон Исламот во Западниот свет" во 1999 год. Британија ја нарекува "кафир земја" затоа што не го применува Шаријатот и ги напаѓа западните цркви кои според него "... станале место за данс и ширење на неморал, бизнис и дух на ѓаволот, детска проституција која слика ја гледаме секој ден..." На жалост , иако не можеме да ги генерализираме работите, Католичката црква во некои западно-европски земји како што се Ирска, Белгија, Холандија не беше имуна од педофилизмот и судејќи според статистичките податоци илјадници семејства биле жртви на несовесните верски работници во црквените објекти. Зборувајќи за Англичанките (неговата прва жена била Англичанка) тој повикува да не им се верува нив затоа што "...тие ако цел живот

---

[76] *Видео документи на ББС- www.bbc.co.uk*

носат niqab ако им се дава мала можност една минута би сакале да бидат голи во плажата..."

Јасно се гледа дека политичкиот Ислам не ги прифаќа воопшто "британските вредности" и сака во деловите каде најбројни се муслиманите да се воспостави функционирање на правната држава според Шаријатот. Проповедањата во Финсбури парк џамијата и на самата пред џамијата,Абу Хамза во една емисија на радио ББС (исто како и неговиот адвокат) ги рангираат под право на слободен говор. И во својот интервју во 2003 год. во емисијата "Хард Ток" со Тим Себастијан, на примедбата на новинарот дека тој не проповедува Ислам туку проповедува политички ставови , Хамза одговара дека тоа му е меѓу другото и задача да своите приврзаници ги информира и за политичките збиднувања во светот.

Најзначаен претставник на политичкиот Ислам секако дека е Abu Qatada, познат како амбасадор на Ал Каеда на Запад, инаку најблизок собаротник на Осама Бин Ладен. Високиот суд за имиграција во текот на февруари 2006 год. донесе одлука да го протерува него од Лондон. Он е обвинет дека во своите религиозни беседи повикува на фатва и ги оправдува бомбите како и убиството на децата и жените. Неговото протерување од Обединетото Кралство требаше се изведува под мотото на меморандумот за разбирање потпишан меѓу Обединетото Кралство и Јордан под услов да при враќање во оваа земја не биде ставен под тортура. Одлуката на Вишиот суд за имиграција за протерување на Абу Катада оштро беше дочекана од разни организации за човекови права како и од Амнести интернешенел кои најавија дека со тоа се крши Европската конвенција за човекови права и дека неговиот случај ќе биде проследен до Судот за човекови права во Стразбург.([77])

---

[77] *The Guardian, 27 February 2007,стр 5: "Reid wins legal victory as judges say radical cleric may be deported, despite risk of assault".*

Британските политички и образовни авторитети, поучени од овие лоши искуства на слаба комуникација со Муслиманите, почнале да воспоставуваат тесни контакти  на соработка со Муслиманските асоцијации како што се Британскиот Мислимански Совет, Муслиманската Асоцијација на Британија,Муслиманскиот Парламент и други неформални организации кои имаат влијание кај Муслиманите сé со цел да ги откријат корените на незадоволството на Муслиманите во британското општество. Една од предложените мерки од образовните авторитети беше да се подигне квалитетот и содржината на учењето во муслиманските медреси така што верските училишта во нивните редови да примаат ученици и од другите религиозни групи.

Англиканската црква 2006 год. година започната да ја примени таквата програма, што Камерон, лидерот на Ториевците и сегашен премиер, го земаше како пример и ги повикуваше и другите верски училишта да постапат по тој пример.

Критичарите на политиката на тогашниот премиер Тони Блер од друга страна тврделе дека усвоената "Бела книга за образованието" во 2006 година  ги продлабочува повеќе поделбите  меѓу учениците. Во книгата (која веќе е закон) родителите имаат право да ги носат децата во јавните школи за кои сметаат дека има поголем квалитет а не исклучително во  своите локални школи. Тоа според експертите ќе придонесе образовно јаките школи да ги заостраат критериумите за прием додека родителите да бараат школи кои ќе одговараат на нивната религиска и етничка припадност, така што ќе се категоризираат школи на белите Британци и школи на црните Британци.

## *2.8 "Внатрешниот непријател" и почетокот на пост-мултикултурализмот*

Кај многу интелектуалци, уметници, обични граѓани и политичари се повеќе се зацврстува убедувањето дека Модерна Британија веќе

живее во ерата на пост-мултикултурализмот, дека концепцијата на мултикултурализмот промовирана и поддржана од лабуристите почнувајќи од 1997 год. и наваму била погрешна и дека мултикултурализмот во суштина значи пропаднат експеримент. Прво почнаа Конзервативците со реафирмирање на нивната политика за креирање на национална стратегија за намалување на имиграцијата и азилот. Нивната теорија дека Модерна Британија секоја година и повеќе станува "небританска" широко е прифатена од белите Британци кои се сметаат себеси како загрозена граѓанска категорија во нивната родна држава. На замерките на опозицијата дека државата нема популациона политика премиерот Блер одговараше "...јас не знам дали имаме популациона политика..."

Секако дека кај конзервативната партија најповикан да го изразува партискиот став по прашање на интеграцијата на етничките заедници беше и останува Дејвид Дејвис, Државниот секретар за внатрешни работи . Во својство на секретар во сенка во неколку наврати, било преку пратеничко прашање упатено до премиерот Блер било во форма на иницијативи за ставање на дневен ред на редуцирање на бројот на лицата кои бараат азил, ги има изнесено своите ставови околу деизнтеграцијата на британското општество. Политичарите сметаат дека тенденцијата џамиите да станаат места за политички пропагирања а не за религиозни цели може да ги урне темелите на меѓуетничката и религиозната толеранција и затоа треба да се донесуваат соодветни закони кои ќе овозможуваат да се спречат овие негативни тенденции. Меѓу другото се размислуваше да се дополнат и изменуваат некои членови на Актот за човекови права, донесен од страна на Парламентот во 1998 или во краен случај Велика Британија да отстапи од Европската Конвенција за човекови права кој акт го има ратификувано меѓу првите држави во Европа.

Во насока на тоа како да се спречи злоупотребата на слободата на говорот, гарантирана со Актот за човекови права и Европската конвенција за човекови права, лабуристичката влада во септември 2005 год. предложи 10 точки кои предвидуваат законски санкции за лицата кои "поттикнуваат верска и друга омраза". Многу од тие

предлози беа основа за дискусија како да биде поефикасна борбата против тероризмот но некои од тие не беа прифатливи дури и за Cherie Booth, сопругата на Тони Блер која е многу позната во кругот на светските активисти за човекови права, затоа што тие предлози удирале во загарантираните слободи и права на човекот предвидени дури и во Актот за човекови права на Обединетото Кралство.

Предлозите на тогашната влада на Тони Блер како и други предлози беа изнесени пред Долниот дом на 12 октомври 2005 год. Некои од тие предлози беа прифатени од парламентарците но има и дел кои беа одбиени. Во Долниот дом на Британскиот Парламент во октомври 2005 год. парламентарците од власта и опозицијата развија широка дискусија за еден член на "Законот против тероризмот" во кој стоеше клаузулата дека полицијата има право да ги задржи во притвор до 90 дена лицата осомничени за обид за извршување на терористички дела или пак имале намера да извршуваат такви дела.

Образложувајќи го тоа дека усвојувањето на еден таков член ќе им овозможува на полициските сили да ги злоупотребуваат нивните надлежности и дека тоа удира длабоко во човековите права и слободи парламентарците на опозицијата и голем дел од власта гласаа против тој член и го модифицираа со амандман каде полицискиот притвор без судење може да трае до 28 дена. Тоа беше вовед во несогласувања пратеничката група на лабуристичката партија по разни прашања.

После настаните од 7/7 целата британска јавност почнувајќи од обичните граѓани, интелектуалците, студентите, невладините организации и лидерите на политичките партии беше едногласна за мерките што државата треба да ги превземе во стабилизација на односите во земјата како и мерките кои треба да се земаат да истите акции не се повторуваат во иднина. Тони Блер,тогашен премиер, на една од своите конференции за печат излезе со предлог од десет точки како Модерна Британија во иднина да се справи со појавата на домашен тероризам истакнувајќи дека "...правилата на играта се променети..." Еден од водечките црнци интелектуалци и организатор

на антирасististичко движење А. Сивanандан([78]) по таа прилика пишуваше дека владата на Блер " предлага авторитарни мерки. Законот од септември 2005 год. е четврта против терористичка мерка во текот на пет години, проширувајќи ја дефиницијата на тероризам и предлагајќи нови терористички престапи. Антитерористичкиот акт и Актот за безбедност 2001 што помина на Парламент, после 11 септември го суспендираше таканаречениот "habeas corpus": за странските државјани. Анализирајќи го говорот на Блер во 2006 год. Сивanандан вели дека погрешна била неговата логика дека "правилата на играта се променети" затоа што игра е демократијата, и дел од таа не може да се менува без да започнуваат верижните реакции кои ќе ги наштетаат сите и потценуваат британските вредности.

Реакциите кон таквите предлози дојдоа токму од парламентарците кои во нивните дискусии истакнаа дека Модерна Британија, земја со вековни традиции за негување на човековите права и слободи, не може и не смее да воспостави такви правила на игра.

Законот се состои во четири дела. Првиот дел ги опфаќа прекршоците како што се;

- поттикнување на тероризмот,

- печатење на публикации за тероризмот,

- интернетска активност во врска со точката 1 и 2,

- давање насоки преку интернет,

- подготвување на терористички акт и терористички тренинг,

- прекршоци кои се однесуваат на радиоктивни материјали и нуклеарни олеснивање и места,

---

[78] *A. Sivanandan: "Why Muslims reject British values", The Observer, November 6, 2006, стр 10*

- зголемување на казните и др.

Според тоа главните содржини на Законот се следните:

- го раздолжува времетраењето на истражниот притвор од 14 на 28 дена,

- воведува нов инструмент за справување со групите кои го глорификуваат тероризмот со цел да изведуват терористички акт,

- препишува нови кривични дела за тие што ги посетуваат тренинг камповите или се подготвуват да изведуваат тероризам,

- препишува нови кривични дела за употреба на нуклеарни материјали,

- создава нови процедури за подготовка на терористички случаји за судење.

Ако се анализират само неколку прграфи од член 1 од Законот може да се види колку широко поле е оставено на полицијата и органите на правдата да се приведуваат лица и да се подигне обвинение против тие за кои има индикации дека имаат намера да изведуваат некој терористички акт. Во членот 1 поттикнување на тероризмот, под точка 1 пишува: "лицето прави кривично дело ако-објавува свој став или поттикнува некој друг да го објави ставот во негово име. Во времето кога тоа го сторува:

(i) тој има прифатливи аргументи да верува дека членовите на публиката за која ставот е објавен или ќе се објави лесно може да го разбераат ставот индиректно како и директно како поттикнување или стимулирање за изведување, подготвување и започнување на акт од тероризам...".

Во став 2 кривично дело е кога во објавениот личен став се "глорификуваат" задачите или подготовката (направени во минатото и кои може да се направаат сега и во иднина) за изведување на такви

кривични дела. Овој став на Законот не беше прифатен од Домот на Лордовите со барање на објаснување што тоа значи „глорификување„ но тој повторно се гласаше во Долниот дом и стана дел на законот.

Многу разбирливо е дека Законот е пишуван за да може Велика Британија да се справи со заканите од тероризмот но поголемиот дел на Муслиманите членот го доживуваат како средство за дискриминација против нив. Последните мерки што британската полиција ги превземаше од август и потоа мерките за безбедност на трансатланските и европските летови после сознанието дека група терористи подготвуваат напади во кои би имале голем број на жртви, не ги погодуваа само потенцијалните изведувачи на тие дела туку и сосема недолжните луѓе посебно обичните Муслимани. Во аеродромите изборот на лицата за проверка беше основано врз земјата на доаѓање, јазик, боја на кожата и верска припадност, факт што и полицијата го призна. Постои бојазност дека како резултат на полициската акција и приведувањата ќе порасне радикализмот кај младите Муслимани сметаше Mohammed Shafiq, еден од 1000 Муслимани кои ја сочинуваат групата за поддршка во борбата против тероризмот создадена од британската влада, инаку имам во џамијата во Олдхам , и изјавуваше дека младите Муслимани треба да се конфронтираат со екстремизмот во нивните редови и признаваше дека "... меѓу муслиманската заедница има мал број кој се спремни да изведуваат акти на масовни убиства... Има во нашата заедница лица кои сакаат да ги убиваат недолжните луѓе." Лидерот на Муслиманскиот Парламент,изјавуваше дека "...многумина во Британската Муслиманска заедница се убедени дека војната против теророт е војна против Исламот и Муслиманите..." За да се ублажи ово убедување тој смета дека треба да се намалува високата невработеност кај младите Муслимани. Некои сметаат дека треба да се настојува да се прават реформи во џамијата кои се управуваат претежно од стари имами додека младите се невработени. Состојбата почнала да се менува во џамиите каде младите веќе управуваат, сметаат во полицијата. Но сепак вистина е дека во Модерна Британија не се поединечни случаевите кога младите Муслимани се

отпуштат од работа поради нивната етничка припадност. Синот на Абу Хамза кој работеше во едно метро со години и се криеше од јавноста, времено го спаси градоначалникот на Лондон да не биде отпуштен од работа со образложение дека органите треба да истражуваат дали тој е подобен за работа во метроа и дека „...децата не треба да патаат за делата на нивните татковци...". Еден висок офицер во обезбедувањето на Тони Блер беше отпуштен од работа затоа органите процениле дека како Муслиман тој може да придонесе во неефикасност на службата. После отпуштањето тој се крие од јавноста бидејќи се плаши дека може да биде убиен.Ајша Амзи наставник беше отпуштена од работа затоа што одби да не носи niqab за време на изведување на наставата и др.Таа изведуваше настава во просториите на една црква во Лондон.

Тоа што е веќе загрижувачко во Модерна Британија е поистоветувањето на цела една религиозна заедница со заканите за тероризам и покрај тоа што изведувачите на тие акции се индивидуи или мали групи дури и покрај тоа што муслиманската религиозна група се состои од многи етнички заедници како што се Пакистанци, Бангладешци, Индијци, Сомалијци, Еритрејци и др. "Сега веќе е повеќе него очигледно дека има еден непријател внатре во Британија кој сака да го поништи нашиот начин на живот. Многумина од оваа релативно мала група на фанатици се британски родени муслимани кои се едуцирале тука и растеле внатре во нашата толерантна демократија... Многумина од нив изгледат сосема нормални, можеби големи љубители на фудбалот и крикетот и живеат нормален „западен живот„ во куќи со тераси... Овие екстремисти излегле од нашиот едукативен систем и муслиманските класови од нашите школи..." коментира The Sunday Times([79]).

Според показателите што ги презентира Скотланд Јард во Велика Британија има повеќе од 400.000 илјади муслимани кои се согласуваат со повикот на jihad и од таа бројка 1.200 се инволвирани

---

[79] *The Sunday Times, August 13, 2006,стр 4*

во терористички мрежи. На перманентите укажувања на Џон Рид, поранешен Секретар за внатрешни работи, дека во Модерна Британија расте рапидно опасноста од терористичките напади , им се приклучи и тогашниот премиер Тони Блер. Овие тензии пласирани во јавноста не ги чувствуваат лесно ниту муслиманите на кои животот им станува сé потежок и многумина веќе мислат и психички се спремни после многи години работа да ја напуштат Велика Британија.

## 2.9 Исламските вредности и британската интелектуална и политичка јавност

Во услови кога во една земја слабо постои интеференција на културите а етничките и религиозните заедници не комуницираат или слабо комуницираат меѓу нив тогаш е тешко разните еднички заедници да ги споделуват културните вредности на едните и другите. Како што на Муслиманите британските вредности им се неприфатливи исто така и на Британците не им се прифатливи муслиманските вредности . Дејвид Бланкет, еден од видните интелектулци во Модерна Британија и поранешен министер за внатрешни работи во владата на Блер, смета дека некои исламски вредности како што се принудното мажење и гениталната мутилација не се прифатливи за британското друштво. Тој во неговите размислувања прави погрешна идентификација на овие општествени девијации со нормите на Исламот. Феномените кои ги споменува Бланкет не се типични феномени за Исламот туку се типични за неразвиените и сиромашните народи и племиња кои во изобилство ги има денеска во Азискиот и Афричкиот континент. Во Исламот нема норма за генитална мутилација на женскиот свет ниту пак има норма за принудно мажење или женење.

Во некои земји на Балкан феноменот на продажба на девојките и нивното мажење со сила се сретнуваше кај етничките заедници меѓу кои и кај Албанците , Турците и Ромите сé до првата половина на минатиот век поради големиот процент на неписменост (98% од

населението) и големата сиромаштија а не според тоа дека тие религиски припаднале на Исламот. Што се однесува до гениталната мутилација на женскиот свет тоа е типична африканска а не муслиманска норма на однесување во обид да се зачува "фамилијарната чест". Фактот што денеска Исламот се претставува во две различити слики се должи на степенот на развој на земјите од Азија и Африка и Европа чии народи го применуваат Исламот како религија. Дури и во Турција како секуларна држава Исламот не се применува на ист начин: неразвиените селски делови на Анадолија уште применуваат регресивен Ислам додека во градовите и велеградовите од типот на Истанбул се среќаваат слики од европското современие и модерниот Ислам. Истото може да го гледате и во развиените делови на Египет а посебно во развиените делови на Каиро. Етничките заедници кои живеат во Велика Британија и се со потекло од најнеразвиените делови на Пакистан, Бангладеш, Еритреја и Сомалија со децении заостануваат во развој во однос на развиениот свет и не можаат да фаќаат тренд со високоразвиената европска и светска цивилизација.,

Што се однесува до покривањето на лицето и деловите на телото кај жените Коран, светото писмо на Исламот, препишува дека муслиманките треба да се облечат скромно, да ги покријат деловите на телото кои привлекуваат внимание кај машкиот свет. Тоа значи дека неоткриени делови на телото треба да бидат рацете и лицето. Според толкувањето на Исламот, жените треба да носат hijab. Има мал број на жени кои го покриват телото целосно вклучувајќи го и лицето. Во случајот кога само очите се непокриени тоа се вика niqab.

Во Велика Британија религијата не е одвоена од државата така што законите им даваат на Англиканската и Шкотската Црква (со нејзините врски со Монархијата и Парламентот), привилегирана позиција што не им дава и на другите религии. Тоа истото се применува и во некои Муслимански земји каде Исламот има привилегирана позиција. Во Модерна Британија во приватниот живот е дозволено луѓето да ги применуваат и почитуваат религиските норми и правила без никакви проблеми. До декември

2003 год. законски било дозволена дискриминација на Муслиманите како категорија « Муслимани « затоа што судовите не ги признавале Муслиманите како етничка група, како што тоа ги признавале Сиките и Језуитите. Муслиманите сепак уживале некаква заштита од законот под категоријата на етничка заедница како Пакистанци , Арапи и т.н. Модерна Британија како либерална демократија и место каде дури од 13 век постојат пишувани документи за заштита и унапредување на човековите права и слободи, покажува голема толеранција за верските слободи. Така ја обврзуваат нејзе и меѓународните договори чиј потписник е и таа како и член 13 од Договорот од Амстедрам (1999) за слободата на религијата.

И покрај сите овие факти во 2006 год. се отвори дебата за една тема која дотогаш беше во категоријата на "табу" темите: носењето на niqab-ot. Дебатата ја отвори Џек Строу, парламентарец од Блекбурн, регион каде има најмногу црни Азијати и Африканци и каде тој три мандати редовно победува благодарение на нивните гласови. Во една колумна напишана во "Дејли Маил" Џек Строу на дипломатски јазик напиша дека би било добро да Муслиманките кои носат niqab само во моментот кога одат во неговата канцеларија за прием да не го покријат лицето зато што така се воспоставува подобра комуникација, затоа што луѓето нивните емоции не ги изразуваат само со зборови туку и со гестикулации. Замолен да уште еднаш ја толкува својата колумна за време на своето предавање во "Fabijan Society" Џек Строу([80] ) вели дека тоа истото уште еднаш би го пишувал на ист начин. На замерката на една Муслиманка дека тој не заслужува почит зашто пишувал против муслиманската култура, Строу одговара: "Ако ние излегуваме од тука и се сретнаме на некоја улица, јас би бил во состојба да ви кажам здраво. Вие нема да бидете во состојба да го сторите истото. Главната причина е дека јас не можам да го гледам вашето лице. Ова поттикна река на разни реакции и коментари.. Trevor Philipp повикуваше да се прекине дебатата бидејќи атмосверата толку била загреана и дека според него

[80] *Jack Straw: " Muslims must feel British" -BBC, November 3, 2006*

би можеле да поттикне улична реакција. Некои политичари отворањето на дебатата од страна на Строу го толкуваа како негов обид да собира политички поени пред изборот на нов лидер на партијата во 2007 год. кога тој имаше намера да се кандидира за заменик претседател на партијата но многу други, меѓу кои и опозиционерот Дејвид Дејвис, сметаа дека тоа е прав потег иницирап во право време и дека таква состојба веќе не е издржлива.

Лидерот на Конзервативната партија Дејвид Камерон ,сега премиер на Модерна Британија, зборувајќи на една емисија на ITV1 истакна: "Јас не сум сигурен дека може да имаме некоја национална политика за niqab-от" и ги критикува политичарите дека премногу се мешале по ово прашање. И Тони Блер беше на иста линија со Строу по ово прашање и сметаше дека покривањето на целото лице "е знак за поделба" Во една од најгледаните интерактивни емисии на ББС 1 "Време за прашања" на прашањата на аудиториумот во врска со покривањето на лицето одговараше Хилари Армстронг([81]), министер за Социјална екслузивност во тогашната влада на Блер: "Тие што одлучат да го покријат лицето создаваат потешкотии на нивната средина, со сите со кои разговараат, за да тие заиста почуствуваат дека тие ги споделуваат истите вредности со нив. Јас сметам дека е доста тешко да го покриеш лицето и да учествуваш во сите активности во општеството. "

Кулминација на дебатата стигна кога Aisha Azmi, 23 год. учителка во West York, во една школа на Англиканската Црква во Dewsbury беше суспендирана од работа затоа што таа одбила да го не го носи niqab-от додека држи настава. Сметајќи дека таквата одлука се коси со нејзините религиозни права Aisha Azmi случајот го претстави пред судските иснтитуции. Расправајќи по тој случај Судот ги отфрли нејзините обвинувања за религиозна дискриминација и закана базирана врз основа на религијата. Судот сепак призна дека таа била виктимизирана и за тоа и одреди компензација од 1.100 фунти.

---

[81] *BBC One: Question Time October 20,2006*

Судскиот совет  во Kirklees во таа прилика донесе одлука со следна содржина: "Во овој случај школото и  локалните авторитети треба да ги балансираат правата на учениците да примаат што поквалитативно образование и желбата на г-ѓа Азми да ги изрази нејзините културни верувања со носење на niqab во училница".

Случајот Азми не изостанаа да го коментираат и поповите. Еден од најпознатите личности на Англиската црква беше испрашан дали муслиманските жени треба да очекуваат јавно прифаќање на нивниот став да го носат niqab-от, Др John Sentamu([82]) на тоа одговара: "Јас никогаш нема да го носам крстот, вели Архиепископот, кога посетувам синагога или џамија  затоа што јас одам во куќата на некој друг. И јас неможе едноставно да кажам прифаќајте ме како сум, сакате тоа или не. Во Британското општество вие може да носите што сакате но вие не може да очекувате британското општество да се врти околу вас. Ниедно малцинство не може да го наметне тоа во јавниот или цивилниот живот".

Тргнувајќи од фактот дека Ајша Азми била наставничка во едно школо кое било под ингеренциите на Англиската  Црква таа воопшто не била во право да се повикува на религиозна дискриминација. Еден друг аргумент е тој што таа не го носела никабот кога била на интервју пред да биде примена на работа туку  од првиот ден кога почнала да држи настава. Таа требала да им држи настава на учениците од 6 до 11 години на кои англискиот им бил втор јазик. Но случајот на Ајша Азми не остана осамен. Неколку дена потоа еден друг суд го прекини судењето затоа што една муслиманка, која  беше странка  во еден судски процес, исто така одби да го отрие лицето за време на судењето. Осврнувајќи се на овој феномен Тарик Модуд, (Modood 2006) професор по социологија во Бристол, како и директор на Центарот за етнички заедници и национална припадност, пишува дека британсткото општество во овој поглед е многу толерантно наведувајќи дека во муслиманските земји каде се применува

---

[82] *Dr. John Sentamu: "Muslim women should not wear veil", Lite, November 13, 2006*

Шаријатот на припадниците на другите религии не им се дозволува да ги носат нивните религиозни обележја.

# Глава III

## Стратегија на владата за зголемување на расната рамноправност и кохезија меѓу заедниците:

### „Создавање на можности, зацврстување на општеството“

Стратегијата е усвоена во јануари 2005 год. од страна на Home Office (Министерство за внатрешни работи). Стратегијата нема цел да "...сите граѓани од етничките заедници се стават во една категорија додека другите во друга категорија...всушност тоа се однесува на подобро однесување во идентификацијата и одговорот на специфичните потреби на разни заедници, во образованието, здравството, вработувањето, вдомувањето, безбедноста"([83]). Во Стратегијата е наведено дека владата е решена да ги подобрува животните шанси за сите нејзини граѓани, особено на тие кои се со посебни потреби. Се истакнуваат успесите кои последниве седум години се постигнати во полето на образованието, здравството и вдомувањето. Се истакнува дека многу припадници на Црната заедница добро се вклопени во општеството но и дека кај повеќемина се присутни слаби резултати во образованието, вработувањето, здравството, дека дел од нив се расно дискриминирани, недостасува давање можности.

Стратегијата имаше за цел да се достигнат објективите да се намали расната нееднаквост во периодот од 2005-2008 год., како што следи:

- Во образованието некои групи, како што се Кинезите, постигнуват резултати, но другите како што се Пакистани, Бангладеши и Афро-карибски ученици имаат послаби резултати и дека за да им се помогне на нив да постигнуват подобри резултати ќе се одвојуваат £162 милиони преку Грантот за постигнувања на етничките малцинства. Со тоа владата сакала да ги убеди младите дека сите

---

[83] *Предговор на Чарлс Кларк, тогашен Секретар на Home Office*

можат да имат добивка од јакиот економски развој, со тоа што на децата им се дава можност да најдобро стартират во животот..

- Во областа на вработувањето, според Стратегијата, се затвара хендекот меѓу етничките малцински групи и мнозинството но сеуште многу групи имаат низок ниво на вработеност, посебно кај жените. Помалку од половина од жените од Пакистани и Бангладеши потекло се вработени но во нивните работни места имат малку шанси за унапредување. Во компетитивната економија државата  сака да профитира од способностите на сите без разлика на нивната етничка припадност.

- Во здравството целта е да се создават услови пациентите да имаат поголем избор на здравствените услуги, посебно за припадниците на посебните културни и етнички групи. Ќе се превземаат акции за бесплатна скенирање на матката на жените од Азија, во функција на борбата против ракот; ќе се вработуваат повеќе од 500 здравствени работници од етничките црни заедници. Низ програмите на NHS (Националната здравствена служба) ќе се намалуваат нееднаквостите во здравството, ќе се работи на намалување на срцевите заболувања кои се високи кај жителите од  Јужно-азиско потекло. Раководството на Комисијата за расна еднаквост ќе работи и понатаму на зголемување на бројот на претставниците на етничките заедници во NHS.

- Во областа на вдомувањето се истакнуваат лошите услови во кои живеат Црнците и етничките заедници, со малку варијации меѓу заедниците. Целта беше до 2012 на сите социјални групи да им се обезбедуваат добри услови за живеење. Според Стратегијата за 70% на лицата кои живеат во лоши услови ќе се направат напори за подобрување на нивнитеот живот. Ќе се идентификуваат потребите за вдомување наредните години за етничките заедници.

- Во полиција и  судскиот систем, после убиството на Стивен Лауренс (1999 год) направени се напори да се подобруваат условите кои им се потребни на етничките заедници. Ќе се внесат нови статутарни

обврски во редовите на полицијата да се промовира диверситетот со тоа што ќе се зголеми бројот на претставниците на Црната заедница кои ќе служат во нивни региони. Стратегијата предвидува да се зајакне партнерството меѓу Комисијата за расна еднаквост и јавниот сектор на инспекторатите, така што двете ќе работат преку нивните тела да ја промовират еднаквоста.

Свесни за појавување на разните форми на дискриминација владата во 2003 год. усвоила и закон против дискриминацијата во полето на вработувањето засновано врз верска припадност.

Една од целите на Стратегијата била да се создаде кохезивно општество, со тоа што луѓето од сите раси и вери да работаат заедно, да создаваат големи бизниси, да одговараат на заедничките предизвици, разменуваат идеи и го покажуваат најдобриот талент во спортот и уметноста. Таквото кохезивно општество треба да се заснова врз еднаквите можности, врз зголемениот број на социјалните услови кои ги помагат луѓето од сите средини да работаат заедно и да го развиваат чувството на инклузивност и да го споделуваат британскиот идентитет. Стратегијата ја претставува намерата на владата да го промовира чувството на заедничката припадност и кохезија меѓу сите групи, претставувајќи ја визијата за инклузивно британско оптштество.

Основната цел на Стратегијата е да се создават услови :

а) младите од разните заедници растат со чувството на заедништвото ([84]).

Со стратегијата ќе им се даваат можности на сите млади од сите заедници да учаат и се социјализираат заедно и да го развиваат

---

[84] Според тоа што е досега постигнато токму во ова сфера има најголеми промашувања школите се повеќе се поделени врз религиска припадност; постои расна дискриминација и д р.

чувството за припадност кон британскиот идентитет напоредно со нивните културни идентитети.

б) да се интегрираат новите имигранти-за имигрантите кои доаѓаат од разни делови на светот се воведува церемонија на стекнување на државјанството, која ќе биде претходена од практичната помош како да успеат да живеат во Обединетото Кралство. Стратегијата за интеграција на имигрантите го скицира начинот на прием и интеграција на имигрантите со тоа што е воведена програма за интеграција на имигрантите.

ц) луѓето да имаат повеќе можности да развиваат поголемо разбирање на културите кое ќе придонесе за зајакнување на земјата.

Акцентот тука се става на развој на заедничкиот спорт и заедничката уметност кои имаат сила да ги зближуваат младите од сите етнички потекла. Таква една улога би имале музеите, галериите и културните програми на заедниците во смисол на организирање на манифестации со елементи на локалното и националното општество. Се дава поддршка на верските и етничките заедници во нивните програми да развиваат меѓуразбирање и дијалог, за која цел ќе се доделуваат нови 3 милиони фунти стерлинзи.

д) луѓето од сите заедници да имаат можности да учествуваат во цивилното општество.

Се стимулираат луѓето од најнеразвиените заедници да се ангажираат во јавниот сервис, преку волонтирање. Целта беше до 2008 да се подигне за 5% нивното учество како ризични групи во јавниот сервис и за таквите активности во заостанатите региони биле издвоени уште 4 милиони фунти.

е) борба против расизмот.

Се превземаат мерки за намалување на инцидентите кои се појавуваат во друштвото врз расна нетолеранција. Се обврзуваат полицијата и судството ефикасно и на време ги решават случаите.

ф) изолирање на екстремистите кои промовират омраза. Во Стратегијата се вели дека не треба да се преценува нивното влијание, но исто така не треба и да се потценува. Донесени се законски норми да религиски или политички групи сносат кривична одговорност ако прошируваат омраза заснована врз религиска, расна или друга основа.([85])

## 3.1 Донесувањето на “Акт за расни односи”

Актот за расни односи е донесен 1976 год., амендиран 2000 год. носи наслов "Акт за расни односи (Амандмани) 2000". Составен дел е и правилникот за расни односи 2003 год. Во суштина Актот во текот на годините неколку пати бил амендиран но најсуштинското амендирање е тоа од 2000 год.

Актот за расни односи пропишува правила кои се однесуваат на вработувањето, планирањето на станбената политика, извршувањето на јавни функции како од страна на јавните така и приватните авторитети кои извршуваат јавни функции, образование, култура , служби и економија.

Во Актот се дефинира "расната припадност" и "расната група". Според Актот "расна припадност" подразбира една од овие припадности како што се боја, раса, националност или етничко или национално потекло.

Додека "расна група" подразбира група на лица кои се дефинираат тргнувајќи од бојата на кожата, расата, националноста или етничкото или националното потекло, како и на расната група на лицето на која

[85] *The Irish Times, February 22, 2007 : Британската влада треба да ги зајакне напорите против екстремно десните политички групи како што е БНП (Британската национална партија), рече вчера Секретарот за заедниците Рут Кели.Г-ѓа Кели ги обвинуваше екстремно десните екстремисти за промоција на насилство и раздор со увеличување на "митовите и лошото разбирање" околу Британското мултикултурно општество.*

се повикува дека тој и припаѓа. Како што се гледа се работи за една сосема гломазна дефиниција со намера да се опфаќат сите лица кои не и припаѓат на мнозинската заедница.

Актот им дава насоки на лицата кои извршуваат јавни функции да ја разгледуваат потребата да се отклонува противзаконската дискриминација, да промовираат еднаквост на можностите и добри односи меѓу разните расни групи. Носителите на јавни функции треба да составуваат „шема за расна еднаквост„ со која ќе ја објаснуваат нивната политика како тие ќе ја спроведуваат обврска за создавање на расна еднаквост.

Според позитивните закони на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска поттикнување на расна омраза е кривично дело. Во категорија на кривични дела влегуваат печатењето и објавувањето во весници на материјали кои поттикнуваат расна омраза. Ако било кој е навреден врз расна основа треба да го пријави случајот така што полицијата тој случај ќе го проследи до судот. Исто така и материјалите во електронските медиуми кои имаат за содржина навреда врз расна основа и не се во согласност со кодот и практиката за работа на медимумите можат да се доставуваат до Комисијата за поплаки на Авторитетите за стандарди на медимумите додека ако таква содржина имаат рекламите тогаш поплаките треба да се доставуваат до Авторитетот за стандарди на рекламите.

## 3.2 Акт за еднаквост 2006 (Equality Act 2006)

Актот за еднаквост е донесен во февруари 2006 година. Со овој акт се конституира Комисијата за еднаквост и човекови права додека престануваат да функционираат Комисијата за еднакви можности, Комисијата за Расна еднаквост и Комисијата за правата на лицата со посебни потреби..

Во првата глава на Актот се конституира Комисијата за еднаквост и човекови права, потоа се припишуваат надлежностите на истата, донесувањето на стратегискиот план, дискриминаторната пракса, донесување на акциони планови, поднесување поплаки до судовите, законска асистенција, распуштање на досегашните комисии и човековите права во Шкотска.

Втората глава препишува мерки против дискирминација заснована врз база на  религија и уверување во која се даваат клучните концепти што е религија и уверување, основање на образовни институции, обврски за локалните авторитети во областа на образованието, дискриминаторната пракса, за организациите кои се баваат со хуманитарни и религиски работи, верските училишта, за имиграцијата, националната безбедност и др.

Третата глава пропишува мерки против дискриминацијата врз база на сексуална ориентација.

Четвртата глава зборува за јавните функции. Во главата се предвидуваат мерки за забрана на дискриминацијата, општите обврски за промоција на еднаквоста, донесување на код на однесување и мерки за национална безбедност. Во истата се пропишуваат мерки против дискриминација на лицата со посебни потреби како и против дискриминацијата на лицата врз расна основа.

Главата 5 се однесува на општите одредби.

## 3.3 Акт за еднаквост-Equality Act (2010)

После двегодишна  парламентарна расправа Акт –от за еднаквост 2010  е влезен во сила на 1 октомври 2010 год.и некои елементи од Акт-от нема веднаш да влегуваат во сила од финансиски причини. Причината за модификација на Актот за еднаквост во 2006 год. е тоа што со новиот акт се опфаќаат повеќе категории на лица на кои има

треба законска заштита за да бидаат еднакви меѓу еднаквите во британското општество.

Актот за еднаквост ги сублимира и ги составува во еден документ следните акти:

-Акт-от за еднаквост 2006 –втор дел,

-Акт-от за расни односи 1976,

-Акт-от за сексуална дискриминација 1975,

-Регулативите за квалитетно еднакво вработување (религија и верба) 2003,

-Регулативите за еднаквост при вработување ( полова припадност) 2003,

-Регулативите за еднакво вработување ( возраст) 2003,

-Акт-от за еднаква плата 1970.

## 3.4 Комисија за еднаквост и човекови права

Комисијата за расна еднаквост е трансформирана во Комисијата за еднаквост и човекови права.

Кои се причините и аргументите Комисијата за расна еднаквост да биде преименувана во Комисија за еднаквост и човекови права?

Најосновниот аргумент е дека според аргументите на Владата еднаквоста не е малцинска грижа, таа се однесува на сите нас. Понекогаш сите граѓани можат да се соочуваат со пречки потполно да ги реализираат нивните барања, или бариери во потполно и рамноправно учество во општеството. Главните задолженија на

Комисијата се еднаквоста, диверситет и почитување на човековите права на секое машко. женско или дете. Комисијата ќе ги охрабрува сите институции да се ангажираат во реализирањето на овие објективи за доброто на секоја личност. Комисијата за еднаквост и човекови права се воспоставува со усвојување на Актот за еднаквост 2006 год.

Во општите одредби за основање на Комисијата се вели дека задача на Комисијата ќе биде да го поттикнува и поддржува развојот на општеството каде способностите на луѓето да го достигнуваат нивниот потенцијал нема да бидаат ограничени од предрасудите и дискриминацијата, каде ќе има почит за заштита на индивидуалните човекови права, почитување кон секоја личност, каде секое лице ќе има еднакви можности да учествува во општеството и каде ќе има взаемно почитување меѓу групите засновано врз почитта на диверситетот и споделеното почитување на еднаквоста и човековите права.

Комисијата ќе составува свој стратегиски план за активностите кои ќе ги превзема Комисијата во согласност со функциите кои му ги доделува Актот, одредува временска рамка за секоја активност, одредува приоритети за разните активности и одредува принципи кои ќе се применуваат за реализирање на приоритетите. Исто така Комисијата еднаш на три години ќего го разгледа исполнетоста на планот.

Во областа на еднаквоста и диверситетот Комисијата ги има следните задачи и ингеренции:

-да ја промовира важноста на разбирањето на еднаквоста и диверситетот,

-да промовира еднаквост и еднакви можности,

-да промовира разбирање и свесност за еднаквите права,

-зајакнување на еднаквоста,

-да работи кон елиминација на противзаконска дискриминација,

-да работи за елиминација на протизаконско заплашување,

"Диверситетот" според Акт-от значи дека луѓето се различни додека "еднаквост" според Актот значи еднаквост меѓу лицата.

Во полето на човековите права Комисијата ќе се ангажира;

-да го промовира разбирањето и значајот на човековите права

-да ја поттикнува добрата примена на човековите права;

-да промовира разбирање на човековите права како и нивна заштита

-да ги поттикнува јавните институции да се однесуваат согласно член 6 од Актот за човекови права од 1998 год.

## 3.5 Комисија за интеграција и кохезија

Комисијата беше конституирана од страна на Секретарот за заедници и локална самоуправа во Владата на Тони Блер, Рут Кели на 26 јуни 2006 год. Комисијата е советодавно тело која има за цел да

утврди како локалните власти можат да добијат бенефиции со зголемување на диверситетот како и да предлагат мерки како да одговарат понекогаш и на меѓуетничките тензии.

Комисијата предлага практични мерки како заедниците да изградат нивни капацитети за превенција на проблемите, вклучувајќи ги тука и проблемите кои произлегуваат од сегрегација. Претседател на Комисијата на првиот мандат е избран еден од етничките заедници, претседател на Советот на општината Илинг. Инаку, после конституирањето на ова комисија која претежно ќе делува на локално ниво, претседателот на Комисијата за Расна еднаквост Филип Тревор се изјасни дека таква комисија всушност е непотребна бидејќи нејзините цели и ингеренции се совпаѓаат со целите и ингеренциите на комисијата со која претстедава тој.

## 3.6 Северна-Ирска и корените на конфликтот- « Нередите"

Северно-ирските несогласувања и дискриминаторски постапки од една до друга декада низ векови се заострија и се претворија во најсериозна форма на религиозен и етнички конфликт кој ескалираше во текот на 60-тите и 70-тите години од минатиот век год. иако нивните корени датираат уште пред обединувањето на Ирска со Кралството Велика Британија кога таа од време на време праќаше војска во нејзина територија со цед да ја има под контрола Ирска.

Британскиот крал Henri VIII кој беше прогласен за Крал на Ирска со Ирскиот Акт на Круната (Crown Ireland Act 1542) и беше признат од некои протестантски земји во Европа и истовремено беше негиран од некои католички земји , после недоразбирањата што ги имаше со Папата, ја стави Ирската црква под своја контрола и се прогласи како поглавар на црквата и напоредно со елиминацијата на католичката вера ја зголеми и бројката на протестантските колонии низ Ирска. Ово период е забележен како период на Реформаторство.

Во далечната историја на Велика Британија е запишано дека Северна Ирска била окупирана од Норманите во 1066 и сто години потоа Англо-Норманите и Англичаните почнаа да се прошируваат низ Ирска посебно околу Даблин. Некои од тие племиња се интегрираа во другите култури додека другите останаа непроменети и сочинуваа мнозинство на протестанти.

Англите го ставија под контрола Ulster-Алстер (Северна Ирска) откако го поразија нивното востание во 1603 и потоа Ирската земја ја дале на колоните од Англиско и Шкотско потекло кои имаа различита култура и говореа различити јазици .

Католиците во нивната историја секогаш правеа обиди да се оттргнат од Англиската администрација и доминација. Еден таков обид на востание пропадна во 1641 год. и како резултат на тоа изби етнички конфликт меѓу Англиските и Шкотските колони од протестантска религија и Ирските домородци од католичка религија.

Во 1688 год. протестанскиот принц од Холандија William of Orange стана крал на Англија и Шкотска на покана на Британците .Тој

насилно го симна од трон британскиот католички крал James II кој побегна во Ирска. Вилијам Оранж го победи Џејмс II во 1690 год. на битката кај местото Boyne, на северо-запад од Ирска и од тогаш протестантите го примија него како нивен бранител и тој датум тие го славаат секоја година на 12 јули. Одземање на земјата на Католиците и давање на колоните Протестанти како и масакри врз населението била карактеристика на владеењето на Кромвел ( Holloway, 2005) и така Католиците кои на почеток на неговото владеење имале на посед 56% од земјата после две децении тие останаа со 10% земја.

Трагични последици врз Католиците остави Кривичниот законик кој беше донесен во 1695 год. во Westminster и кој 70% од Католиците ги стави вон политичкиот и образовниот систем, без право да ја практикуваат нивната професија и без право на наследство на земја и овој период траеше сé до 18 век.

Во Ирска тие децении се супротставија две опции : ирската опција беше Ирска да биде сé посамостојна додека англиската опција беше да ја стави Ирска под своја строга контрола така што во 1801 Кралството Велика Британија и Кралството Ирска се обединија.

Во 18 век од редовите на Католиците се формираа организации за одбрана на Католиците од нападите на Протестантите додека после победата на Протестантите над Католиците близу Армаг се формира организација која имаше за цел да ја брани протестантската вера, протестантскиот крал и поредокот со име Портокалов ред (Orange Order).

Еден обид да се создаде заеднички фронт на Католиците и протестантите беше под водството на Wolfe Tone во 1791 год. со создавањето на Обединетите Ирци која организација имаше за цел да се бори за ирски права и против британските апетити на доминација врз Ирска. Организацијата се бореше за рамноправност меѓу Католиците и Протестантите сé до нивниот внатрешен раскол во 1798 кога доживеа внатрешен пораз.

Бројчано населението на Ирска се намали на почетокот на 19 век кога поради болеста на компирот (!845-1849) и проширувањето на гладта околу еден милион Ирци умреа од глад и два милиона се иселиле во Америка.

Во историјата на двете земји големо влијание имале обидите за создавање на Домашната регулатива, (Home Rule) и тоа било иницијална каписла на нараснатите интер религиски и интеретнички недоразбирања. Најголем противник на Home Rule беше Домот на Лордовите кој ги одбиваше Домашните закони кои ги усвојуваше Домот на општините. Така беа одбиени Домашните закони за Ирска во 1986 и 1893 год. После две обиди за усвојување на Домашна Ирска регулатива од кои првиот беше во 1886 год. веднаш после основањето на организацијата Ирско републиканско братство во 1858 (која притискаше за независност на Ирска) во 1912 год. до Парламентот повторно беше доставен уште еден Home Rule со кој му се даваше повеќе ингеренции на ирскиот парламент во донесување на закони кои биле од чисто ирски интерес, додека прашањата кои се однесувале на Круната, одбраната, морнарицата, надворешните работи, царината да останаат под ингеренција на Вестминстер.

Притоа ирските парламентарци и понатаму би оделе во Вестминстер. Овој настан придонесе до големи протестантски демонстрации и формирање на Доброволните сили на Алстер ( Ulster Vounteer Force) чија цел беше да се спречи усвојувањето на Законот и од друга страна од редовите на Католиците се формира Ирски

( Национални) волонтери кои беа во одбрана на донесувањето на законот. Предлог законот беше на праг на усвојување меѓутоа изби Втората светска војна и затоа предлагачите ја одлагаа расправата и одеа да се бораат против Германците кои и тогаш беа опасност за земјите од Европа([86]).

Овој Домашен закон пред да се усвои од страна на британскиот парламент беше причина за жестоки демонстрации во Ulster ( Holloway,2005) и Протестантите не можеа да разбираат што ќе биде со нив и нивните граѓански и религиозни права ако Велика Британија ќе ја изгуби контролата во Ирска. Со цел да ги бранаат нивните права во една можна децентрализирана Ирска Протестантите ги формираа Доброволните Алстер сили ( Ulster Volunteer Force). Како реакција на тоа Католиците формираа Ирски (Национални) Волонтери (Irish National Volunteers) со цел да го бранат домашниот закон.

За време на Првата светска војна поголемиот број на Ирци – Протестантите од редовите на Доброволните Алстер сили и Католиците од редовите на Ирски Национални Волонтери се бореа со

---

[86] Home Rule and Ireland, *www.historylearningsite.co.uk/**home_rule***

британската армија против Германците. Ирските националистички сили се надеваа дека како резултат на нивната поддршка после војната Парламентот во Вестминстер ќе гласа за Домашниот закон кој остана во процедура на гласање пред војната. На нивна несреќа дел од силите кои одстапија од Ирски Национални волонтери поддржани од Ирската граѓанска армија на James Connelly го организираа Велигденското востание и на 24 април 1916 год. прогласија Ирска Република. Востанието пропадна, затоа што беше задушено од британската армија и овој потег на почетокот беше поздравен од граѓаните. После задушувањето на востанието Британците погрешија оти ги убија востаничките лидери. Како реакција на таквите постапки Ирците почнаа да ги увеличуваат востаниците на Шин фејн како нивни херои и како резултат на таа популарност на британските ошти избори во 1918 год. Sinn Fein победи над Ирската Парламентарна партија. Овој беше клучен момент Michael Collins да стане на чело на војната за независност на Ирска неколку децении потоа со трансформирање на Ирски Национални Волонтери во Ирска Републиканска армија.

После Ирската граѓанска војна во 1921 год. со Англо-ирскиот договор се создава Ирска слободна држава во 1922 год. Согласно договорот Северна Ирска можеше да го искористи своето право и да отстапи од Ирска слободна држава што таа и го стори два дена потоа. Во периодот од 1920 до 1922 прогласувањето на Ирска слободна држава, за време на цивилната војна многу Католици беа убиени, 8300 избркани од работа и 23.000 избркани од нивните домови (Buckland,

1981:p46-50) ([87]), полицијата стана чисто протестантска , локалните изборни единици биле изманипулирани со цел да се обезбеди локално протестантско мнозинство, станбените комисии имале специјални задачи да становите не им се издаваат на Католиците и така "...двете заедници растеа одвоено, сегрегацијата нарасна и мешаните бракови беа неколку: Нивните деца биле едуцирани одвоено, учеа различити истории и играа различити спортови.Со државната логика националистите се сметаа себеси како граѓани од втор ред во рамките на една држава со која не можеа да се идентификуваат..."([88]).

Во овие тмурни години после прогласувањето на Ирска слободна држава во двете држави имаше акти на создавање на недоверба меѓу овие две етнички и религиозни заедници. Еден од тие лоши периоди за Протестантите на Ирска беше победата на Fianna Fail ( републикански националисти) на De Valera кога за британските производи беше воведена голема такса и кога со Уставот од 1973 год. целиот Ирски остров се прогласи како национална територија. Со Уставот повторно се врати улогата на Католичката црква која беше супримирана уште од времето на Henry VIII и повторно се врати папската црковната клаузула " Ne Temere" да децата од мешани бракови се запишуваат како Католици така што бројот на Протестантите рапидно се намалил.Овие мерки кои ги презеде владата на Де Валера на југот на островот создадоа паника кај

[87] Цитирано според Holloway, D., Understanding The Northern Ireland Conflict, 2005, The Community Dialogue Critical Issues Series, Volume Three, p-14.

[88] Ibid, стр.14

протестантското население на север и тие беа убедени дека Ирска слободна држава е опасност за Северна Ирска.

Од друга страна на Север Католиците стравуваа за нивната иднина. Во полицијата 89% од полициските сили биле протестанти, според изборниот закон во изборите за локална самоуправа сиромашните , работниците и ниските слоеви на населението немаа право да гласаат, властите имаа право да притвораат луѓе без претходно нив да ги осудуваат, имало голема дискриминација врз Католиците во областа на вработувањето, образованието, станбената политика и др. што создало погодна клима за протести на Католиците во 1968 год. организирани од Северно-ирската асоцијација за човекови права. Католичките протести почнаа во Белфаст и завршија во Лондондери. Во хаотична состојба владата на Северна Ирска немаше капацитети да се справи со католичкиот бунт и Британската војска интервенираше и ја стави состојбата под своја контрола. Таа се стави во функција на одбрана на малцинството-Католиците и за овој гест на почеток тие биле добро примени од оваа популација се додека британската влада не го донесе законот лицата осомничени за тероризам да се притвораат без судска одлука, што создаде гнев кај Католиците.За да се смири ситуацијата Британците го суспендираа Северно-ирскиот Парламент во 1972 и Северна Ирска директно се раководеше од Вестминстер. Договорот од Sunningdale во 1973 год. повторно го активира Северно-Ирскиот парламент. Во Договорот стои законската обврска да нема ирски уставни измени се додека мнозинството на народот за тоа не се изјасни.

Во 1975 год. политичките партии не можеа да се договораат за взаемно владеење во Северна Ирска. Велика Британија со посебен закон ги супримира привилегиите на затворениците на парамилитарните сили и не придонесе за подобар стандард на Католиците со што дојде до клучната фаза во меѓуирскиот конфликт: штрајк со глад на затворениците во 1981 год. при што дојде до смрт на десетина штрајкувачи меѓу кои и Bob Sands кој беше избран за член на Парламентот. Штрајкот со глад беше вовед на големи католички демонстрации.Неуспешни биле обидите за повторно активирање на ирскиот парламент во годините 1977, 1980, 1982, 1984.

Англо-ирскиот договор потпишан во 1985 год. беше еден чекор напред во насока на разрешување на кризата затоа што за прв пат на Ирска и беше овозможено да биде партнер во процесот на воспоставување на мирот во Северна Ирска. Со овој договор на мнозинството-Протестантите му беа дадени гаранции дека нема да има обединување ако мнозинството на населението тоа не го сака. После многу бомбашки акции на Католиците, демонстрации на Протестантите, убивања и насилство во текот на 1995,1996, 1997 год. политичките партии на Католиците и Протестантите како и владите на Велика Британија и Ирска водеа долги и мачни политички преговори и на крај се договорија да потпишуваат заеднички договор за мир и взаемно управување и владеење со државните институции на Северна Ирска.

Хроничарите, историчарите, социолозите, политичарите и другите кои го простудирале досега овој конфликт на дводецениско крвопролевање дошле до единствен заклучок дека севрено-ирскиот

конфликт не бил чисто сектаријански ( супримирање на католичката црква од страна на протестантскиот крал Henri VIII , потоа враќање на папскиот католички код (“ Ne Temere”) туку тој бил и конфликт за усвојување на земја, на станови, на вработување, на недискриминација ( период на владеењето на Кромвел) ([89])

Ирски Протестанти тоа го објаснуваат како нивна недоверба да живеат во заедничка држава Ирска затоа што во тој случај ќе станаат малцинство и ќе бидат дискримирани од мнозинство ирски Католици додека ирските Католици освен аргументите на минатото за дискриминација тоа го објаснуваат и со правото на обединување на Ирска.. Дали волјата на едните (Католиците) за обединување на двете држави во една, во овј случај Ирска значи и присилување на другите (Протестантите) да живеат во една геополитичка креација која не ја сакаат и каде не се чувствуваат свои на своето ќе се реализира ќе покаже времето.

За Alcock([90] многу е јасно дека Унионистичката заедница е мешана етничка заедница од луѓето од разно етничко потекло: Шкоти, Англичани, Велшани, Хугеноти кои во текот на историјата ги задржале нивните политички и културни врски со Англија. Претежно

---

[89] *Поседување на земја од страна на Католиците (Liechty,J 1993:22) цитирано од Holloway,2005:8 : 1641-59%- после периодот на Алстер Плантација, 1661-10% после Кромвел, во 1685-22% после враќањето на земјата од католичкиот крал Чарлс II,*

*1703-14% после војната со Вилијамс, 1778-5% после усвојувањето на кривичниот законик*

[90] *Alcock, A., CAIN Web Service-.The Unloved, Unwanted Garrison - The Unionist Community in Northern Ireland' (1994) p.8*

тие задржале такви тесни врски со Шкотска. " Нема врска што предците на едните се Англичани, Шкоти, Велшани или Ирци, културниот чадор на Унионистите е британски. Во поглед на културниот идентитет членовите на Унионистичката заедница се определени да бидат британци, да зборуваат англиски, да ја научаат британската историја и да ја негуваат британската културна традиција; да ги почитуваат британските институции. Неколкумина зборуваат ирски или имаат сознанија или пак учествуваат во ирските традиции", обаснува Alcock([91]).

Според републиканските националисти тоа е еден народ и две култури. Alcock наведува неколку аргументи зошто Унионистите не би сакале да живеат во обединета Ирска. Пред се покрај религиските разлики тој на прво место ги става економските разлики и тоа: слабата економска подлога на Ирска Република, високите такси и нивниот низок стандард на живеење, преголемата задолженост на Ирската република уште од 1990 год. ( 23.400 милиони англиски фунти) висок степен на невработеност. Во поглед на религиските закони Унионистите се плашаат од евентуална примена на католичките папски кодови на забрана на абортот, на именување на децата од мешани католичко-протестанстки бракови, на присилување на образование на ирски а не на англиски јазик и др. Што се однесува до животниот стандард повеќе него евидентно е

---

[91] *CAIN Web Service-'The Unloved, Unwanted Garrison - The Unionist Community in Northern Ireland' (1994), p. 4*

дека британските ирци-унионистите живеат во многу повисок стандард од ирските Ирци и др.

Долгиот период на конфликтни ситуации особено за времето на "Нередите" остави зад себе и голем број на жртви од една и од друга страна, но сепак поголем беше бројот на Ирските Католици, како што е прикажан во долните табели.




Таб. 1 Убиени во конфликтот според етничка-религиска припадност

Во горната табела се гледа дека сите страни учесници во конфликтот биле самите жртва на тој конфликт. Меѓутоа бројчано и процентуално Католиците имале поголем број на убиени луѓе, процентуално 44% додека Протестантите помал број односно процентуално 33%.. Жртви на конфликтот биле и тие што не биле од Ирска.

| Организација-Републиканци | Вкупно убиени |
|---|---|
| | |
| IRA-Ирска Реп.Армија | 1826 |
| INLA_Ирска.Нац.Ослоб.Армија | 123 |
| OIRA-Офиц.Ирска реп. Армија | 55 |
| Eure-Ирски трупи | 3 |
| rIRA-Реална Ирска реп. Армија | 29 |
| IPLO-Ирска Народна Осл. Армија | 24 |
| **Вкупно** | **2060** |
| **Парамилитарни групи-Унионисти** | |
| UVF-Алстер доброволни сили | 481 |
| UDA-Алстер одбранбена асоцијација | 262 |
| LVF-Доброволни сили лојалисти | 18 |
| RHD-Црвена рака одбранбена | 29 |
| LOY-Неспецифични Лој.групи | 247<br>**Вкупно: 1016** |

Таб. 2- Табела-Убиства од страна на милитарни и парамилитарни ([92])групи

[92] Табелите се направени според податоците на Malcolm Sutton, октомври 2002

Горната табела покажува дека од парамилитарните групи на едната и другата страна се убиени вкупно 2076 лица. Републиканските парамилитарни организации како што се IRA и другите кои ја сочинувале групата IRA (INLA, OIRE,EIRE, IPLO) извршиле вкупно 2060 убиства додека Унионистичките парамилитарни организации од Ulster групата ( UHV, UDA, LVF, RHD) извршиле вкупно 1016 убиства

Таб.3 Убиени од Британски и Ирски сили (1969-2011)

| БРИТАНСКИ СИЛИ | Вкупно убиени | |
|---|---|---|
| BA-Британска армија | 297 | |
| UDR-Алстер Рецимент за одбрана | 8 | |
| RUC- Алстер Кралски сили | 55 | |
| USC-Алстер специјални сили | 1 | |
| RAF- Воздушни Кралски сили | 1 | |
| Британска полиција | 1 | |
| Вкупно | 363 | |
| ИРСКИ СИЛИ | | |
| Garda Siochana | 4 | |
| Ирска Армија | 1 | |
| вкупно | 5 | |
| Други непознати | 80 | |
| вкупно | 85 | |

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно убиени од сите групи<br><br>(1969-2001) | 3529 | |
| Северна Ирска-убиени | 3271 | |
| Република Ирска | 115 | |
| Британија | 1125 | |
| Било каде во Европа | 14 | |

Таб.4 вкупно убиени по држави

Табелата покажува дека Британските сили и формациите слични на нив извршиле најголем број на убиства 363 лица додека Ирските сили и формациите блиски до нив извршиле вкупно 85 убиства. Вкупната бројка на убиствата од Британските и Ирските сили изнесува 3529 лица.

Споредбено според местото на убиените од вкупно убиените 3271 спаѓаат во убиени во Северна Ирска, 1125 во Велика Британија, 115 во Република Ирска и 14 во било каде во Европа.

# 3.7 Договорот на Белфаст - Договорот на Велики Петок

## ( Belfast Agreement- Good Friday Agreement)

Договорот на Белфаст или популарно речено Договорот на Велики Петок е договор меѓу републиканските и унионистичките политички

партии (мултипартиски разговори) ([93]) и Владата на Обединетото Кралство на Велика Битанија и Северна Ирска со кој се стави крај на многу деценискиот северно-ирски конфликт меѓу Протестантите и Католиците. Договорот е потпишан на 10 април 1998 год. (Велики Петок) и стапи на сила на 2 декември 1999 год.

Со Договорот на Велики Петок се става вон сила Британско-Ирски Договор од 1985 год., потоа се обврзуваат владите на Ирска и Северна Ирска да организираат референдум за прифаќање на Договорот на 22 мај 1998 год. Референдумот требаше да се организира ( и така е организиран) согласно Актот 1996 на Северна Ирска за влез во разговори и прашањето било дали се прифаќа Договорот постигнат на многупартиски разговори.

Во Република Ирска референдумот се организира со цел да се амендира Ирскиот Устав во согласност со определбите на Договорот од Велики Петок и со тоа се ставаат вон сила членовите 2 и 3 од Уставот на Република Ирска и

) [93] Договорот го постигнаа осум политички партии и две влади, и тоа: Алстер унионистичка партија, (UUP), Социјадемократска и работна партија (SDLP), Шин Фејн ( Sinn Féin) Партија на алијансата ( AP), Прогресивна унионистичка партија ((PUP) Женска коалиција на Северна Ирска( NIWC), Алстер демократска партија ( UDP) и Групан на трудот ( LG). Договорот не го потпишал Демократска Алстер Партија( DUP




| | Реп.Ирска | | | |
|---|---|---|---|---|
| вкупно | 1528331 | 100% | | |
| не | 85748 | 6% | | |
| да | 1442583 | 96% | | |

се заменуваат со Амандман 19 на Уставот. Од табелите се гледа дека бројот на граѓаните кои гласале негативно во двата референдума е различит, односно е повисок во Северна-Ирска што можеби овозможува да се донесе




| | Севр,Ирска | | | |
|---|---|---|---|---|
| да | 676,966 | 71% | | |
| не | 274,879 | 29% | | |
| вкупно | 951,845 | 100% | | |

заклучок дека во тие проценти повисок е бројот на Католиците кои се залагале за обединување на двете земји во една.

Договорот од Велики Петок е составен од следните определби:

1.Декларација за поддршка

2.Уставни прашања

-Анекс а: Предлог клаузули ( да се инкорпорираат во Британската легислатива),

-Анекс Б: Ирски Предлог измени на Легислатура наменет за Ирската Влада

3. Прв дел

-Демократски институции во северна Ирска

4. Втор дел

-Министерски совет Север-југ

5. Дел три

-Британско-Ирски совет

-Британско-Ирска меѓувладина конференција

6.Права, безбедност, рамноправност и можности

-човекови права

-законодавството на Обединетото Кралство

-нови институции во Северна Ирска

-соодветни чекори на Ирска влада

-заеднички комитет

-помирување и жртвите на насилствата

Економски,социјални и културни прашања

7. Разоружување

8. Сигурност

9. Политика и правда

Анекс : Комисија за управување со Северна Ирска

Анекс Б: Ревизија на правниот систем во обласа на криминалот

10. Затвореници

11. Валидација, имплементација и евалуација на постигнатото

Валидација и имплементација

Процедури за применета имплементација

Во Декларацијата за поддршка страните ја афирмираат нивната определеност за " ...изричита употреба на демократските и мирни средства за разрешување на разликите за политичките прашања и

нашето спротивставување на секоја употреба на закана или сила од другите за било која политичка цел..."([94]).

Во Уставни прашања страните ќе ја признаваат изразената волја на мнозинството на народот на Северна Ирска во поглед на нивниот статус во однос на тоа дали тие ќе се определуваат и понатаму да живеат во рамките на Обединетото Кралство или во рамките на суверена обединета Ирска.

Понатаму се признава правото на самоопределување на Ирците под услов тоа да се направи со обостран доброволен договор без никаков притисок од надвор и со почитување на волјата на мнозинството граѓани од Северна Ирска. Во наредната точка (iii) не се дозволува било која измена на статусот на Северна Ирска без доброволното изјаснување на нејзините граѓани, додека во точката (vi) се признава правото на Северно-Ирците од нивното родење да се декларираат како Ирци или Британци или пак како Британци-Ирци..

Во предлог клаузулите за инкорпорирање во Британската легислатива Северна Ирска останува дел од Обединетото Кралство се додека мнозинството на неговото население не се изјаснува подруго. Ако мнозинството на граѓаните на Северна Ирска се изјаснуваат да ја раскинуваат врската со Обединетото Кралство тогаш државниот секретар ќе поднесе таков предлог пред Парламентот со цел да почне процес на договарање меѓу Владата на нејзиното Височество и Владата на Ирска.

---

[94] Точка 4 од Декларацијата.-Northern Ireland Assembly-Good Friday Agreement, htpp:www.ni-assembly.gov.uk/

Договорот предвидува амендирање на Уставот на Ирска, што е направено на 22 мај 1998 год. Се амендираат член 2 и 3 од Уставот. Со ова се отфрлува поранешната дефиниција на Ирската територија и се воведува правото на припадност на било кој Ирец роден во островот на Ирска кон ирската нација, согласно законите и се признава правото на Ирците за обединување " ...исклучиво со мирни средства со доброволно изјаснување на мнозинството на двата народа, изразено на демократски начин, во двата законодавства на Островот..."([95]).

Дел Први од Договорот предвидува избор на Северно-Ирски парламент од 108 члена од постоечките изборни единици на Westminster кој ќе има законодавна и извршна моќ во однос на прашањата кои ќе бидаат во надлежност на 6 Северно-Ирски Департмани.

Во законодавството да се имплементира Европската конвенција за човекови права како и да се востанови Комисија за човекови права,

Одлуките да се донесуваат врз основа на меѓуетничка согласност или со паралелна согласност, т.е мнозинство на присутните при гласање вклучувајќи мнозинство на унионистите и мнозинство на републиканците или со мнозинство од 60% на присутните при гласање од кои 40% од унионистите и 40% републиканците.

---

[95] Член 3 на Договорот, или Амандман 29 од Уставот на Ирска, Northern Ireland Assembly-Good Friday Agreement, htpp:www.ni-assembly.gov.uk/

Претседателот на Парламентот, Првиот Министер (премиерот ) и Заменик првиот министер да се избираат со меѓуетничка согласност.

Претседателот на Парламентот како и заменик претседателот на Парламентот да се избираат со меѓуетничка согласност.

Извршната власт ќе се раководи од Првиот министер и заменикот на Првиот министер со 10 министри. Првиот министер и заменикот на Првиот министер заедно ќе се избираат на Парламент со меѓуетничка согласност. Министерстките места ќе им се доделуваат на партиите врз основа на d'Hondt системот. Сите Северно-Ирски департмани ќе бидат раководени од министри.

Во дел два се воспоставува Министерски совет Север-Југ. Тело каде членуваат министри на Владата на Северна-Ирска и Република Ирска, за взаемна консултација и соработка. Северна Ирска да биде претставена од Првиот министер и некој друг министер и Ирска да биде претставена од Премиерот и некој друг министер. Одлуките би се донеле со консензус.

Дел три-Се востановува Британско-Ирски совет од претставници на Британската и Ирската влада, децентрализираните институции на Северна Ирска, Шкотска и Велс со претставниците на Островот Ман и Островите Канал. Целта на востановувањето на овој совет била Ирска да прифати постоење и на друг Ирски или Британски Ирски идентитет.

Востановување на нова Британско-Ирска меѓувладина конференција со обединување на поранешните Англо-Ирски меѓувладин совет и Меѓувладиниот совет од Договорот од 1985 год.

Договорот предвидува и мерки на помирување , рамноправност и давање на шанси, креирање на заедничка Комисија за човекови права и ослободување на затворениците како и мерки за имплементација на Договорот.

Основа на потпишување на Договорот од Белфаст беше прогласувањето на престанок на воените дејствија на Провизорната IRA на 12 август 1994 год. како и прекинот на огнот објавен од страна на Командата на мешаните милитарни лојалисти на 13 октомври 1994 год.

Повторното функционирање на Парламентот на Стормонт почна во мај 2007 год., и Ирската влада почна во состав Ian Paisley (Unionist) прв министер и Martin McGuiness (републиканец) како заменик прв министер , двајцата со еднакви права и должности во управувањето со владините институции. После пензионирањето на Ian Pailsey прв министер стана член на неговата партија (DUP) Peter Robinson.

## 3.8 Комисија за човекови права на Северна-Ирска

Комисијата е востановена со Договорот од Белфаст или Договорот од Велики Петок во 1998 год. ([96]). Таа станаа оперативна од 1 март 1999 год. Основа на основање на Комисијата се Акт на Северна Ирска од

---

[96] *Htpp:/www.official-documents.gov.uk. u htpp:www.nihrc.org*

1998 год. амендиран од Акт на правда и сигурност на Северна Ирска од 2007 год. Задачите на Комисијата се следни:

-да ги надгледува законите и нивното практицирање во делот на заштитата на човековите права,

-да го советува Државниот секретар за Северна Ирска како и Извршниот комитет на Собранието на Северна Ирска за мерките кои треба да се земаат за заштита на човековите права,

-да го советува Парламентот на Северна Ирска дали предложената легислатива е компатибилна со стандардите на човековите права,

-да го промовира разбирањето и значајот на човековите права во Северна Ирска преку превземање на едукативни и други мерки,

-да обезбеди совети за Држаниот секретар на Северна Ирска за рамката на суплементарните права на Европската конвенција за човекови права кои треба да се имплементираат во легислативата на Вестминстер,

-да дава совети на лицата на кои тоа им е потребна за практично реализирање на нивните права.

## 3.9 Комисија за еднаквост на Северна Ирска

Актот за расни односи од 1976 год. препишува посебна комисија за промоција на еднаквоста во Северна Ирска која е именувана како Комисија за еднаквост. Комисијата е независно јавно тело основана врз Актот на Северна Ирска од 1998 год.

Визијата на Комисијата е да се изгради ирско општество како интегрирано и инклузивно, општество со почитуван диверситет и вредности основано врз еднаквост на целата заедница.

Целта на Комисијата е да се унапредува еднаквоста и еднаквите можности, да ги поттикнува добрите меѓуетнички односи и да ја предизвикува дискриминацијата преку промоција, совети и др.

Задачи на Комисијата се следните:

-работи за исчезнување на дискриминацијата,

-промоција на еднаквоста и можностите со поттикнување на добрата пракса,

-промоција на афирмативните/позитивните акции,

-промоција на односите меѓу разните расни групи,

-надгледување на имплементацијата и ефективноста на статутарните надлежности на јавните авторитети,

-надзор над релевантното законодавство,

Инаку ова Комисија ги земала надлежностите на Комисијата за расна еднаквост за Северна Ирска од 1 октомври 1999 год. на Комисијата за еднакви можности на Северна Ирска и на Комисијата за фер вработување на Северна Ирска . Бидејќи Комисијата ги земала задачите на многу претходни комисии сега во нејзина надлежност се промоцијата на анти-дискриминацијата врз основа на расна, половна,

религиозна припадност и уверување како и изнесување на политички мислења.

Во организационата структура на Комисијата за еднаквост има менаџмент тим кој е раководен од Извршниот шеф. Комисијата има пет единици за координација:

-Стратегиско зајакнување,

-Промоција и едукација,

-Вработување и развој,

-Политика и развој,

-Корпоративни служби,

-Единица за соопштување со јавноста и кооординација.

Стратегиското зајакнување има за цел на граѓаните и на синдикатите да им дава легални совети, информации, поддршка во сите области каде тие се дискриминирани и каде се постапува спротивно на законодавството на Северна Ирска.

Единицата за вработување и развој има задача да ги поддржи вработувачите и да врши експертиза на вработувањата врз законот за антидискриминација, да ги поддржи вработувачите во развојот на најдобрата пракса, во промоција на позитивниот развој и акција, да го надгледува однесувањето на вработувачот согласно Одлуката за Фер вработување и третман од 1998 год. За да се остварат овие цели два тима работат со работодавателите за да се искорени

дискриминацијата и да се промовира еднаквост на можностите во вработувањето.

Комисијата има за цел да ги анализира и предлага до надлежните институции анти-дискриминаторски закони, да го надгледува вработувањето и да дава сугестии на институциите како да се отклонуваат пропустите кои доведуваат до нерамноправност основана врз расна, сексуална припадност, припадност врз основа на брачна состојба, верски уверувања и политичко убедување. Исто целта на комисијата е да промовира позитивни/афирмативни акции, пропомција на добри односи меѓу разните народи, надледување на имплементацијата и ефективноста на статуторните обврски на јавните авторитети како и надгледување на законодавството.

Во областа на вработувањето според стаднардите Комисијата препорачува сите испразнети места да бидат јавно објавени. Кога се однесува на низок ниво на претставување на одредени групи како што се жени, лица кои припаѓаат на посебни групи од заедниците Комисијата ќе објави пријателски став и други афирмативни акции со кои ќе ги охрабруваат лицата од групата која е ниско претставена да аплицирааат.Сите назначувања треба да бидат строго под заслуга, согласно мерит системот.

Комисијата има право, врз база на законите за фер вработување и третман да го мониторува составот на работната сила врз база на етничка припадност или половна припадност и секоја година како и да поднесува детален извештај секоја трета година. Исто така комисијата има обврска да се грижи за вработување на поголем број

на лица со посебни потреби или од етничките групи кои се запоставени.

Комисијата за еднаквост ја води менаџерски тим на чело со извршен директор. Таа е составена од пет единици кои се за стратегија и зајакнување; промоција и образование; вработување и развој; политика и развој; корпоративни служби; комуникација и координација

## 3.10 Акт за безбедност и правда (Акт на Северна Ирска 2007)

Актот за безбедност и правда на Комисијата им ги доверува следните права:

-да интервенира лицата да не бидат жртва на лоша примена на законските акти,

-да ги посетува Северно-Ирските затвори кога се однесува за некој случај ,

-известува за владините обврски кон меѓунатродните договори за човековите права,

-дава правна помош на лицата на кои тоа им е потребна во областа на човековите права.

## 3.11 Акт за фер вработување- Fair Employment Act

Актот за фер вработување за прв пат е донесен во Северна-Ирска во 1976 год., потоа истиот е дополнуван во 1989 год. Со донесувањето на Акт-от за фер вработување се воспоставува и Агенција за фер вработување ( Fair Employment Agency). Целта на донесување на горенаведениот акт била да се оневозможува директна и индиректна дискриминација врз било која основа, посебно врз основа на религиска припадност. Во праксата на примена на законските норми е невозможно да се утврди дали имало директна или индиректна дискриминација и горенаведениот акт оневозможил примена на сопствена волја на работодавачите од Протестантските претпријатија под образложение дека во претпријатие каде мнозинството на работна сила се Протестанти поради нивна сигурност на работа да не се примаат на работа Католици или во обратна насока. Во Акт-от биле исклучени некои категории, како што биле учителите и безбедносните сили. Актот за фер вработување е дополнет со други мерки и во тој се опфатени и други професии. Со Актот Агенцијата за фер вработување се претвара во Комисија за фер вработување.

Актот за фер вработување од 1989 год. воведува и други норми за претпријатијата, како што се обврската на претпријатијата кои имаат повеќе од 10 вработени да се пријавуваат кај Комсијата за фер вработување, да ја преиспитуваат политиката на вработување по религиозна основа и да даваат годишен извештај до Комисијата за фер вработување. Овие мерки важаат и за претпријатијата кои имаат повеќе од 250 вработени.

Непочитувањата на одредбите кои произлегуваат од Актот за фер вработување од 1989 год. и од Комисијата за фер вработување можаат

да бидаат предмет на судски процес во трибуналот за фер вработување. Комисијата за фер вработување и други невладини организации, научници во досегадшниот тек напишале многу студии како се применуваат одредбите на Актот. Еден од подеталните студии е направен од Галагер, и неговите согледувања се дека и покрај чувството на едните дека нема дискриминација (Протестанти) и другите дека има предрасуди и дискриминација (Католиците) вистината е дека двете страни на некој начин биле незадоволни и дискриминацијата навистина постоела.

Таб. 1 Процентуална невработеност според религиска припадност (1971-1987)

| | Протестанти (%) | | Католици (%) | |
|---|---|---|---|---|
| | *Машки* | *Женски* | *Машки* | *Женски* |
| 1971 | 7 | 4 | 17 | 7 |
| 1981 | 12 | 10 | 30 | 17 |
| 1983-84 | 15 | 11 | 35 | 17 |
| 1985-87 | 14 | 9 | 36 | 15 |

***Извор: A. M. Gallagher, The Majority Minority Review, No.2, Employment, Unemployment and Religion in Northern Ireland***

Од анализите за процентуалната невработеност според религиска припадност во Северна-Ирска од годините 1971-1987 што ги направил Gallagher се гледа дека кај двете религиски групи Протестантите и Католиците бројот не невработени мажи е поголем од бројот на невработени жени.

Кај Протестантите разликава во процентот на невработеноста е тесна освен 1971 кога машката невработеност била 7% и женската невработеност 4% или во проценти околу 45% повеќе невработени мажи него жени. Кај Католиците мажите се убедливо најневработени во однос на жените, и тоа скоро секогаш во однос двајца невработени

мажи и една невработена жена. Тој однос е константен кај мажите Католици во однос на жените од иста религија во годините 1971, 1981, 1983-84, 1985-87.. Споредбено според религиска припадност мажите Католици се во поголема бројка невработени од мажите Протестанти, и тоа во соодност 1: 2, 3%.

Фиг. 2 Процентуална невработеност според религиска припадност- жени




*Извор: A. M. Gallagher, The Majority Minority Review, No.2, Employment, Unemployment and Religion in Northern Ireland.*

Нешто подобар соодност имаат жените Католици со жените Протестанти ако ги споредиме со состојбата на нивните мажи во однос на Протестантите, и тоа соодносот на невработена жена Протестант со невработена жена Католик бил 1: 1,5

Tab. 1- Работна сила според религиска припадност Протестанти Католици во 10 најдобри фирми во Северна Ирска, во 1997 год.

| | | | Протестанти | | Католици | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден | Име на компанијата | Вкупен | бр. | % | бр. | % [ | Недекл.] |

| број. | | бр. вработени | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Short Brothers PLC. | 6,058 | 5,016 | 85.5 | 851 | 14.5 | 191 |
| 2 | Desmond & Sons Ltd. | 3,679 | 1,158 | 31.9 | 2,472 | 68.1 | 49 |
| 3 | Кралски универзитет во Белфаст | 3,045 | 1,611 | 67.9 | 763 | 32.1 | 671 |
| 4 | Универзитет на Алстер | 2,962 | 1,713 | 69.2 | 763 | 30.8 | 486 |
| 5 | Британски телеком на Северна Ирска | 2,810 | 1,567 | 56.6 | 1,203 | 43.4 | 40 |
| 6 | Стјарт супермаркети Ltd. | 2,698 | 1,974 | 73.8 | 701 | 26.2 | 23 |
| 7 | Adria Ltd. | 2,682 | 372 | 14.1 | 2,263 | 85.9 | 47 |
| 8 | Moy Park Ltd. | 2,565 | 1,505 | 60.5 | 982 | 39.5 | 78 |
| 9 | Супер Вали дистрибуција | 2,551 | 1,202 | 48.5 | 1,277 | 51.5 | 72 |
| 10 | Северна Ирска електрика | 2,254 | 1,642 | 73.8 | 583 | 26.2 | 29 |
| 11 | Северна Банка | 2,196 | 1,634 | 75.3 | 537 | 24.7 | 25 |

*Извор: A. M. Gallagher, The Majority Minority Review, No.2, Employment, Unemployment and Religion in Northern Ireland. Centre for the Study of Conflict School of History, Philosophy and Politics, Faculty of Humanities, University of Ulster*

## 3.12 Шкотска меѓу Обединетото Кралство и потполната независност.

Шкотска е земја која датира уште пред 11.000 години. Нејзиното најстаро име на шкотски галски јазик бил Alba потоа романската јазична варијанта е позната како Каледониа ( Caledonia). Шкотска била населена од две главни популациони групи, и тоа Пикти ( Picts)и Бритонци (Britons) сé до 4 век кога во овие краеви доаѓаат британски Ирци , Викинзите (9 век) , Англо-саксонците и Норманите. Кралството Ирска е основано во 843 год. и функционирало се до 1707 год. кога Шкотскиот крал Џејмс, како наследник на Кралството на Англија ги

обединува двата кралства во едно и тоа прво како лична Унија потоа во 1808 год. како Кралство на Велика Британија со заеднички парламент. Нејзините граници со Кралството Англија биле утврдени со Трактатот од Јорк во 1237 год., и во 1266 со трактатот на Перт се утврдени границите меѓу Шкотска и Норвешка.

Во денешните денови Шкотска е составен дел на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска. Шкотска има Влада и Парламент со децентрализирани надлежности од Обединетото Кралство во областа на таксите, културата, економијата, социјалната сигурност , одбрана, надворешните работи образованието и животната средина. Единбург , еден од седумте светски финансиски центри е главен град на Шкотска и културна престолнина. Овие децентрализирани надлежности за Владата во Шкотска се утврдени во Шкотскиот Акт од 1998 год. Со цел да Владата на Шкотска добие поголеми ингеренции во финансискиот систем на Обединетото Кралство коалиционата влада на Конзервативната и Либералната партија во 2010 год. го предложи Шкотскиот амандман 2010 ( Scotland Bill 2010) кој бил поддржан и од Лабуристичката партија и во 2011 усвоен во Вестминстер.

Иако со лимитирани надлежности во некои полиња сепак легислативата на Шкотска во некои домени има усвоени закони и мерки многу поповолни за граѓаните него што се мерките усвоени од страна на Вестминстер. Како примери можаат да се наведуваат законите за бесплатно универзитетско образование што е во спротивност со законот за образование на Велика Британија каде универзитетското образование се плаќа.

Парламентот брои 129 пратенички места од кои 73 избрани на посебни изборни единици, 56 избрани на 8 разни изборни региони со четиригодишен мандат. Номинирањето на Првиот министер, како и

другите министри, го прави Кралицата, потоа предлогот го усвојува Шкотскиот Парламентот . Освен својот парламент Шкотска има во Парламентот на Обединетото кралство 59 парламентарци. На општите избори во 2011 год. Шкотска национална партија (SNP) ги добила изборите со мнозинство од 69 пратенички места и има создадена мнозинска влада за прв пат во историјата на децентрализацијата на власта. После Шкотската национална партија со најдобри резултати се рангира Лабуристичката партија, потоа Либералната, зелените и друго.

SNP или Шкотска национална партија предводена од Alex Salmond во нејзината политичка програма зацртана е потполната независност на Шкотска од Обединетото Кралство. Поради огромното спротивставување на другите политички партии тој смета оваа замисла да ја реализира постепено. Другите политички партии во Обединетото Кралство заедно со владината коалиција исто така ги правеле нивните калкулации како до тоа да не дојде до осамостојување на Шкотска и сметале дека 2016 год. можеби е најдоброто време Шкотите на референдум да се произнесуваат по ово прашање.

Инаку Шкотска во досегашното постоење водела три војни за независност од Кралството Англија([97]) .Првата војна за независност била предводена од William Wallace од 1297 до 1304 кога Шкотите беа поразени и во 1305 Wallace екзекутиран потоа во повторниот обид

---

[97] *Wars of Scottish Independence- Wikipedia, the free encyclopedia en.wikipedia.org/.../Wars_of_Scottish_Ind*

познат како втора војна за независност во 1306 и победата на Шкотите кај местото Bannockburn во 1314 год., следуваат дипломатските активности до Папата и потпишување на Трактатот Единбург-Норхамптон во 1328 год. Третата војна за независност е од 1334-1357 год. После овој период Шкотска била независна се до обединувањето на Кралството Шкотска со Кралството Англија во Трактатот на Унијата ( Treaty of Union) во 1707 год.

Според пописот на 2001 год. Шкотска брои повеќе од 5 милиони жители.

Прашалникот за попис на населението во Шкотска ги има скоро во целина прашањата на пописот на Англија ([98]) модифицирани кога се однесува на припадноста кон етничката малцинска група и националниот идентитет. Така на пример во Шкотска национална група се Бели Шкоти, други Британски Бели, Бели Ирци, други Бели како и Црни Шкоти и други Црни([99] ) додека во ,

ı 1: Население во Шкотска според етничките групи во илјади

| | |
|---|---|
| Шкоти | 4,459,071 |
| Бели Британци | 373,685 |
| Ірци | 49,428 |
| :ои Бели по потекло | 78,150 |

---

[98] .*Office for National Statistics-The 2001 Census -2011 Census questionnaire content, p.8 www.Statistics.co.uk*

[99] *Scotish Executive-Analysis of Ethnicity in the 2001 Census –February 2004 Summary Report*

2. Религиска припадност според етникуми во проценти –Шкотска

| | |
|---|---|
| ндијци | 15,037 |
| акистанци | 31,793 |
| англадеши | 1,981 |
| инези | 16,310 |
| руг Азиец од Југ | 6,196 |
| арибец | 1,778 |
| фриканец | 5,118 |
| Црн Шкот или друг Црн background | 1,129 |
| ило кој со мешано минато | 12,764 |
| о друго минато | 9,571 |
| Вкупно население | 5,062,011 |

| Етничка Група | Црква на Шкотска | Римско-кат. црква | др.Христиј ани | Будисти | Хинду | Евреи | Муслим | Сики | други религии | Без религија | недеклара рани | Основа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бели Шкоти | 46.7 | 15.9 | 4.3 | 0.1 | - | 0.1 | - | - | 0.4 | 27.1 | 5.4 | 4,459,071 |
| Други Бели Британци | 13.9 | 8.5 | 33.8 | 0.2 | - | 0.3 | 0.1 | - | 1.5 | 35.6 | 6.0 | 373,685 |
| Бели Ирци | 6.7 | 68.6 | 6.5 | 0.1 | - | 0.1 | 0.1 | - | 0.9 | 12.3 | 4.7 | 49,428 |
| Други Бели | 8.0 | 27.8 | 20.3 | 0.4 | - | 1.0 | 2.4 | - | 2.0 | 30.8 | 7.5 | 78,150 |
| Индијци | 2.4 | 3.8 | 3.4 | 0.3 | 30.5 | 0.1 | 5.9 | 37.6 | 0.9 | 9.1 | 6.0 | 15,037 |
| Пакистанци | 0.7 | 0.5 | 0.4 | - | 0.1 | - | 89.2 | 0.1 | 0.2 | 2.8 | 6.1 | 31,793 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бангладеши | 2.0 | 1.2 | 1.1 | 0.3 | 1.4 | 0.3 | 84.3 | 0.1 | 0.3 | 3.9 | 5.3 | 1,981 |
| Други јужни Азиати | 4.9 | 6.5 | 4.2 | 4.1 | 9.2 | 0.2 | 43.2 | 3.8 | 2.3 | 11.5 | 10.3 | 6,196 |
| Кинези | 3.4 | 4.3 | 8.8 | 11.7 | 0.1 | 0.1 | 0.2 | 0.1 | 1.0 | 63.1 | 7.2 | 16,310 |
| Карипци | 13.6 | 17.6 | 22.7 | 0.2 | 0.3 | 0.2 | 0.8 | 0.2 | 1.6 | 32.0 | 10.9 | 1,778 |
| Африканци | 9.3 | 18.2 | 32.4 | 0.1 | 0.1 | 0.2 | 18.5 | 0.1 | 0.9 | 12.4 | 7.7 | 5,118 |
| Шкотски Црни или други Црни | 20.4 | 18.3 | 14.5 | 0.3 | 0.3 | 0.3 | 8.7 | 0.4 | 1.4 | 23.1 | 12.5 | 1,129 |
| Со мешано минато | 13.6 | 16.8 | 10.1 | 0.9 | 0.3 | 0.6 | 10.7 | 0.3 | 2.2 | 35.7 | 8.9 | 12,764 |
| Др.етн.групи | 4.4 | 15.7 | 8.4 | 9.8 | 0.7 | 1.2 | 32.4 | 0.7 | 1.4 | 17.5 | 7.8 | 9,571 |
| Вкупно | 42.4 | 15.9 | 6.8 | 0.1 | 0.1 | 0.1 | 0.8 | 0.1 | 0.5 | 27.5 | 5.5 | 5,062,011 |

Извор: Scotish Executive-Analysis of Ethnicity in the 2001 Census –February 2004 Summary Report. Http:Scotland.gov.uk/Publications

Од табелата се гледа дека Бели Шкоти се најбројно население на Шкотска со 4.459,071 жители потоа Бели Британци со 373.685 и било кои Бели по потекло 78.150. Бангладеши се на горниот дел на табелата со 31.793 следувани од Кинези со 16.310 жители

Извор: Scotish Executive-Analysis of Ethnicity in the 2001 Census –February 2004 Summary Report. Http:Scotland.gov.uk/Publications/

| | Во илјади | *Во проценти* |
|---|---|---|
| Шкотска црква | 2,146 | 42.4 |
| Римо-католичка црква | 804 | 15.9 |
| Други христијани | 345 | 6.8 |
| Будисти | 6.8 | 0.13 |

| | | |
|---|---|---|
| Хинду | 5.6 | 0.11 |
| Евреи | 6.4 | 0.13 |
| Муслимани | 43 | 0.84 |
| Сики | 6.6 | 0.13 |
| Други религии | 27 | 0.53 |
| ***Сите религии*** | *3,389* | *67* |
| Без религија | 1,394 | 27.5 |
| Не декларирани | 278 | 5.5 |
| Сите без рел-недекл. | *1,672* | *33* |
| **Основа** | 5,062 | 100 |

Таб. 3- Религиска припадност изразена во проценти и илјади

Од шифрите на горната табела се гледа дека изразено во бројки 2.146000 или во проценти 42,4% верници припаѓаат на Шкотска црква и 804000 на Римокатоличка црква или 15,9% како две најбројни религиски групи. Трета најбројна религиска група се 1672000 без религија и недекларирани потоа 1.394000 неверници или 27,5% потоа други христијани со 345000 или 6.8%. Од религиите испод 1 % се Муслиманите со 0,84% или 43.000 потоа Будисти и Евреи и Сики со 0.13%. Хинду се 0.11%.

# 3.13 Велс во потрага по националниот идентитет

Во историјата на Обединетото Кралство Велс секогаш се сметал како провинција и се обединува со Англија во 1535 год. До 19 век исклучувајќи го периодот 1535-1542 во кој сеуште на снага биле

Законите од Актот на Велс во Велс, и во Англија на снага била англиското законодавство. Препород на велшките национални чувства се забелешува во првата половина на 20 век со формирањето на политичката партија Plaid Cumru во 1925 год. и во 1962 год. се основа Друштвото на велшки јазик.

Велс денеска брои 3 милиони жители од кои 580 илјади зборуваат велшки јазик и велшкиот и англискиот јазик паралелно се официјални јазици во оваа земја. Велшани се сметаат дека имаат стари корени во оваа земја приближно 9 илјади години. Во 5 и 4 век пред н.е биле под Римската империја, потоа во 9 век од нашата ера била под империјата на норвешките и данските Викинзи. Тие се потомци на Келтите и некои групи потомци на Скандинавците и Англо-саксонците.

Со Велшкиот владин Акт од 1998 год после организираниот референдум за изјаснување на народот во 1999 год. се основа Националното Собрание на Велс (*Cynulliad Cenedlaethol Cymru*).

Велшани се спортска и музичка нација. Во спортот во натпреварите што ги организира Фифа и Рагби светски куп Велс се претставува со името Велс додека во олимписките игри Велс се претставува преку спортските асоцијации на Велика Британија.

Националното собрание на Велс брои 60 члена ( Aelod y Cynulliad) . Изборниот систем е комбиниран. Од вкупно 60 членови на Националното собрание 40 се избираат со мнозински систем за мандат од четири години според изборни единици и 20 члена од 5 изборни региони според системот на Де Хондт.

Со Владин Велшки Акт од 2006 год. Националното собрание немаше право да усвојува примарни закони.Согласно резултатите од референдумот од 3 март 2011 Националното собрание има право да усвојува примарни закон без консултација на Вестминстер.

Инаку владин Велшки Акт е закон кој се усвојува во Вестминстер ( Парламент на Обединетото Кралство) и се однесува на пренесување на надлежности до Собранието на Велс ( во други случаеви и на Шкотска и Северна Ирска)

Процесот на пренесување на локални надлежности за Велс и Шкотска почна за време на Харолд Вилсон во 1969 год. со воспоставување на Кралската комисија за Уставот чии предлози потоа беа основа за составување на Белата книга за Велс и Шкотска во 1974 год. и врз основа на тоа организирање на референдум во 1979 год. и креирање на Собрание на Велс наместо Бирото на Велс што постоеше дотогаш.

Националното Собрание на Велс има право да усвојува закони во 20 области меѓу кои закони за планирање на градовите и планирање на земјата, закони за водите и одбрана од поплавите, закони за велшкиот јазик., согласно со владиниот Велшки Акт од 2006 год.. Собранието го наследил буџетот на Бирото на Велс и буџетот на Државниот секретар на Велс.

Во Белата книга за Велс во 2005 год. како одговор на предлозите на Комисијата на Велс за повеќе права за Националното Собрание на Велс, Владата на Обединетото Кралство (со цел Велс подобро да биде управувано_ предвидува повеќе полиња

кои ќе бидат во надлежност на велшкото собрание со отфрлање на повеќето од предлозите на велшката комисија. Велшката Ричард комисија предлагала неколку полиња за кои надлежноста би му припаднала на Собранието додека други надлежности би останале во грижа на Вестминстер. Меѓу другото комисијата предлагала и измена во изборниот систем за да се постигне поголема пропорционалност.

Владиниот Велшки Акт од 2006 год. го реформираше Собранието во парламентарно и ја основаша Владата на Велс, како екзекутива.

Националното собрание избира од редовите на членовите на Собранието еден офицер кој претседава со собранието и еден заменик. Сталните административни членови на Националното собрание ги уживаат правата на членовите на собраниските комисии додека администрацијата работи согласно законските норми на Обединетото Кралство.

Општа карактеристика на Велшкиот систем до 2007 год. се состоела во непостоењето на поделба на власта на законодавна и извршна .

Таа поделба била воспоствена со ефект од 2007 год. од страна на Владиниот Велшки Акт 2006. Ирскиот Парламент какои и Шкотскиот парламент имаат поголеми надлежности одстапени до страна на Вестминстер затоа што овие две земји никогаш не беа споени во рамките на Англија туку се обединиле во едно

кралство додека Велс се унифицираше со Англија во 1535 год. и функционираше со Англиски правен систем.

Велс е поделен во 5 региони и тоа Среден и Западен Велс, Северен Велс, Јужен Централен Велс, Југо-источен Велс, Југо-западен Велс.Поголемиот број на Велшани живеат во главниот град Кардиф и градот Сванси.

Од конституирањето на Националното собрание на Велс до денес се одржани 5 локални избори во 1999 год., во 2003 год.,2007 и 2011(100.)

## 3.14 Акт за рамноправност 2010-(Equality Act 2010)

Актот е усвоен од страна на Vestminster ( Парламент на Обединетото Кралство) и треба да се применува и во Северна Ирска и Шкотска. Тоа е обврска која произлегува од политичката определба да се обезбедува рамноправност на сите кои живеат на територијата на Обединетото Кралство. Со Актот се прошируваат категориите на лицата кои се заштитуваат од државата и тоа не претставува законски акт кој ќе ги санкционирата само делата на борбата против расизмот туку влегува и широка лепеза на права како што се женските права, правата на лицата со потреби, права на лицата од иста полова припадност, право на работа, антидискриминација на работно мести, права на ист личен доход за исто работно место и др.

---

[100] . ^ *The road to the Welsh Assembly* - BBC Wales History website. 23 август 2006

Актот за рамноправност 2010 не се однесува само на јавната администрација и јавните претпријатија туку се однесува на сите сегменти на јавниот и приватниот живот. Велшките приоритети се :

-успешна имплементација на специфичните задачи за рамноправност во велшкиот јавен сектор како што се промоција на рамноправност, на подеднакви шанси, елиминација на дискриминација, виктимизација и унапредување на добрите односи меѓу луѓето,

-исполнување на обврските кои произзлегуваат од Актот на Владата на Велс 2006 за финансирање тргнувајќи од принципот дека треба да има рамноправност на давање на шанси на ссите луѓе,

-работа насочена кон поголема кохезија и инклузивност меѓу заедниците

-имплементација на Актот за рамноправност 2010 и на сите Меѓународни конвенции како и публикација на Годишниот извештај за рамноправност и Извештајот на Министерскиот совет на Велс за рамноправност и инклузија.

Целта на Актот е да обезбеди рамноправност при вработување во јавниот, приватниот и доброволниот сектор, како и рамноправност на третман во тие организации, како што се организации на образовниот систем, здравствениот систем, социјалните служби, домување, транспорт, продавници и др.

Од законските определби на Актот за рамноправност произлегува обврската да се востанови и во Велс Комисијата за рамноправност и човекови права која ќе ја надгледува примената на нормите на Актот во сите области и во сите јавни, приватни и доброволни органиозации.

За успешна примена во пракса на Актот за рамноправност 2010 во Велс во март 2012 се востанови Форум за раса под покровителство на велшкиот министер за социјала Jane Hutt. На нејзиниот инаугуративен говор таа истакна  дека е определена да го подобри квалитетот на живеењето не сите граѓани без оглед на  која нација припаѓаат. Без оглед на нивните корени сите луѓе треба да ги имаат сите можности и дека Форумот на расите ќе игра клучна улога за развој на националниот стратегиски план за спроведување на Актот за рамноправност ( Jane Hutt 2012 .

# Глава IV

## Осврт на мултиетничкиот и мултикултурен модел во Македонија од Илинден до денешните денови

Историјата забележала дека Народна Република Македонија е конституирана како држава на Седницата на АСНОМ на 2 август 1944 год., со еден политички манифест. Во Президиумот на АСНОМ покрај другите се забележени имињата на Кемал Аголи, студент од Дебар и Кембер Хасан, фармер од селото Дисан([101]), и Нафи Ибраими од Кичево како членови на АСНОМ. Од имињата тешко е да се гледа кои учесници припаѓаат на другите етнички заедници но сигурно се знае дека Кемал Аголи и Нафи Ибрахими биле Албанци. Структурата на Президиумот на АСНОМ била од мултиетнички и мултиконфесионелен карактер. Во прокламацијата наменета на Македонскиот народ за завршеното прво заседание на АСНОМ од страна на Президиумот на АСНОМ пишува дека Македонија е прокламирана како федеративна држава во нова федеративна Југославија([102]) додека во резолуцијата усвоена на првото заседание на АСНОМ се прецизира дека АСНОМ ги подразбира националните претставници, без оглед на нивната националност, верските убедувања, на полова припадност, на раса или припадност на

---

[101] *The University of " Cyril and Methodius"-Documents on the struggle of the Macedonian people for independence and a nation-state, volume two, Skopje 1985*

[102] *Ibid, страна 640*

[102] *Ibid., страна 617*

политичка партија сите оние кои ја изразија нивната волја да се бораат за слобода и еманципација на Македонскиот народ...([103])

Во Манифестот усвоен на Првото заседание на АСНОМ во обраќањето скоро на сите страници стои синтагмата "народ на Македонија", потоа "млади на Македонија", "работници на Македонија", "Македонци под Бугарија и Грција", "мајки, вдовици и сестри на Македонија". Еден дел од Манифестот е наменет и за "браќа Албанци, Турци и Власи" кои се повикуваат заедно да ја градаат слободна Македонија затоа што "вашите синови учествувале во Македонската армија и веќе зеле командни функции"([104]).

Од гореизнесеното се гледа дека учесниците на АСНОМ биле свесни дека во многунационална Македонија треба да се обединуваат сите, да не се дозволи етнички и верски раскол меѓу населението за да успее конституирањето на новата федеративна држава. Последната реченица јасно го илустрира учеството и на другите националности кои живееле во Македонија во борбите за ослободување од туѓите поробувачи. На 2 август 1944 АСНОМ ја усвоил и Резолуцијата македонскиот народен јазик да биде службен јазик во државата ([105]).

Од документите на АСНОМ се гледа дека под синтагмата "народ на Македонија" се опфатени сите нејзини жители без оглед на нивната национална припадност, вероисповест-тоа е демосот. Сепк историски

---

[103] *Ibid, strana 636*

[104] *Ibid, strana 636*

[105] *Член 1 од Резолуцијата*

факт е дека учесниците на АСНОМ создавале национална држава на македонскиот народ. Член 2 од Декларацијата на АСНОМ([106]) на националните малцинства им го обезбедува правото на «промоција на слободен национален живот" додека член 1 на Декларацијата на АСНОМ ја обезбедува рамноправноста на сите граѓани без оглед на националната припадност, расата, половата припадност. Декларација во целиот нејзин текст ги обезбедува правата "на сите граѓани".

Во Прокламацијата на Комунистичката партија на Македонија упатено до "Народот на Македонија" е задржан скоро ист речник како во Прокламацијата од Президиумот на АСНОМ. Во делот упатен до немакедонците се именуваат Албанците, Турците, Власите и Евреите (што го нема во претходната Прокламација). Во тој дел се истакнува дека "...новата македонска држава е исто така и ваша држава. Таа е основана врз основа на братсвото на сите народи кои живеат во македонската земја. Нејзините основи подразбираат борбеното единство кое е заковано меѓу вас и Македонците во Народно ослободителната борба против фашистичките освојувачи"([107]).

Во Декларацијата на АСНОМ , Прокламацијата на АСНОМ до народот на Македонија како и во Прокламацијата на Комунистичката партија упатена до, исто така народот на Македонија, се истакнува мултинационалниот, мултиконфесионалниот и мултијазичниот

---

[106] *Декларација на АСНОМ, 2 август 1944 , цитирано според "Documents on the struggle of the Macedonian people for independence and nation-state", volume 2, Skopje 1985*

[107] *Цитирано според " Documents on the struggle of the macedonian people for independence and a nation state" volume 2 , страна 650*

состав на државата и согласно на тоа во рамките на отварање на училишта и курсевите за описменување на населението Поверенството за просвета отворила и училишта на албански и турски јазик([108]) до средината на март 1945 год. биле отворени и првите школи во Македонија.

Послевоениот период во Република Македонија се карактеризира со развој на образовната мрежа во државата и на јазиците на народностите, со развој на културата и со афирмација на културните вредности пред светот. Меѓуетничките односи во земјата се развива во хармонија со развојот на општеството и тие беа одраз и на општата клима на доверба која постоеше

меѓу етничките заедници во републикава и федерацијата пошироко. Извесен период образовниот и културниот развој не одредени етнички групи во очите на политичката номенклатура се гледаше како закана за општеството и меѓуетничките односи ( Мојсов, 1981) кои потоа на државните органи и институции им нудеа политички платформи како да се закочи тој образовен и културен напредок. Како резултат на таквата идеолошка заслепеност неколку ригорозни акции против развојот на школството и културата се превземени од страна на тогашните СКЈ и СКМ со цел да се " добие битката проив албанскиот национализам и иредентизам". Посебно негативни репрекусии врз развојот на меѓуетничките односи во Република Македонија имаше спроведувањето на дело на Политичката платформа за Косово на СКЈ

[108] *АСНОМ, Документи, кн. 3*

СЕМИНАР ЗА СОЦИОЛОГИЈА

## 4.1 Предизвиците на мултиналното и мултикултурно општество во независна Република Македонија

Воведувањето на демократскиот плурализам во општесствено-политичките односи во земјата секако дека отвори ново поглавје во развојот на земјата како на економски план така и во сферата на политиката, социјалата, културата и меѓуетничките односи.

Првите многупартиски парламентарни избори во Република Македонија се одржаа од 11-25 ноември 1990 според мнозинскиот систем. Од резултатите на парламентарните избори се гледа дека ниедна политичка партија не го освои мнозинството на пратенички места за да состави самостојно влада туку било потребно да се преговараа меѓу политичките партии за состав на првата влада која требаше да произлезе од резултатите на тие избори.

Во изборната програма на македонските политички партии преовладуваше определбата за создавање на национална држава и економски развој на земјата, додека во платформите на албанските политички партии доминираше определбата за создавање на бинационална држава и на остварување на повисок степен на нивните права во областа на образованието, културата и рамноправната застапеност во сите области на живеењето. Односот на политичките сили во првото многу-партиско Собрание на Република Македонија беше во прилог на македонските политички партии како мнозински народ додека политичката клима создадена

од страна на некои македонски политички партии пред и за време на предизборната кампања придонесе кон заострување на меѓуетничките односи во државата. Во македонскиот блок на политички партии постоеја две спротивставени опции кога беше во прашање понатамошниот развој на меѓуетничките односи.[109]

Порадикалната политичка опција беше застапена во програмата на ВМРО-ДПМНЕ која инсистираше на изградба на македонска држава - нација каде Албанците и другите би го имале статусот на едно национално малцинство со загарантирани малцински права согласно европските конвенции за тие права(. Тие се залагаа за потпишување на меѓудржавен договор со Република Албанија со кој би се вовел реципроцитет во остварувањето на правата на Македонците во Албанија и Албанците во Република Македонија. Меѓуетничките односи посебно беа заострени во предизборната кампања кога тогаш националистичката ВМРО-ДПМНЕ организираше антиалбански митинзи во некои градови на Западна Македонија, при што кулминацијата на омразата на симпатизерите на таа партија кон Албанците беше на митингот оддржуван во Тетово во 1990 год. Во таа прилика беше побарано истребување на Албанците надвор од државата како и нивна смрт.

---

[109] *"...Сите тие дискусии и тој концепт на ВМРО-ДПМНЕ во тоа време беше јасен, Македонија е држава на македонската нација. И тоа се гледаше во сите наши дискусии, во сите наши говори, и во сите наши настапи од тоа време. Тоа беше нашиот концепт,при што од денешен аспект,мислам дека можеби тоа било и грешка затоа што можеби сме требале уште тоа време да разговараме за Македонија како држава на граѓаните и можеби тоа ќе ги направеше некои настани пофлексибилни...". Георгиевски,Љ.,2012,Тоа сум јас, страна 49.*

Другите две македонски политички партии како што беа СКМ-ПДП и Сојуз на реформските сили-либерална партија во нивните политички програми имаа многу полиберални политички согледувања за развојот на меѓуетничките односи во земјата но нивниот хендикеп беше што немаа доволен број на гласови во Собранието така што секогаш висеа од вољата на побројната пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ која броеше 39 пратеника и не беше расположена да создаде клима на меѓудоверба дури и на самите седници на Собранието . Кај македонските политички партии и пратениците со полиберални политички размислувања за развојот на меѓуетничките односи постоеше доза на неодлучност и страв од реакцијата на избирачите и граѓаните кои манифестираа поекстремни погледи и испади. Кај нив постоеше извесна политичка неодлучност. Анализирајќи ги тогашните состојби после првите парламентарни избори во Република Македонија Димитар Мирчев ([110]) пишува дека парламентарните избори во 1990 год дадоа три резултати, и тоа

- националистичките партии не го добија мнозинството во Собранието, како прв и единствен случај во сите поранешни ју-републики и редок случај во земјите на Источна Европа за време на првите слободни избори;

- составена е експертска влада која била зависна од поддршката на граѓанските и етнички ориентираните политички партии. Тоа го

---

[110] *Mircev, D., Engineering the foreign policy of a new independent state: the case of Macedonia, 1990-6, in Pettifer, J., The new Macedonian Question, Macmillan Press LTD, London, 1999*

неутрализирало политичкиот екстремизам во однос на домашните и надворешните политички прашања и имало смирувачки ефект во целина. Од друга страна присуството и активната улога на етнички ориентираните политички партии во влада и во собранискиот процес, ( Мирчев 1993), имало коректививна и продуктивна улога во целосниот развој на демократскиот процес;

- За прв пат во земјите во транзиција на Источна Европа една етничка партија била вклучена во рамноправното одлучување не само во владата туку и во сите владини тела, министерства, агенции и др. споделувајќи ја одговорноста во процесот на владеењето.

Нема никакво сомнение дека согледувањата на Мирчев за тоа време се исправни и дека учеството на етнички ориентираната ПДП во владата и собранието даваше позитивни ефекти не само во развојот на меѓунационалните односи во Република Македонија туку и пошироко во изградбата на заедничката надворешна политика на земјата. ПДП во тоа време ја изгласа Декларацијата за независност на Република Македонија, активно учествуваше во изградбата на политички став против Лисабонската декларација, активно учествувала во сите работни тела на Собранието и Владата сé дотогаш кога во нејзини редови постоеше убедувањето дека продуктивниот дијалог во институциите на системот ќе придонесува за квалитетен развој на мултиетничкото општество.

Некои понатамошни политички одлуки на таа партија, како што беа неизлезеноста на референдум за независност на државата (иако во Собрание гласаше за тоа), организирањето на референдум за

албанска културно-политичка автономија во рамките на Република Македонија, интернаационализација на албанското прашање во Македонија пред меѓународните политички институции и организации како што беа ОБСЕ, Совет на Европа и Меѓународната конференција за Југославија во ХАГ, тешко беа разбирливи за македонската политичка јавност од причина што јавноста слабо беше информирана за начинот на функционирањето на владината коалиција како и за односите меѓу македонските политички партии во целина, независно дали биле дел од власта или опозицијата. Евидентно е дека губењето на меѓусебната доверба меѓу политичките сили доведува и до стагнација на општеството: растењето на недовербата на едни политички сили кон други најмногу ги наштетува меѓуетничките, меѓурелигизните и меѓукултурните односи.

Причината како и зашто дојде до губење на довербата меѓу претставниците на политичките партии од граѓанска провиниенција и етнички ориентираната политичка партија се обиделе да ги објаснуваат многу аналитичари и политичари но сé до денешниот ден немаме целосно јасна слика за тие настани и времиња затоа што тие кои се занимаваа со таа проблематика немаа доволно вистински информации за внатре-политичките односи во политичките партии како и во начинот на функционирање на тогашните влади, почнувајќи од експертската до политичките влади.

После првите многупартиски де мократски избори во Република Македонија претпоставка била присутна и во јавноста дека коалицирањето на партиите победници кај едната и другата етничка

припадност, со оглед на мнозинскиот број на пратеници во Собранието, ќе даваше по мирна политичка атмосфера во работата на Собранието и со тоа и порелаксирани меѓуетнички односи. Токму затоа се воспоставени директни контакти меѓу две политички групации кои тогаш беа спротивставени токму врз темите кои директно беа поврзани со меѓуетничката иднина на земјата (ВМРО-ДПМНЕ и ПДП). Тие преговори  кои некогаш беа организирани и во присуство и на други политички сили (ХДЗ-Хрватска) не ги дадоа посакуваните политички резултати (Георгиевски 2012) ( [111]).

Една од причините (од многу можни причини) на таквата неможност на меѓу-коалицирање било залагањето на  ВМРО-ДПМНЕ  за што побрзото распаѓањето на југословенската федерација(кое исто така беше опција на ПДП)  и нејзината неспремност да ги отвори темите од меѓуетнички карактер од причина што сметаше дека тие односи треба да се регулираат само во рамките на европските конвенции за малцински права во една идна  нова држава ([112]која ќе биде создадена од типот на Франција или други држави.

---

[111] (..*Ќе ви кажам еден ексклузивен момент.Доаѓа еден  претставник на Туѓман, мислам дека беше пратеникот Иван Микулчич и тој во Македонија во тоа време седеше 4 или пет дена,со единствена негова мисија,да направи коалиција со ПДП И тој тука врши некакви преговори меѓу ВМРО и ПДП и ни доаѓа со позиција дека ПДП е согласен да влезе во нашата влада само со два министри.Можете ли да замислите само два министри во поглед на сето она што после го имаат добиено албанските политичари. И во исто време се формира едно движење кое се нарекува Македонско народно движење, чии лидери се од Тетово и Гостивар, кои дојдоа пред штабот на ВМРО да прават демонстрации, дека никако ДПМНЕ не смее со ПДП да прави коалиција. И медиумите известуваа како може да се прави таква коалиција, значи насетувале и се создаде таа една атмосфера која веќе ги обзеде нашите пратеници,сите политички наивни,како ќе правиме коалиција со ПДП и на крајот ние ја одбивме коалицијата..и тоа е моја најголема политичка глупост што сум ја направил досега...). Герѓиевски, Љ.,2012, Тоа сум јас, стр. 44*

[112] *"...Албанското прашање во таа фаза морам да кажам дека многу го потценував...Сметав дека Албанците не се фактор од кој Македонија треба да стравува или нешто посебно да направи кон нив. Никогаш не сум бил негативно настроен спрема албанскиот фактор, па дури и ги гледав како позитивен фактор со оглед на настаните во Косово, како каписла за растурање на Југославија, тоа ми беше многу позитивно и симпатично,морам да ви кажам.Меѓуто*

Друга отежнувачка околност за внатрешно-политичките односи во 1990 год. беше и начинот на избор на претседателот на републиката. Тогашниот изборен модел налагаше претседателот да биде избран од страна на Собранието, за што требаше да постои консензус меѓу политичките партии за да се обезбеди двотретинско мнозинство, колку што беа тогаш потребни гласови. Победничката партија ВМРО-ДПМНЕ идниот претседател на републиката го гледала меѓу љубителите на неговата партија и нивната политичка платформа. Таа дури го предложила за кандидат свештеникот Дедо Михаил([113]).

Самата идеја и самиот предлог свештеник да биде претседател на една земја со мултинационален и мултиконфесионален состав не било добро примена од албанското население во Република Македонија. Според некои тогашни убедувања не било добро примено и од страна на СКМ-ПДП и од Сојузот на реформските сили-Либерална партија чиј тогашен лидер Стојан Андов во неговите мемоари пишува дека тогаш Република Македонија "не беше зрела да го добие својот Хавел"([114]).

---

*дека во Македонија треба да добијат корпус на поголеми права, тоа во тој момент не сум го сметал..." Георгиевски,Љ.,2012, Тоа сум јас, стр.44*

[113] *("...таа игра на Сојузот на комунистите на Македонија,јас не ги знам сите детали посебно,не го знам оној момент кога ние вечерта направивме договор,јас Андов и Петар Гошев.Според тој договор Андов требаше да биде претседател на собранието,Гошев да биде премиер на државата и од ВРМО-ДПМНЕ да биде претседателот на државата, а тоа е владиката Михаил, при што отпосле ја дознав варијантата која ми ја смести Божин Павловски дека и таа варијанта со Михаил била варијанта на Сојузот на комунистите. Таа било варијанта божем еве ВМРО-ДПМНЕ има формален предлог,меѓутоа т во суштина тоа да биде,ако не друго, една личност која ќе биде мошне формална...") Георгиевски,Љ., Тоа сум јас, стр.38*

*114 Андов, С.,-" На мој начин" стр. 243*

Подлабоките анализи на тогашните настани (Георгиевски 2012) покажуваат дека Андов во своите мемоари не ја покажува реалната туку неговата вистина за избор на претседателот на државата.

Изгледа дека најсвесен од сите тие што го предлагаа и го поддржуваа бил самиот Дедо Михаил, кој (Андов 2006) тоа време се изјаснил дека Македонија уште не била подготвена за избор на свештено лице за свој претседател ([115]).

Општ впечаток во политичките кругови тоа време бил дека СКМ-ПДП и Сојузот на реформските сили , како помала партија,([116]) имале повеќе слух за меѓунационалните односи во земјата, и работеле на тоа да поранешниот претседател на Собранието на СФРЈ во времето кога се донесе најпрогресивниот Устав на СФРЈ (1974) Киро Глигоров стане претседател на Република Македонија. Искажувањето на Георгиевски ( Георгиевски 2012) тие настани ги квалификува како политички игри на Сојузот на комунистите и како политичка наивност на ДПМНЕ, партија која имаше недостиг на доволен број на квалификувани кадри.

Тие што лобираа Киро Глигоров да се врати во земјата и да ја прифати кандидатурата за претседател ја технички ја повторија грешката на тие што предлагаа свештеник да биде на чело на државата. Пред Глигоров во Собранието да ја објави неговата платформа како претседател, победничката партија на изборите

---

115 *Ibid, страна 243*

[116] *Ibid*

(ВМРО-ДПМНЕ)[117] како и пратениците Албанци сметаа на неговата консултација со цел да му ги изнесуваат нивните визии за понатамошниот развој на меѓунационалните односи. Еден искусен политичар како што беше Глигоров или не бил свесен за тежината на гласовите на пратениците Албанци или во спротивно бил изманипулиран од тие што го предлагаа и не прифатил посебна средба со албанската политичка партија и како резултат на таквото негово однесување во првиот круг на избори не ги добил нивните гласови. Во подоцнежното негово образложение пред раководството на ПДП Глигоров изјавува дека бил изманипулиран од некои поединци во СКМ-ПДП и дека тие што го предлагаа му пренеле дека се извршени политички консултации со лидерите на Албанците и дека неговата кандидатура била широко прифатена.

Подоцнежното политичко дејствување на Глигоров ни укажува дека тој не сакал да влезе во политички дил со Албанците пред да биде избран поради создадените тензии во предизборната кампања и поради општата политичка клима во земјата или во спротивно тој се осонил на информации што ги добил од поедини политичари Албанци , инаку негови љубители или пријатели, дека за Албанците неговиот избор нема да претставува проблем.

Такво убедување имаа и други политичари ( Андов, 2006) кој сметал дека изборот на Глигоров успешно ќе се извршеше и покрај големото незадоволство на Георгиевски, затоа што според него, Гошев веќе разговарал со раководството на ПДП и тие му ветиле поддршка на

117 *"...Ние се чудевме со тие луѓе, како можатда стават претседател на гласање без да имаат договор со нас..." Георгиевски,Љ., 2012, Тоа сум јас, страна 39*

предлогот Глигоров да биде избран за претседател на Република Македонија" ([118]).

Несомнено е дека фактите покажуваат на тоа колку била омаловажена улогата на албанскиот политички фактор во договорите за изградба на идното политичко уредување на земјата од некои политички сили во републикава кои сепак настојувале да издржаат примат на добри и водечки лидери во земјата и дури во регионот .

На заедничката средба на Стојан Андов, тогашен претседател на Собранието на Република Македонија со раководството на ПДП предводена од претседателот Невзат Халили, договорени се условите под кои пратениците на ПДП би го изгласале Киро Глигоров за претседател на државата, ([119]) кои услови потоа Глигоров ги прифатил но не успеал (или пак не сакал да ги реализира), водејќи при тоа повеќе сметка за неговиот авторитет кај македонското население во услови на вжештена политичка атмосфера .

Некои услови што ги поставил лидерот Халили на средбата, според кажувањето на Андов, биле прифатливи и за него : зголемувањето на бројот на министрите и замениците на министрите го сметал за услов за кој требало да се стави на маса на преговорите со претседателот на Владата на Република Македонија. За Андов било прифатливо ПДП сама да ги предложи нејзините министри и заменици на

[118] *Андов, С., : "На мој начин", стр 248*
[119] *Ibid, стр.254*

министри, ([120]) што не било прифатливо за СКМ-ПДП по чии рецепти подоцна била составена владата.

Лошата кадровска политика на една политичка партија секогаш влијае врз успешноста на таа политичка гарнитура во применување на власта, и тоа во случајот на ПДП многу брзо се рефлектирало кај гласачите за да подоцна го произведувало нивното незадоволство кои примената во пракса на таа политика ја прогласија  како неуспешна. Општо познато е дека една од најголемите слабости на политичкото раководство на ПДП во првите  коалицирања  било токму изборот на нејзините министри од страна на претседателот и премиерот а не од самата политичка партија, согласно нивните убедувања и критериуми за избор на највисоки претставници во извршната власт.

Општо политичко  убедување тоа време било дека со оглед на климата во меѓунационалните односи македонските политички партии (вклучувајќи го тука и претседателот на државата) ја немаа таа смелост да отворат вистински меѓупартиски и меѓунационален дијалог за решавање на горчливите проблеми на албанското население, поголемиот дел од тоа наследени од минатото .

Потврда на таа констатација се гледа и во размислувањата на самиот Глигоров по повод давањето на мандатот за составување на нова влада на лидерот на СКМ-ПДП Бранко Црвенковски веднаш после изгласувањето недоверба на експертската влада на Никола

---

[120] *Ibid, стр. 256*

Клусев:"...се најдов во сложена ситуација. Размислував како да постапам, дали да го почитувам таканаречениот парламентарен обичај-кога ќе одбие партијата со најголем број на пратеници, мандатот да го давам на следната партија. Во овој случај то требаше да биде ПДП, но морам да кажам дека во таа ситуација ми се чинеше дека во Македонија сепак тешко ќе може да се свати тоа...“, пишува поранешниот претседател на Република Македонија Киро Глигоров во неговите мемоари" ([121]).

## 4.2 Новиот устав и рефлексиите врз развојот на мултиетничкото општество.

Воведувањето на првиот плуралистички систем во Република Македонија бил настан од голема важност за сите граѓани без оглед на нивната етничка, полова или религиска припадност при што поголеми беа кај албанската етничка заедница од причина што 80-тите години на минатиот век забележаа една од најмрачните периоди во нивната историја во заедничките напори со Македонците и другите етнички заедници во конституирањети и развојот на македонската држава.

Развој на настаните околу донесувањето на уставот на независна Македонија не ги повтрди очекувањата на албанското население и албанските политичари, ниту пак потполно ги потврди очекувањата и на некои македонски политички сили (Фрчовски 2011) и интелектулци кои со петиција од 500 потписи се обратиле до

[121] *Глигоров, К., -Македонија е сé шшо имаме, сшрана 221*

уставната комисија со барања за дефинирање на државата како исклучително национална. За време на изготвувањето на уставот не беа земени во предвид предлозите и видувањата на членовите на Уставната комисија од албанска национална припадност. Главниот спор во уставната комисија бил околу карактерот на новиот устав. Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ сметале дека е дојдено вистинското време државата да се дефинира како национална држава на македонскиот народ, за што се немало дилема и кај пратениците од СКМ-ПДП ([122]) и претседателот Глигоров.

Разликите меѓу првите (ВМРО-ДПМНЕ) и вторите (СДСМ-ПДП), Сојуз на реформските сили и Глигоров кои сметаа дека "... граѓанскиот концепт на уставот мора да доминира, што теориски значеше дека носител на суверенитетот на државата, во секој случај е граѓанинот на земјата..."([123]) се појавија во нормативниот дел .

Враќајќи се повторно на тие бурни политчки времиња поранешниот претседател Киро Глигоров во неговите мемоари([124]) пишува дека големо време е потрошено да им се објасни на пратениците Албанци дека во нормативниот текст носител на суверенитетот е граѓанинот додека тие пак инсистирале да националностите се третираат како колективитет а не како индивидуалитет.

---

[122] *Глигоров, К., "...За мене немаше никаква дилема и тоа го кажав:мнозинскиот народ во нашата земја е македонски. И, за секого, во целиот свет, по тоа веднаш станува јасно дека оваа е македонска држава... Континуитетот на македонската држава никогаш не е прекинат Од Крушевската Република до денес... " (Македонија е сѐ што имаме, стр. 208)*

[123] *Ibid, strana 209*

[124] *Ибид, 209-210*

И покрај тоа што Глигоров упорно ја бранел тезата на составување на устав со граѓански концепт и се трудел тоа да им го објасни од стручна гледна точка на пратениците Албанци, сепак во неговите мемоари тој признава дека некои од новите предложени решенија не биле на ниво од претходните и не потсетува дека "...пратениците Албанци упорно настојуваа во Уставот најдецидно да се определи позицијата на Албанците како конститутивен народ изразувајќи незадоволство особено за оние предложени уставни решенија кои, за некој степен ,беа така да речам, под нивото на поранешните, особено на оние од уставите на 1974 год. и амандманите утврдени подоцна, кога и државата беше дефинирана поинаку отколку со новиот предлог..."([125]). биле и испод решенијата (Фрчковски, 2011) на Манифестот на Илинден 1903 год.

Исполитизирањето на самиот процес на донесување на нов устав на една независна држава се рефлектирало негативно кај населението , зависно од нивната етничка припадност кои ги следеа тие настани и ги коментираа од позиција на давање и земање на граѓански и етнички права.

Пратеничката група на ПДП-НДП некаде во јули 1991 год. до Собранието на Република Македонија достави текст за усвојување насловен "Декларација за рамноправниот статус на Албанците во Македонија"со единствена цел да пред македонската политичка јавност и македонските политички партии ги претстави албанските политички барања за време на составувањето на новиот устав на

[125] *Ибид, стр 206*

републикава.. Знаејќи ја состојбата на политичките сили во Собранието Пратеничката група немала илузии дека тој документ ќе се усвои во Собранието сепак, согласно анализите на настаните, била убедена дека работните тела на Собранието како и самото Собрание на пленарна седница ,(и под услов да не го усвои текстот), сепак ќе дискутира околу истиот. Неспремноста на македонските политички партии да се навлегува во дијалог придонесе да текстот на декларацијата не се стави на дневен ред. Пред меѓународниот фактор во име на Владата и државата Македонија тогашниот претседател Глигоров, пред Хашката конференција за поранешна Југославија, зел обврска дел од тие барања се инкорпорираат во новиот устав. Некои од определбите на Декларацијата, на некој или друг начин, беа инкорпорирани во некои законски определби и потоа во Охридскиот договор но задоцнетите реакции многу пати се непродуктивни и даваат спротивни ефекти.

Македонските политички коалициони партнери тоа време наместо да се потрудат да усвојуват некои од албанските политички барања нивните напори ги усмерија кон убедување на нивните колеги Албанци во моментов да ги изгласаат новите уставни решенија со превземени некакви усни обврски дека во иднина, веднаш после уставното конституирање на новата македонска држава,, ќе се седне најсериозно да се разговара за исполнување на нивните барања во сите области, при што најакутно било областа на средното и високото образование.

Теоретските размислувања на правниците и интелектуалците од двете најголеми етнички групи во многупартиска демократска

Македонија се разликуваа дијаметрално во поглед на карактерот на новиот устав на државата. Едните (Албанците) научно тврдеа дека уставот (тргнувајќи од преамбулата вклучувајќи го тука и нормативниот дел) има обележја од национален карактер, тој (Уставот) "... не е граѓански туку национален-македонски... и од одредбите на уставот сосема јасно и недвосмислено произлегува дека во Македонија, за да се уживаат во целина човековите граѓанските и националните права, треба да се биде ништо друго туку само Македонец, па оттука, Македонија е држава на македонскиот народ."([126]) сметал тогаш Митхад Емини, генерален секретар на ПДП и член на уставната комисија.

Другите пак (Македонците) тврдеа дека "македонскиот устав и според формата и според суштината е граѓански устав, и тоа либерално-граѓански. Правата на националностите во неа се експлицитно наведени и воопшто не се работи за релација кој колку многу права има: народот или националностите. Тоа е фалш-логика. Ако се промени нешто во таа релација ќе се продлабочи јазот меѓу националната и граѓанската компонента. Се разбира на штета на граѓанската. Следствено на тоа ќе се наруши концепцијата на уставот, односно, неговата демократско-либерална структура. А, тоа би било регресивно" ([127]) тврдел тогаш Димитар Мирчев, член на уставната комисија.

---

[126] *Цитирано според : Томовски, М., - "Албански кварт" во Македонија?, Пулс 14 јануари 1993 год. ,стр 6*

[127] *Цитирано според : Томовски, М., - "Албански кварт" во Македонија?, Пулс 14 јануари 1993 год*

Во целина македонските размислувања и ставови по ово прашање одеа во насока дека уставот е конципиран според граѓанскиот карактер, дека постои посебна нормативa за граѓанските права согласно сите европски конвенции дека преамбулата, каде Македонците беа внесени како конститутивен народ, не е нормативен дел од Уставот и дека тоа е направено за да се и спротивставуваме на грчката политика за нивната теорија околу "непостоењето на македонскиот народ".

Дискусиите околу идните уставни решенија кои ќе го детерминираат функционирањето на правниот систем на Република Македонија создадоа вжештена атмосфера во уставната комисија која потоа почна да се пренесе и во телата на политичките партии и посебно кај населението. За време на тие бурни расправи сите учесници се претставија со нивните желби и барања кои би нашле место во текстот на новиот устав; сите политички субјекти почнаа да го убедуваат нивното членство дека немаат намера да попуштат за барањата на другите

Без оглед на научните аргументи на едните или другите усвојувањето на Уставот 1991 год.без согласност на пратениците на ПДП-НДП остави зад себе широки недоразбирања во текот на целата деценија од 90-те години, и тоа:

- се создадоа тензични ситуации на релација органи на државата-албанско население,

- владата и понатаму ги игнорирала барањата на албанските пратеници и не била спремна сериозно да ги разбере состојбите,

- се создало паралелна дипломатија: од една страна владината претставена само од претставници од македонските политички партии кои се растрчаа по свет со цел лобирање за признавање на новата независна држава од што поголем број на земји,и

- етничко-партиска дипломатија која исто така се растрча по свет да ја прошири вистината за нерешените состојби во земјата,

- се реализираа две паралелни референдуми: едниот за самостојност на Република Македонија како исполнување на критериумот на Комисијата Бадентер за осамостојување на поранешните републики на СФРЈ и другиот за територијална автономија на Албанците во Република Македонија.

Организаторите на двата референдума до домашната и светската јавност упатија две различити пораки на високо учество на населението на тие два референдума: едниот 71% (за самостојност) и другиот 99% (за територијална автономија).

-двете страни од една иста влада во исто време и со исти поводи одеа во Хашката конференција за поранешна Југославија; двете страни од една иста влада преговараа за чувствителни теми во земјата а не на седниците на владата туку на преговорите организирани алтернативно во Женева, Брисел и Охрид.

Едните тие разговори ги крстиле како слободни муабети без никаква обврска (претставниците на Владата) додека другите како македонско-албански дијалог, односно разговори.([128]) .

Тензиите во меѓуетничките односи во земјата пораснаа и како резултат на акциите на некои српски политички партии во Република Македонија во тоа време (Ahrens, 2007). Албанските политички партии во Македонија тој устав го карактеризираа како генератор на политичка криза во Македонија (интервенција на полициските сили во тетовскиот универзитет), и токму затоа се покренаа иницијативи за изменување и дополнување на некои уставни норми веднаш неколку месеци после неговото усвојување.

И покрај сите незадоволства кои постоеја кај албанското население од усвојувањето на уставот општа констатација е дека во истиот имаше европски демократски норми за заштита на граѓанските права и слободи и беше високо вреднуван и од Комсијата на Бадентер за осамостојување на републиките во поранешната СФРЈ . Врз основа на вреднувањето на уставот Комисијата Бадентер заклучи дека Република Македонија ги исполнува условите да прогласи независност на државата.

---

[128] *Ahrens, G.,Diplomacy on the Edge, 2007, Woodrow Wilson Center Press, The Johns Hopkins University Press : "Македонија беше најкооперативна од сите шест републики во однос на меѓународното посредување... Во јануари 1992 јас ја дискутирав работната методологија со Тошевски. Во едно писмо од 28 јануари тој ја прифати референцата на Работната група која се однесуваше на до трипартитните разговори со некои малцинства и го поздрави нејзиното директно учество и помош... Во мај тој службено побара да Работна група посредува во спорот меѓу неговата влада и Албанците во Македонија... " p, 395 &397*

## 4.3 Мултиетничкото општество 90-те години на минатиот век: меѓу политичките конфронтации и воениот конфликт

Многу македонски политичари и угледни македонски и албански интелектуалци се на иста линија на размислување дека внатрешно-политичките, економските и културните односи во републиката многу се зависни од односите меѓу двете најголеми национални заедници Македонците и Албанците како и другите етнички заедници затоа што земјата личи на мозаик на разни етникуми, култури и религии. Историјата запишувала дека низ векови не беа забележени контронтации меѓу двете најбројни етнички заедници (и пошироко меѓу помалите етнички заедници или религиозни групи ) туку напротив општеството се разликувало со многу добри меѓуетнички и меѓу-конфесионални односи.

До 2000 година, посебно после крвопролевањата во скоро сите републики на поранешната СФРЈ, Република Македонија беше позната во европски дури и светски размери како "оаза на мирот" а нејзиниот тогашен претседател Киро Глигоров како политички симбол на таа оаза. Тоа посебно беше забележливо затоа што Македонија беше единствената република што благодарение на внатрешната кохезиона политика и сожителството меѓу сите национални групи и мудрата политика на Глигоров (Philips 2007) успеа да биде самостојна држава без да ја насети агресивноста на тогашната српска политика и нејзините оружени сили олицетворени во фамозната ЈНА.

Војните виори во поранешните ју-републики имаа индиректни или директни рефлексии врз општите внатрешни и надворешни состојби во републиката. Пред осамостојувањето државата беше најсиромашната република во рамките на федерацијата (ако не се смета Косово како тогашна покраина); нејзините економски капацитети беа цврсто поврзани со економските капацитети на Србија како најблиска ју-република; нејзиниот пазар тесно поврзан со пазарот на другите републики а првенствено на својот прв сосед Србија. Македонските политички претставници во федерацијата ја култивираа нивната политичка филозофија дека "јака Србија значи и јака Југославија "[(129)] и често се бореа против "непринципиелни коалиции" во органите на СКЈ каде воглавном се донеле најклучните одлуки за економскиот политичкиот, културниот и социјалниот развој на членките на федерацијата. Врвните македонски политичари немаа сопствена визија за развојот на општеството од причина што нивната долгугодишна работа во органите на федерацијата и во нивните институции ги поврзало нив со емоции и тие неможеле емотивно да прифаќаат дека ќе дојде до распад на една така моќна држава како што беше тогашната федерација ([130])

Во 90-тите години македонската политичка елита беше поделена меѓу оние што интимно мислеа дека земјата неможе економски да

---

[129] *Говор на Лазар Колишевски на заедничкаша седница на ЦК СКЈ и Собранието на Југославија за Платформата за Косово*

[130] *Извод од разговорот на Стојан Андов со Љубчо Георгиевски: "...неодамна, пред дваесетина дена, кога во Париз учествуваше на некоја тркалезна маса, таму пред учесниците и пред странските новинари, Глигоров во свое излагање не дозволи ниту теоретска можност да се распадне Југославија, изјавувајќи дека ако се распадне Југославија прво ќе се распадне Македонија. Оттаму ми е стравот а не од некоја моја начелна недоверба кон македонскиот народ... " Андов, С., "На мој начин" страна 326*

биде самостојна (СКМ-ПДП) и во јавноста се декларираа за самостојност и другите (ВМРО-ДПМНЕ) што сакаа независност преку собраниска декларација бидејќи не беа убедени дека народот ќе гласа на референдум за отцепување од Југославија ([131])

Третите пак, Албанците се наоѓаа меѓу нивните локални аспирации да не се распарчи нивниот заеднички културен простор во рамките на федерацијата ([132]) и повторно во истиот век, втор пат после 1913, да се распарчат во три нови држави каде би биеле политичка битка за нивен рамноправен статус со мнозинските народи на новосоздадените држави([133]).

Политичките платформи на албанските политички партии во федерацијата немаа многу единствени точки и затоа во 1992 год.под иницијатива на ДСК на Ибрахим Ругова се основа Координативно тело на албанските политички партии кое тело усвои документ насловен "Политичка декларација за решавање на албанското прашање во Југославија" кој во основа го имаше скицирано следното:

---

[131] *Ibid, strana 325*

[132] *Gligorov, K., Македонија е се што имаме : "... само да потсетам дека во летото на 1991 година нашата јавност беше запознаата со една декларација на НДП во која се бараше правото на слободно национално определување...Оваа декларација и беше дадена на Владата и таа ја отфрли. Потоа на почетокот на 1992 год. беше спроведен некаков референдум за политичка и територијална автономија на Албанците во Македонија, а во Струга беше прогласена т.н* "Илирида" есента 1993 год. се сретнавме со случајот на формирањето "паравоени формации" на Албанците во Македонија... ".

[133] *Види Андов, С., На мој начин, страна 314 (...Само неколку дена по седницата на Собранието на Републиката беше објавена "Политичка декларација" донесена на Собранието наљ народна-демократска партија (НДП) во Тетово. Во таа политичка декларација беа формулирани барања до македонските и југословенските политички фактори и во тој документ се бараше на албанското население во Југославија да му се признае статусот на народ; во "Ју-самитот" Албанците треба да се сметаат за конститутивен елемент на Спогодбата за иден државен систем...)*

- Косово да биде прогласена република затоа што таа била покраина во рамките на федерацијата и рамноправен политички и економски ентитет со другите републики, како што афирмираа косовските Албанци а го негираа Србите, тврдејќи дека Косово била покраина во рамките на Србија;

-Албанците во Република Македонија да бидаат конститутивен народ во новата држава повикувајќи се на дотогашната уставна положба во Уставот од 1974 год.;

-Албанците во Црна Гора да се здобиваат со културно-територијална автономија;

-Албанците од Прешевската долина во Јужна Србија да имаат автономија во рамките на Југославија.

Од гореизнесеното се гледа дека за Албанците во тогашната СФРЈ геополитички била најприфатлива теоријата за прогласување на Косово како самостоен политички ентитет додека Албанците во другите краеви на федерацијата политичката борба да ја насочат кон остварување на нивната рамноправност со мнозинските народи во новосоздадените држави.

Тргнувајќи од гореизнесеното Албанците од Македонија имаа уште тогаш јасна визија дека нивната судбина треба да ја градаат во потполна рамноправност со Македонците во идната самостојна Македонија. Токму тој бил најглавниот разлог зошто пратениците Албанци во Собранието на Република Македонија ја изгласале

Декларацијата за независност на Републиката и така албанските партии прифатиле да бидат дел од извршната власт.

Многу дилеми досега се поставени од страна на многу македонски политичари и интелектуалци зошто албанските пратеници ја изгласале декларацијата за независност и истовремено албанските политички партии ПДП и НДП не ги повикуваа нивните гласачи да гласаат на референдум за самостојна Македонија туку организираа нивен референдум за политичко територијалната автономија на Албанците во Македонија. Овој политички потег на политичарите Албанци од страна на македонската политичка јавност беше карактеризиран како сѐуште неизграден правилен став на Албанците кон македонската држава([134]). Анализите на политичките збиднувања во тоа време покажуваат дека до такво политичко двојно однесување не е дојдено заради некои резерви во опции на албанските политичари туку заради големиот исчекор во негативна смисла на зборот што го направи македонската политичка елита во однос на поставените барања од страна на албанските политички субјекти во областите на примената на јазиците и образованието на албански наставен јазик, на реализацијата на пописот на населението, и др. ([135]).

Во понатамошниот развој на настаните во републиката неколку настани битно ја ослабнеа и така слабата економската состојба на

---

*134 Reuter, J., Policy and economy in Macedonia, in "Macedonian Question" by James Pettifer, Macmillan Press, LTD, Great Britain 1999*

*135 Андов, С., "На мој начин", сѿрана 314 и 314*

земјата([136]), социјалната и меѓуетничката хармонија во новата самостојна држава и тоа:

- економските блокади воведени против Македонија ,

- неисполнување на образовните и јазичните потреби на Албанците,

- јакнење на улогата на полицијата во функционирање на државата,

- избор на млад и неискусен македонски премиер,([137])

- сконцентрирање на голема политичка моќ во рацете на Глигоров ([138])

---

*136 Mircev, D., "... Во јануари-февруари 1992 год државните резерви во енергија и храна беа доволни само за неколку месеци. Државните девизни резерви не беа повисоки од 30 милиони $ долари додека 65% од производството и трговијата беше поврзано со економијата на Србија која веќе беше инволвирана во војни... " во Enginering the foreign policy of a independent state: the case of Macedonia, 1990-6 , in Pettifer, J., The new Macedonian State.*

*137 "...Слушај Бранко, немој случајно ти да прифатиш да бидеш претседател на владата, мислам дека не е време одини (тогаш имаше 30-тина години), така што немој сега во оваа тешка ситуација, да се истураш напред, го немаш потребното искуство... " од разговорот на Киро Глигоров со Бранко Црвенковски пред да му додели мандат за состав на нова влада, цитат од Глигоров, К., "Македонија е сé што имаме", страна 218*

*137 "...Јас можам да кажам дека Уставот на РМ, во самата основа е направен премиерот да биде главен, меѓутоа Киро Глигоров си ја узурпира власта за сé тогаш.Прво, ја узурпира власта преку експертската влада, потоа ја узурпира преку младиот Црвенковски, кој во првите години навистина мислам дека беше млад. Значи до атентатот Киро Г. беше и претседател и премиер и тоа беше надвор од уставната позиција која ја нуди Уставот на РМ...". Георгиевски,Љ.,Тоа сум јас, страна 52 .*

- отсуство на опозиција во Собранието како резултат на бојкотирање на изборите од страна на опозицијата,

- висок степен на економски криминал и корумпираност,

- неадекватен избор на приватизација на општествениот капитал,

- строга централизација на администрацијата и примената на власта.

Состојбата во заострувањето на меѓунационалните односи особено се влоши во годините 1991-1997. Во тој период меѓународната заедница реши да ја мониторира состојба во Македонија преку посредство на Високиот комесар за националните малцинства при ОБСЕ (тогашен КЕБС) Макс Ван дер Штул и преку посредничката мисија на германскиот дипломат Герт Аренс, член на Групата за Босна и Херцеговина и Македонија во Хашката конференција за Поранешна Југославија.

Многу години потоа, веднаш после потпишувањето на Охридскиот договор, Герт Аренс објави своја книга за настаните на поранешна Југославија и се задржа на неговиот "Охридски договор" на една прес конференција и изјави дека решенијата кои ги постигнале претставниците на политичките партии на Македонците со претставниците на политичките партии на Албанците во "предвоениот Охридски договор" преку негово медијаторство биле скоро слични со решенијата постигнати во "послевоениот Охридски Договор"([139]). Тогаш смета тој, се пропушти една добра шанса за

---

[139] *Ahrens, G., Diplomacy on Edge, Routledge, London, 2006*

елиминирање, барем на уставен и законски план, на недоразбирањата и тензиите кои долго време беа присутни на политичка сцена во Република Македонија.

Од искажувањата на тогашните македонски политичари како и искажувањата на домашните и странските аналитичари може да се извлече едногласен заклучок дека некои настани кои се десија во годините 92-93 од минатиот век беа клучни во понатамошниот развој на мултиетничкото и мултикултурно општество во Република Македонија, и тоа:

- битпазарските настани од 1993 год., кога полицијата брутално интервенираше по повод една акција за затворање на црниот пазар на акцизна стока,

- случајот "Албанска паравојска" кога беа приведени и казнети голем број на државни функционери од албанската народност меѓу кои и генералниот секретар на ПДП Митхад Емини,

- интервенцијата на полицијата во Радолиште-Струшко,

- гостиварските настани од 9 јуни 1996 год. кога полицијата повторно грубо интервенираше при реализација на една одлука на Уставен суд за употребата на албанското знаме во просториите на општина Гостивар,

- настаните околу основањето на тетовскиот универзитет, при што повторно имаме интервенција на полицијата.

Во публикацијата " Меѓуетнички односи во Република Македонија"([140]) мнозинството на анкетираните граѓани , вклучувајќи ги сите етнички заедници, одговориле афирмативно на прашањето на постоење на период во кој немнозинските заедници имале непријателски/ сепаратистички став*, и тоа етничките Македонци и Срби со највисока перцепција од 80,3 и 80,4" за* постоење на таков период, потоа етничките Албанци со 62,3" и како класични примери со највисока перцепција кај сите етнички групи се сметаат косовските настани во 80-тите години, настаните во 2001 год., прогласувањето на Илирида и Втора светска војна.

За периодот од 2011 год. како период во кој немнозинските заедници имале непријателски/сепаратистички став кај сите етнички заедници постои највисока перцепција, и тоа кај етничките Македонци 56%, кај етничките Албанци 57,8%, кај етничките Срби 76,3% ; кај етничките Турци 52,8% ,кај етничките Роми 52,7% .

За настаните на Косово 1980 год. кај сите етнички групи индексот на перцепција е нивелиран од 22% до 24,9% ,освен кај Ромите кои се со највисок процент на перцепција со 18,5% потоа етничките Македонци со помал индекс на перцепција со 12,6% , Србите со најмал индекс на перцепција 12,2% .

Што се однесува до периодот во кој немнозинските заедници имале непријателски/ сепаратистички став кој е поврзан со прогласувањето на Илирида највисок индекс на перцепција изразиле анкетираните

---

[140] *Клековски, С., Меѓуетничките односи во Македонија, 2001, Скопје, МЦМС, страна 12*

етнички Македонци со 17,8%, потоа етничките Бошњаци со 17,5%, етничките Турци со 15,2%, етничките Роми со 12, 4% и најмал индекс на перцепција кај етничките Срби со 3,2% и етничките Албанци со 5,6% :

Европското и светско искуство покажува дека насекаде каде имало интервенција на полицијата или друга форма на примена на сила тоа значи дека дијалогот за тие внатрешно-политички или надворешно-политички прашања затаил или потполно е запрен и дека на сила стапиле силите кои имаат платформа за решавање на сите видови недоразбирања со употреба на силата. Отежнувачки фактори за време на тие настани биле убиените недолжни граѓани кои или излегле да поддржуваат една праведна иницијатива за основање на универзитет во кој младите луѓе ќе се образуваат и едуцираат и ќе бидат способни да го водат општеството кон економски развој, благосостојба, мир и сожителство со сите други или пак со нивното присутво во тие собири го употребувале нивното демократско право на мирен пат преку дозволени собири да ги изразуваат нивните чувства за правата што им припаѓаат согласно уставот, законите и европските конвенции за правата и слободата на човекот.

Работите почнаа да одаат наопако со битпазарските настани кои направија пресврт во дотогашниот начин на решавање на проблемите во Македонија. Тој настан со ништо не може да се поврзе со влошувањето на меѓунационалните односи во Републиката. Тоа беше обид да се покрие степенот на корумпираност на тогашната власт која немаше смелост (или пак соработуваше со

нив) да им објави војна на олигарсите и да изгради стратегија за борба против нелегалниот профит, преку гонење на ситните трговци низ улиците на Битпазар кои од таа трговија обезбедија животна екзистенција за нив и нивните семејства во услови на голем степен на невработеноста на населението, посебно на младите.

Времето покажа многу години подоцна дека виновници на нелегалната трговија со цигари не беа млади невработени луѓе туку големите олигарси чии нивни пријатели седнаа на министерски места и беа дел од профитот на таа трговија, и дека источно-европскиот центар на трговија со цигари бил во Скопје и олицетворен во една маркантна фигура кој во сенка тесно соработуваше со владини претставници кои се занимаваа со организиран економски криминал.

На надворешен план тие години напорите на државата одеа кон тоа да се успее да се избегне вовлекувањето во крвопролевањето кое веќе започнало во другите републики на Југославија.На внатрешен план напорите беа насочени кон негување на внатрешната кохезија, на зајакнување на меѓуетничките и меѓурелигиските односи. Земјата која доживеа две економски блокади за краток временски период напорите ги фокусирала меѓу тешката економска криза, надворешните економски блокади и од време на време заострените внатрешно-политички односи.

На образовен план универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје како највисока образовна установа во земјата беше затворена високо-образовна институција за другите етнички групации во државата.

Учеството на студентите Албанците во 1991 на тој универзитет беше 1%. Тој процент неможеше и да се зголеми повеќе имајќи ја предвид политиката на упис каде испитите се полага на македонски јазик што претставуваше посебна потешкотија за студентите Албанци кои доаѓаа со несоодветни и нерамноправни услови на конкуренција со нивните врсници од македонската националност.

Со единствената цел да придонесе во развојот на образовната мрежа на Албанците во Македонија ПДП –политичка партија на етничките Албанци прифати да биде дел од екзекутивата во демократските влади после осамостојување на земјата. Спротивно на резултатите од првите демократски избори во Македонија ВМРО како победничка партија не успеа да формира политичка влада и затоа претседателот Глигоров се одлучи за составување на таканаречена експертска влада во која беа вклучени и тројца министри од етничките заедници. Новоформираната експертска влада не беше фокусирана и заинтерсирана да ги затвори болни прашања како што беа образованието ,употребата на јазиците и етничките симболи кои како нерешени проблеми повеќето беа оставени како наследство од 80-тите години од минатиот век. Посебно тврд и националистички однос кон образовните прашања имаше тогашниот потпретседател Блаже Ристовски кој и ден денес во јавноста изнесува негативни ставови кои одаат на штета на мултиетничкото живеење во Република Македонија

## 4.4 Воениот конфликт, планот Фровик и Рамковниот договор

Во животот подеднакво опасно е кога лошите работи се претставуваат како добри и аналогно на тоа кога добрите работи се претставуваат како лоши. После десет години од прв воен конфликт во историското паметење на мулгтиетничкиот живот во Република Македонија сѐуште не можеме да дојдеме до правата дефиниција на конфликтот поготово што сега знаците на затегнување на меѓуетничките состојби се дури посериозни од времето кога почна конфликтот во 2001 год.

Конфликтот во 2001 год. се појави во времето кога за прв пат во историјата на независноста на државата владината политика ја водеа две десноориентирани политички сили од едната и другата етничка припадност со илузија дека од државата ќе направаат земја на меѓуетнички просперитет и меѓуетничко разбирање. Таа владина коалиција почна да забележи видни резултати во полето на економијата и релаксирањето на меѓуетничките односи посебно со амнестирањето на политичарите кои беа затворени поради употреба на албанското знаме во општинските згради во гфрадовите каде беа градоначалници. Исто така голем беше придонесот на коалиционата влада ВМРО-ДПМНЕ-ДПА за време на Косовската криза кога Македонија стана земја која даде голем придонес на НАТО силите за воената интервенција против Југослави како и придонес во вдомувањето на над 350 илјади косовари во нашата земја.

Составување на политичка влада прв пат после осамостојувањето на државата за ВМРО-ДПМНЕ беше голем политички настан. Двете партии од две етнички заедници со десно ориентирани политички платформи за прв пат составија заедничка влада со дијаметрално политичко минато и политички ставови во однос на националните прашања. Економските интереси на политичките номенклатури придонесоа на нивно зближување. Георгиевски, лидер на партијата и премиер го смени неговиот познат негативен вокабулар кога беа во прашање меѓуетничките односи и почна да ја поддржи тезата за мултиетничка и мултикултурна политика и рамноправност на Македонците со Албанците, додека Џафери дека веќе не е потребен никаков "македонско-албански историски дијалог" (за што се залагаше кога беше опозиција!) затоа што тој дијалог веќе се остварува во владата и дека новите власти ги » релаксирале меѓуетничките односи" до таа мера што веќе е достигнат плафонот на рамноправноста.

Косовската криза во 1999 год. и големиот број на бегалци од Косово во Македонија го потврдија уште еднаш меѓупартиското релаксирање на односите. Во прифатни центри за бегалци се отворија партиски фирми за купопродажба на прехранбени артикли, се воведоа "партиски акцизи" на извоз на цигари и нафта кон Косово и Бугарија и секој го имаше својот рачун.

Изборот на кандидат за претседател со оспорени гласови на граѓаните на почеток изгледаше промашена инвестиција и од него на Собрание јавно се откажа и лидерот од партијата од каде потекнуваше тој. Сепак крајот го докажа спротивното: тој стана

човекот кој даде голем придонес да не се распадне Република Македонија во кризната 2001 год.

Воените дејствија кои се појавија на некои краеви на земјата во февруари 2001 год. ја изненадија владеачката коалиција на "релаксираните меѓуетнички односи" и борците ги добија најлошите политички квалификации како вагабонди, терористи и др. Тие ја расипаа меѓупартиската идила. Разочарувањето беше приметено кај двете страни. Кај партијата на Георгиевски тоа беше квалификувано како еден голем удар позади грб од страна на Косово посебно после големата помош што владата Георгиевски-Џафери го даде и засолни повеќе од 300 илјади граѓани од Косово кои побегна од репресалиите на режимот на Милошевиќ.

Разочарувањето кај партијата на Џафери имаше друг мотив: тие сметаа дека реализацијата на албанските права во владата оди без никакви потешкотии и сите тие барања, кои и беа презентирани на јавноста преку соопштенијата на ОНА, всушност беа политичка платформа на албанските политички партии во Македонија и тие можеле да се реализираат без војна, на демократски пат преку институциите на државата. Истиот вокабулар го употребува подоцна и претседателот Трајковски. Високи раководители на ДПА (Тачи, фебруари 2001) на почеток изјавија дека се работи за група млади кои се лошо информирани и дека "државата има механизми за одбрана на својата територија".

Реакциите на претставниците на трите власти во Република Македонија беа конфузни и панични. Од содржината на нивните

реакции зависеа и реакциите на меѓународниот политички фактор. Така на пример тогашниот претседател Борис Трајковски, во неговото интервју за британскиот "Daily Telegraph" ([141]) на 31 март 2001 изјавил дека "...терористите го запреа дијалогот кој се одвиваше последните четири години за да се поправи состојбата на Албанците во Македонија и јас сум сигурен дека мноштвото на Албанците во Македонија не ги поддржуваат нив. Тие не се повеќе од 300 крадци и криминалци... ". Брзото решение на тие права според претседателот Трајковски би било опасно и тој не прифаќа медијаторство од страна на ЕУ меѓу двете заедници затоа што смета дека "самите може да ги решиме проблемите", и продолжува : "...Јас нема да дозволувам никаква поделба на оваа земја долж етнички линии. Ако го направиме тоа ќе биде страшно.. ". ([142]) Тогаш претседателот Трајковски се залагал за една широка дебата со политичките партии , интелектуалци и експерти за овие прашања.

Реакциите на меѓународната јавност беа оркестрирани според информациите и реакциите на властите во Република Македонија. Така на пример Richard Holbrook, аркитеткт на Дејтонскиот договор , изјавува "... детонациите се еден стар сон кој се вика "Голема Албанија"и обидот да се реализира тоа може да провоцира регионална експлозија..."([143]). Холбрук ги повикува албанските лидери

---

[141] *Цитирано според "Daily briefing from international press about Macedonian crisis", EURO-BALKAN" institute on Macedonian ,31.03.2001*

[142] *Ибид*

[143] *Цитирано според "Daily briefing from international press about Macedonian crisis", "EURO-BALKAN" institute on Macedonian ,31.03.2001*

да се потсетуваат на тоа "... што ние сме направиле за нив во Косово и што тие им прават сега на Македонците". ([144]) Тогашниот руски претседател Путин тие настани ги поврзува со бунтот во Чеченија: "..тоа што се дешава сега во Македонија не потсетува нас на настаните во Чеченија... Ние ги гледаме апсолутно истите работи во Македонија... ".([145]) Путин на средба со лидерите на ЕУ во тоа време се залага за примена на слични воени акции во Македонија како што Русија ги презела против Чеченија неколку години пред тоа.

За разлика од изјавите на горенаведените светски политичари, Бернар Кушнер, тогашен министер за здравство на Франција сметал дека "...Сегашниот конфликт кој се надевам дека ќе се реши за неколку дена, ја покажува недовербата на албанската популација во Македонија, Србија и Косово во иднината. Има тамо 30% Албанци и само 3% во администрација, полиција, судските власти, образовните институции. Македонија мора да добие безрезервна поддршка, како и албанските политички партии кои се против насилствата и кои се доволно свесни да превземаат акции во владата и разрешување на сите овие прашања. Експтремистите не треба да триумфират... ".([146])

---

[144] *Ибид*

[145] *Reuters, 31.03.2001, цитирано според горенаведениот извор.*

[146] *."... САД и нејзините алеати имаат цврст став околу зачувувањето на суверенитетот и територијалниот интегритет на Македонија. Востаниците во Македонија се повикуваат на тоа дека ја промовираат каузата на албанската народност. Тоа не се тие. Во суштина нивните насилни методи ги оштетуваат долгорочните интереси на етничките Албанци во Македонија, Косово и во регионот. На место нив ние ги поддржуваме политичките лидери во Македонија и регионот кои го отфрлиле насилството и теророт во прилог на демократијата и дијалогот како пат како да се постигнуваат промени... Јас цврсто го поддржувам претседателот Трајковски и македонската Влада да ја развиваат демократијата и владеењето на правото. Ние ја поттикнуваме Владата да со внимание делува и да тесно работи со избраните албански претставници на албанската заедница да ги решаваат*

Во соопштението издадено од Кабинетот Буш на 24 март 2001 се вели дека САД и нејзините алеати од ОН ја осудуваат силата која ја применува "една мала група на екстремисти кои се одлучни да ја дестабилизира демократската и мултиетничка влада на Македонија ([147]).

Во соопштението на Кабинетот Буш се насетуваат некои формулации кои ги употребија тогашните албански лидери избрани на слободни демократски избори и во истото соопштение им се изразува безрезервна поддршка на политичките лидери и политичките партии, потоа се дава цврста поддршка на тогашниот претседател Трајковски и на владата и сите ги поттикнуваат да продолжуватат и понатаму во решавањето на отворените прашања.

Воените дејствија придонесоа состојбите внатре во коалицијата ВМРО-ДПМНЕ-ДПА да се разнишат: Георгиевски сметал дека се работи за нелојалност на својот коалиционен партнер и дека тоа беше заговор на меѓународната заедница против Република Македонија и во неколку јавни настапи тогашниот премиер јавно ги напаѓаше НАТО, Косово и меѓународната заедница дека сакале да ја дестабилизираат нашата земја

---

*легитимните барања напоредно со превземањето на потребните чекори за да се спречи понатамошното насилство... ".*

Цитирано според " Daily briefing from international press about Macedonian crisis", "EURO-BALKAN" institute on Macedonian ,31.03.2001

[147] U.S. President's Statement On U.S. Joining Allies And UN In Condemning Violence In Macedonia , цитирано според Daily briefing from international press about Macedonian crisis", "EURO-BALKAN" institute on Macedonian 24.03.2001

Во истражувањето на МЦМС (Македонски центар за меѓународна соработка) десет години потоа 52% од Албанските испитаници мислат дека оружениот конфликт во 2001 год. била оправдана борба за човекови права, наспроти 2,5% од Македонците, 1,5% од Србите. Од етничките заедници најголем процент на тие што веруваат дека војната била за човекови права после Албанците се рангираат Турците со 22,7% додека со најмал процент се рангираат Власите (1.0%). Македонците во 53,3% конфликтот го карактеризираат како етно-сепаратистичка борба, агресија од Косово и меѓународен заговор против Македонија  што приближно исто процентуално мислење постои и кај Власите (48%). Што се однесува до можноста правата да се постигнале по мирен пат кај Македонците(37,1%) и кај Албанците (31,8% ) постои приближно блиско мислење додека во тоа  најмногу веруваат 52,5% од испитаните Турци, 56,2% од испитаните Срби, Власите и Ромите по 43% и Бошњаците 36,8% ([148]) Од гореизнесените показатели може да се извлече заклучок дека ставовите на политичките партии на Македонците и Албанците вршеле влијание врз личното убедување на граѓаните за тие настани

Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ-ДПА пред да започнат воените дејствија ја имаше големата поддршка на меѓународната заедница како коалиција која навистина некои прашања од меѓуетничкиот карактер ги решаваше ефективно и во голема соработка со албанскиот коалиционен партнер.

---

[148] *МЦМС-Клековски,С., Меѓуетничките односи во Македонија, јуни 2011,Скопје, страна 13*

Усвојување на законот за амнестија за градоначалниците на Тетово и Гостивар внесе оптимизам и доверба кај албанското население дека работите на меѓуетнички план ќе добијаат подруга димензија и подруг карактер со новата коалиција. После многу тензични години во меѓуетничките односи за време на владеењето на СДСМ меѓунационалните односи се здобија со нов квалитет сé до започнувањето на воените операции. Тогашната коалиција почна да ја губи поддршката на меѓународната заедница кога високи претсавници на оваа коалиција влегоа длабоко во економски криминал една година после функционирањето на коалиционата влада.

Воениот конфликт не можел да биде запрен ако албанските политички партии и македонските политички партии од власта и опозицијата и понатаму би оделе во спротивни насоки без нивен основен консензус за актуелната состојба.Недавањето на политички легитимитет на раководството на ОНА од страна на политичките партии на Албанците од една страна и нивното учеството во владина коалиција беше вистински дуализам и контраверза од причина што масовизирањето на редовите на ОНА значеше дека политичките партии го изгубиле нивниот политички легимитет и симпатиите од албанското население и токмју затоа би требало да се повлекуваат од политичка сцена.

Општата политичка и безбедносна состојба во земјата налагало да албанските политички партии ги забораваат нивните внатрешно-партиски кавги и несогласување и да се договораат да основаат заеднички политички фронт, вклучувајќи ги тука и политичките

претставници на ОНА се со цел да издејствуваат кај меѓународната заедница поддршка да започне толку посакуваниот македонско-албански политички дијалог за решавање на политичко-правната и економска положба на Албанците во Република Македонија.

Лидерите на албанските политички партии постојано беа под притисок на претставнивите на меѓународната заедница. Хавиер Солана, во име на ЕУ и Робертсон во име на НАТО бараа од лидерите на политичките партии  да се дистанцираат од акциите на ОНА и политички да ги изолираат нејзиниите претставници. Во април и мај 2001 год. Арбен Џафери од ДПА и Имер Имери од ПДП два пати потпишаа соопштенија со Солана и Робертсон со упатен повик до лидерите на ОНА да престануваат со воените дејствија и да мислат проблемите да ги решаваат преку политички дијалог кои повици тогаш не наидоа на добар прием кај политичкото раководство на ОНА. Од оваа и други причини раководствата на ДПА и ПДП немаа друг излез туку да седнат на помирувачка маса и да составуваат заедничка стратегија како понатаму да се оди во насока на запирање на воените дејствија и после тоа да се  овори  политички дијалог за подобрување на политичката, економската, социјалната и културната положба на Албанците во Република Македонија.

Напоредно со проширување на воените дејствија во пошироки региони на државата растел и интересот на меѓународната заедница да се гасне ово воено жариште кое ризикуваше да донесе воени конфликти од пошироки размери. При крај на март 2001 год. познатиот американски дипломат Роберт  Фровик  во име на ОБСЕ почна да го испита теренот на кој начин да се реши кризата. После

работните средби што ги оддржувал со претставниците на ДПа, ПДП и претседателот Трајковски, тој излезе со еден работен документ со кој требало да и се стави крај на воените дејствија документ кој бил прифатен и од страна на раководството на ОНА и лотфрлен од тогашната македонска опозиција.

Слабоста на акцијата на Фровик беше во тоа што тој како македонски политички партнер (како што сам неколку пати изјавуваше) за реализација на неговата платформа го сметал само претседателот Трајковски (официјално) додека неофицијално можеби Трајковски ги претставувал и интересите на неговата поранешна партија. Друга слабост била тоа што тој ја потценил македонската опозиција и нив не ги сметал за рамноправен партнер на тие можни идни македонско-албански преговори. Потценувањето на улогата на опозицијата од страна на фровик придонесе тој да ја прекине неговата мисија и да продолжуваат и понатаму воените дејствија.

Потребата за меѓуетнички преговори стана услов без кој се не може веднаш после легитимирањето на Али Ахмети како политички претставник на ОНА од страна на лидерите Џафери и Ахмети веднаш после потпишувањето на призренската декларација и покажувањето на спремноста на македонските политички лидери да се стави крај на политичките недоразбирање во Македонија. Веќе сé стана јасно дека или борбените дејствија ќе продолжуваат до ирационални размери или лидерите на политичките партии ќе седнат на политичка маса да преговараат.

Равојот на настаните после неуспехот на мисијата на Фровик покажа дека тврдолглавото инсистирање да не се дојде до уставни измени ги наштетуваше националните и државни интереси на Република Македонија. Претседателот Трајковски беше во континуиран притисок од претседателот на владата Љубчо Георгиевски да нареди широка употреба на војската против припадниците на ОНА. Премиерот често се закануваше дека ако воените дејства не запираат тој ќе ја насочи војната кон чисто албански средини.

На покана на претседателот Трајковски во некаде во април 2001 год. Во нашата земја дојде архитектот на мислењето за Уставот на Македонија за исполнувањето на условите на земјата за раздружување од поранешната СФРЈ познатиот француски конституционалист Робер Бадентер. Франција тогаш се појави како играч во европска политичка сцена. За време на неговиот тридневен престој во Скопје тој имаше одвоени средби со политичките претставници на албанските политички партии, со политичките претставници на македонските политички партии и со претседателот Трајковски.

Албанските претставници на политичките партии на заедничката средба со Бадентер му ги изложија нивните барања, меѓу кои најпроблематично било начинот на одлучување во телата на Собранието и на седниците на истата затоа што од минатото можело да се научи дека една од причините за неуспех на сите гарнитури албански пратеници во работата во Собранието било мајоризацијата, и цела една генерација пратеници успела да ги

убедува нивните македонски колеги за време на еден политички мандат да го прифаќат нивниот амандман за води.

Прашањето како да се избегне мајоризацијата било дискутирано и за време на македонско-албанските разговори во Хашката конференција за Југославија во подгрупата за Македонија. Во точката 3 од работниот лист кога е разговарано за уставните измени, во втората алинеа се спомнуваа предлагање на заштитни мерки за да се одбегне ризикот на мајоризација од една етничка група од другите групи со воведување на модел за пропорционално претставување или во точката 12 е разгледана можноста Собранието да биде дводомно или да се основа совет за меѓунационални односи со пропорционален состав согласно член 78 од Уставот, кој ќе има должности да учествува во законодавниот процес за прашања кои се однесуваат на етникумите.([149])

Пропорционалното претставување во органите на извршната власт, судството, донесувањето на закони кои се битни за образованието, културното наследство и етничките симболи, употреба на албанскиот јазик се барања кои преку Декларацијата за рамноправен статус на Албанците во Македонија и беа неколку пати презентирани на меѓународната јавност. (Ahrens 2006).

Можноста албанскиот јазик да биде службен јазик во Република Македонија во местата каде живеат Албанците е дискутирано и во под-групата за Македонија на Хашката конференција за Југославија

---

[149] *Ahrens, G., Diplomacy on the Edge,2006 Woodrow Wilson Center Press,p-409 and 411*

предводена од Аренс и во точката 6 алинеа 2 на Работниот лист (Working Paper) пишува дека е постигната согласност албанскиот јазик и неговото писмо биде службен јазик во единиците на локалната самоуправа каде тие сочинуваат 10% од населението.([150]) . Постигната била согласност во Под-групата и за уставните измени со кои би се бришала тогашната преамбула ([151]) и државата би се дефинирала како држава на граѓаните на Република Македонија. За потсетување е дека првичната преамбула на Рамковниот договор била чисто од граѓански карактер, без спомнување на ниеден национален етникум, потоа на остра реакција на македонската политичка и интелектуална јавност е усвоена сегашната преамбула на Уставот.

Со намера да си го поттикне започнувањето на дијалогот после заминувањето на Бадентер во Франција претседателот Трајковски изјавил дека тој е спремен за дијалог за сите можни прашања околу заедничкото живеење во Република Македонија дури и во Тетово, каде од почеток беа воените дејствија. Иако Тетово се спомна прво како место за македонско-албанските политички разговори сепак на крај се одлучило за Охрид.

Евоцирајќи ги спомените за тие бурни времиња и настани тогашниот амбасадор на Франција во Република Македонија Jean-François Terral (кој милува да каже дека тоа време бил задолжен за Косово) на една средба во средината на јуни 2011 во Луксембург рече дека тој почнал

---

[150] *Ibid, p-409*

[151] *Ibid, p.409*

полесно да дише кога на заедничката вечера (мај 2001) год. во неговата Резиденција тогашниот претседател Трајковски и лидерите на политичките партии Георгиевски, Црвенковски, Џафери и Имери во присуство на Бадентер се сложиле да ги почнаат македонско-албанските разговори што после тоа резултирало со потпишување на заедничкиот документ кој денеска стана дел од историјата и сегашноста на Република Македонија..

Македонско-албанските политички разговори кои се оддржаа од 1 јули 2001 год. сé до 8 август кога и се прекинаа поради познатите настани во местото Карпалак, заврши ја со еден потпишан документ чиј наслов бил Рамковен договор, инаку денеска познат како Охридски рамковен договор чии одредби веќе се инкорпоринани во Уставот на Република Македонија во вид на амандмани и поголемиот дел од нив ([152]) веќе имплементирани во практиката. Целта на Договорот била да се "...промовира мирен и хармоничен развој на граѓанското општество, истовремено почитувајќи го етничкиот идентитет и интересите на сите македонски граѓани". ([153])

Во целина Договорот ги има следните појдовни начела:

-основни принципи,

-прекин на непријателствата,

---

[152] . *Многу пати повторени изјави на челниците на ДУИ, меѓу кои и од Абдулаќим Адеми, вицепремиер за имплементација на Рамковниот договор*

[153] *Рамковен договор-вовед*

-развој на децентрализираната власт,

-недискриминација и правична застапеност,

-посебни собраниски процедури,

-образование и употреба на јазиците,

-изразување на идентитетот

-имплементација,

-анекси.

Во основните принципи на Договорот е наведено дека се отфрлува употребата на силата за остварување на политички цели и дека не постојат територијални решенија за етничките прашања; унитарниот карактер на државата како и суверенитетот и територијалниот интегритет се неповредливи и мора да се соучуваат.

Тоа што е многу значајно е дека во овие принципи како императив е наведен зачувувањето на мултиетничкиот карактер на македонското општество како и неговото одразување во јавниот живот.

Промените на Уставот кои треба да ги "исполнуваат потребите на сите нејзини граѓани во согласност со највисоките меѓународни стандарди" како и развојот на локалната самоуправа кое ќе придонесе за "унапредување на почитувањето на идентитетот на заедниците" биле идни задачи за исполнување.

Во точката 2 од Договорот се предвидува прекин на непријателствата и разоружување на ОНА со помош на НАТО што успешно се реализирани после потпишувањето на истиот преку посредство на претставникот на НАТО ,холанѓанецот Peter Feith.

Децентрализираната власт, согласно точка 3 од Договорот, требаше да доведе до зајакнување на овластувањата на избраните локални претставници во областа на културата, јавните услуги, локалните финансии, образованието, социјалната и здравствената заштита; организирање на пописот на населението и ревидирање на општинските граници. Во оваа точка е исто така предвидено функционирањето на локалната полиција, односно именувањето на локалните началници на полицијата од страна на општинските совети.

Точката 4 од Рамковниот Договор ја прецизира недискриминацијата и рамноправниот третман на сите лица пред законот.

Во точката 4.3 од Договорот се прецизира бројката на судиите и начинот на избор на судиите на Уставниот суд при што една третина од судиите ќе се избира секогаш од страна на Собранието од мнозинството пратеници и од мнозинството пратеници кои тврдат дека и припаѓаат на некоја од етничките заедници.

Во практичната реализација на точката 4.3 и на сите други точки каде при гласањето се бара да собранието гласа со мнозинство од вкупниот број на пратеници, која ќе содржи мнозинство од вкупниот број на пратеници кои тврдат дека припаѓаат на заедниците кои не се

мнозинско население во Македонија, се покажани извесни слабости од гледна точка што некои пратеници искористувајќи го зборот "тврдат" ја искористиле приликата етнички да се изјаснуваат поинаку со цел да партијата на кого тој припаѓа реализира некој проект закон или предлог врз основа на таквото мнозинство.

Во Посебни собраниски процедури (Точка 5) е предвидено законот за локална самоуправа и законите кои ги засегат културата, употребата на јазикот, образованието, личните документи и употребата на симболи, локалното финансирање. локалните избори, градот Скопје и општинските граници да се усвојуваат со таканареченото бадентерово мнозинство.

Точката 6 од Договорот ја третира проблематиката на образованието и на употребата на јазиците при што финансирањето на високото образование ќе се обезбеди за заедниците кои сочинуваат најмалку 20 проценти од населението во Македонија врз основа на посебни спогодби. Позитивната дискриминација е предвидена и при уписот на нови студенти на државните универзитети кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство.

Согласно точката 6.4 од Договорот или подоцна  Амандман V од Уставот македонскиот јазик е службен јазик низ цела Република Македонија и во нејзините меѓународни односи.

Согласно точката 6.5 Договорот и подоцна  став 2 од Амандамнот V кој било друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од населението, исто така е службен јазик. Во органите на Републиката кој било службен јазик различен од македонскиот може да се употребува во

согласност со закон. Лицата кои живеат во единици на локална самоуправа каде 20% од населението зборува службен јазик различен од македонскиот може да употребува кој било службен јазик во комуникација со регионалната канцеларија или централната власт додека одговорот ќе биде на јазикот на кое е поднесено барањето и дополнително и на македонски јазик.

Точката 6.6 од Договорот предвидува службена употреба на јазиците на заедниците чие население сочинува 20% од населението на локалната самоуправа дополнително на македонскиот јазик. За јазиците на кои зборуваат помалку од 20% од населението во општината локалните власти демократски одлучуваат за нивната употреба на јавните тела.

Во точката 6.7 од Договорот во кривични и граѓански судски постапки на кое било ниво обвинетото лице или кое било друга страна има право на превод на државен трошок на сите постапки и на документи во согласност со соодветни документи од Советот на Европа.

Точката 7 од Договорот или подоцна Амандман VIII од Уставот е посветена на изразување на идентитетот , значи употребата на симболите на заедниците непосредно до симболот на Република Македонија,точката 8 ги прецизира роковите на имплементација точка 9 се анекси на Договорот и точката 10 завршни одредби.

*Рамковниот договор има три анекса, и тоа:*

Анекс А

Уставни Амандмани кои се однесуват на:

-преамбулата,

-употребата на јазиците,

-основните слободи и права на човекот и граѓаните признати во меѓународното право и утврдени со уставот,

-рамноправна застапеност на лица кои припаѓаат на сите заедници во јавните органи на сите нивоа и во други области на јавниот живот,

-слободата на вероисповеста,

-одвоеноста на верските институции од државата,

-рамноправноста на верските институции и правото на основање на установи,

-изразувањето на етничкиот,културниот, јазичниот идентитет,

-основањето на културни друштва,

-настава на мајчин јазик,

-заштита на културното и уметничкото богатсво,

-начин на донесување на закони кои директно ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи, употребата на симболите,

-начин на избор на народен правобранител,

-надлежностите на народниот правобранител,

-комитет за односи меѓу заедниците,

-советот за безбедност,

-републички судски совет,

-уставен суд,

-локална самоуправа,

-одлука за пристапување кон измена на Уставот,

-одлука за менување на Преамбулата.

Во АНЕКС Б се предвидени измени во законодавството:

-измени на законот за локална самоуправа,

-законот за локално финансирање,

-законот за општинските граници,

-законите кои се однесуваат на локалната полиција,

-закони за државни службеници и јавна администрација,

-закон за изборни единици,

-правила за Собранието,

-закони што се однесуват на употребата на јазиците,

-закон за народен правобранител,

-други закони.

Во АНЕКС Ц се предвидени Имплементацијта и мерките за градење на доверба, како:

-меѓународна поддршка,

-попис и избори,

-враќање на бегалците, ревитализација и обнова,

-развој на децентрализирана власт,

-недискриминација и правична застапеност.

Анекс А од Рамковниот Договор во вид на Амандмани веќе е составен дел од Уставот на Република Македонија.

## 4.5 Имплементацијата на Рамковниот договор

Во насока на имплементација Рамковниот договор- во делот на правичната застапеност на заедниците во јавната администрација и јавните претпријатија  првата влада која беше изгласана после воениот конфликт и потпишувањето на Договорот во 2003 год.  ја усвои Програмата за подобрување на правичната застапеност како и конституирала комитет на министри чија задача била да се следи реализацијата на програмата. Во програмата на Владата се истакнува дека таа ќе се залага за :

-цврсто и доследно имплементирање на Рамковниот договор од Охрид,

-враќање на довербата меѓу граѓаните од различна етничка припадност и елиминирање на евентуалното чувство на дискриминираност , страв и недоверба,

-одбраната на човековите права и слободи и уставно загарантираната рамноправност на граѓаните независно од нивната етничка, верска или идеолошка припадност.

За реализирање на овие насоки се предвидени многу активности во областа на образованието, културата и рамноправната застапеност меѓу кои  зајакнување на интегративните капацитети во областа на образлованието низ функсионоирање на единствениот образовен систем преку составување на работилници за градење на меѓуетничката доверба, разбирање и толеранција, граѓанска свест и негување на културата на мирот, потоа двање поддршка на институциите за зачувување на културните и традиционалните вредности на македонскиот народ и на деловите на другите народи кои живеат во Република Македонија, заштита на културното наследство од сите култури во земјата, грижа за македонскиот јазик и јазиците на деловите на народите, грижа за културното наследство и друго.

За да се обезбеди долготраен мир Владата ([154]) меѓу другото  во незјината програма скицирала да се гради меѓуетничка доверба врз основа на јавно дадениот збор и потпишаните договори, донесување

[154] *Програма на Владата на Република Македонија презентирана на 31 октомври 2002 пред пратениците на Собранието на РМ, цитирано според Иницијалниот извештај на Република Македонија по рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, 2000-Група за национални малцинства-Скопје.*

на преостанатите закони кои произлегуваат од измените на Уставот и Рамковниот договор во предвидени рокови, градење на взаемна солидарност и упатеност во решавањето на заедничките проблеми на граѓаните и оставањето на историските атавизми , поделби и нетрпеливости зад нас, спречување на секој вид на насилство и притисок за етничко чистење на населби или делови на територија на Македонија, создавање на услови за враќање на раселените лица од нивните огништа преку обнова на нивните семејни огништа и економските капацитети, како и изградба на нови економски капацитети за отворање на можности на вработување во етнички мешаните средини, создавање на способни, професионално добро обучени безбедносни сили кои ќе го одразуваат етничкиот состав на населението.

Во областа на вработувањата во јавната администрација да се превземаат мерки да се обезбеди правична застапеност на заедниците во централни и локални тела, посебно да се внимава во етничкиот состав на полицијата во етнички мешани средини.

Една од наголемите успеси на Рамковниот договор секако дека е спроведувањето на дело на определбата за правична застапеност на етничките заедници (делови на другите народи кои живеат во Македонија) во јавната администрација.

Во услови на тешка светска економска и финансиска криза вработувањето на младите претставува владино или поточно речено коалициионо достигнување. Меѓутоа во услови на економска криза каде само владините институции отвораат

нови работни места не може да се каже дека потполно е исполнета една рамковна обврска. Статистичките показатели покажуваат дека сѐуште во многу јавни претпријатија и државни институции не е постигнат посакуваниот ефект на вработување на припадниците на етничките заедници од причина што тој е злоупотребен и суште се злоупотребува од страна на политичките партии.

Борбата против партизацијата на јавната администрација аналитичарите на политич,ките сосгтојби во земјата ( Фрчковски 2011) ја гледа во "отворањето на меѓународниот мониторинг на изборот на службениците"([155]). Овој феномен е опишан како негативен и во извештајот на Комисијата на Европската Унијата за напредокот на Република Македонија во исполнувањето на критериумите за членство во Унијата, каде стои забелешката дека треба да се подобри системот за реализација на правичната застапеност и да се одбегнува изборот на лицата во јавната администрација преку неквалитет и партиско ангажирање туку преку проверка на нивните образовни и професионални способности ([156]).

Во програмата на Владата за период 2002-2006 год. се предвидувало "да се издигнуваат институциите на државата и на локалната самоуправа на ниво на надпартиски, идеолошки и етнички

---

[155] Фрчковски, Л.,Охридски договор по стоти пат, 2007, dnevnik.com.mk

[156] *Извештај на ЕУ за напредокот на Република Македонија во сиполнување на критериумите за членство. ЕУ Комисија, 2011, страна 40*

непристрасен сервис на граѓаните во функција на заштита и остварување на нивните права и интереси”([157]).

И покрај скицираното во програмата ниедна влада во светот не може да издигнува владини институции да бидаат вистински сервис на граѓаните ако вработувањата се реализираат по партиски клуч и ако административците секогаш за време на предизборието се активни учесници на изборниот процес и активно агитираат за одредена политичка партија.

Во делот на недискриминација и правична застапеност на Рамковниот договор согласно точка 1 Амандман XI или член 77 од Уставот Народниот правобранител исто така се избира со мнозинство на гласови од пратениците и мнозинство на гласови од пратениците кои тврдат дека припаѓаат на некоја етничка заедница.

Врз основа на Амандман XI Собранието избра Народен правобранител кој согласно точка 2 на амандманот е должен да посвети особено внимание за заштита на начелата на недискриминација и на рамноправна застапеност на заедниците во јавните тела на сите нивоа и во другите области во јавниот живот([158]).

Повикувајќи се на неговите уставни надлежности Народниот правобранител секоја година доставува до Собранието годишен

---

[157] *Влада на Република Македонија-Програма за Работа на Владата 2002-2006 презентирана во Собранието на РМ, 31 октомври 2002, цитирано според Иницијалниот извештај на Република Македонија по Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, 2002 год.*

[158] *Устав на Република Македонија, www.pravda.gov.mk*

извештај за степенот на заштита на човековите права како и за реализација на определбата на правичната застапеност на етничките заедници во јавната администрација и јавните претпријатија.

Во извештајот за 2010 год. Народниот правобранител констатирал дека сеуште не е постигнато потребното ниво на застапеност, особено кај припадниците на помалите етнички заедници, иако постои напредок во спроведувањето на начелото на соодветна и правична застапеност. Од друга страна ово начело не се применува кај раководните работни тела. Народниот правобранител понатаму констатира дека постојниот систем за имплементација на соодветна и правична застапеност не овозможува ефект во примената на овој афирмативен принцип ([159]). Во Годишниот извештај за 2010 Народниот правобранител препорачува:

-Доследно почитување и имплементација на принципот на соодветна застапеност на припадниците на сите заедници, особено од страна на јавните претпријатија и кај раководниот кадар во органите н државната управа.

-надградба на системот за имплементација на принципот на соодветна и правична застапеност.

-развивање на активности насочени кон едукација за препознавање на формите и облиците низ кои се манифесгтира дискриминацијата.

[159] *Народен правобранител-Годишен извештај 2010, www. Ombudsman.mk*

-зајакнување на системот за превенција и заштита од дискриминација, како и меѓуинституционална соработка.

Меѓуетничкото живеење во едно мултиетничко, и со тоа мултикутлурно општество како што е Република Македонија е тесно зависно од актуелните политички трендови во државата, е зависно од квантитетот и квалитетот на постигнатите меѓупартиски договори и решенија во нивото на коалиционите партнери и малку се резултат на беспрекорното функционирање на институциите на државата која независно од моменталната политичка клима, на своите граѓани им овозможува рамномерен развој во сите полиња на општественото живеење.

Согласно член 78 од Уставот Собранието основа Комитет за односи меѓу заедниците, како една обврска која излегува од Рамковниот договор.

Во ставот 2 од горенаведениот член , Комитетот го сочинуваат по седум члена секој од редовите на Македонците и Албанците во Собранието и пет члена од редовите на Турците, Власите, Ромите и други две заедници.

Секој од петте члена ќе биде од различна заедница и доколку помалку од пет други заедници се застапени во Собранието, Народниот правобранител, по консултации со релевантните заедници, ќе ги предложи останатите членови надвор од составот на Собранието.

Согласно став 4 од истиот член Собранието ги разгледува мислењата и предлозите на Комитетот и донесува одлука во врска со нив.

*Закон заупотреба на јазиците на етничките заедници*

Потребата да се донесе ваков закон се идентификуваше уште во 1996 год. На една од своите седници Владата донесе заклучок со кој се обврзуваше еден член на Влада , после разгледување на искуствата во многу држави во светот, да и предложи на владата еден работен текст по кој ќе се одвиваше владина и парламентарна расправа околу употребата на јазиците (тогаш на националностите) во Република Македонија. Работниот текст не беше доставен до членовите на Владата од причина што предложениот член на владата беше назначен на друга функција.

Вториот обид за усвојување на една рамка на употреба на јазиците беше при донесување на законите кои произлегуваа од обврската за имплементација на Рамковниот договор и скоро во секој нов предложен закон беше предвидена и употребата на јазиците на деловите од народите кои живеат во земјата согласно уставниот амандман. Третиот обид беше усвојување на Законот за употреба на јазиците, кој во всушност беше собирање на еден текст на сите јазицни норми кои постоеја во разни закони. Иако албанскиот владин коалиционен партнер наголемо го афирмираше законот, под притисок на јавноста и опозицијата пред составување на владата од 2011 како еден од условите за учество во влада ги постави и измените и дополнувањата за Законот за јазиците на етничките групи при што како новина е внесено употребата на јазиците на етничките заедници

кои сочинуваат 20% за време на претседавањето со собраниските комисии што беше камен на сопнување за успешно функционирање на собраниските комисии претседавани од страна на пратеници Албанци.

Законот за употреба на симболите на етничките заедници беше шестоко оспоруван од албанската опозиција како и од невладини организации со кој закон се предвидуваше албанското етничко знаме да се употребува во населените места каде Албанците сочинуваат 50% од населението и да бкиде од помала големина од државното знаме. Со сегашните законски норми албанското знаме може да се употреби паралелно со државното знаме но треба да се разликува по големина (1 /3 помала од државното знаме)

Во програмата на Владата за 2006-2008 год. се предвидува да продолжи трендот на правичната застапеност во органите на администрацијата и јавните претпријатија и за таа цел бил наменет посебен финансиски фонд, потоа поддршка на културни проекти за деловите на народите кои живеат во земјава како и поддршката на образовните проекти. Посебни финансиски средства се одвоија за основање на Институт за културно наследство на Албанците во Македонија , како и средства за реновирање на куќата каде била усвоена албанската азбука во 1908 год. во Битола.

Во програмата на Владата за период од 2008-2010 год. немало зацртано ниеден проект кој требало да произлегува од Рамковниот договор. Образложението било дека Владата исклучиво ќе се посвети на економскиот развој, односно реализација на проектот "Преродба

во 100 чекори" со што без никаков проблем се сложи и албанскиот коалиционен партнер во владата, т.е Демократската унија за интеграција.

Во програмата на Владата за период од 2011-2015 стои дека напоредно со продолжувњето на реализација на економската програма на преродбата владата посебно внимание ќе им посвети на зајакнувањето на меѓунационалните односи, исполнување на одредбите на Охридскиот договор со посебен акцент во избор на квалитативни кадри во јавната администрација. Во текот на исполнувањето на нејзиниот мандат добиен од граѓаните Владата ќе продолжи со ист интензитет како и досега во реализација на програмските цели поставени во документот Декада на Ромите кој е донесен во ноември 2004 год.([160]).

Целта на донесување на таа програма е официјализирање на владините напори и владината поддршка за подобрување на квалитетот на живеењето, образованието, домувањето и културата на Ромите во Република Македонија во склопот на европските и светските напори што се прават во оваа насока за Ромите.

Во рамките на Декадата за вклучување на Ромите во Република Македонија која треба да продолжи до 2014 год. предвидени се акциони планови во следните области:

-акционен план за здравство,

---

[160] *Програма на Влада.www.vlada.gov.mk*

-акционен план за образование,

-акционен план за домување,

-акционен план за вработување

Во Акциониот план за здравство е предвидено подобрување на квалитетот на здравствената едукација во образовниот процес, потоа дополнителна здравствена едукација на лицата надвор од едукативниот систем, промоција на превентивни здравствени мерки за подобрување на здравјето на Ромите, афирмативен пристап на ученици и студенти Роми на медицински школи и факултети,поголем опфат на ромската популација со здравственото осигурување, обезбедување на услови и човечки капацитети за континуирано информирање на Ромите за здравствено осигурување, унапредување на здравствената регулатива, афирмативен приод при втработување на Ромите во здравствен сектор, олеснет пристап на Ромите до здравствени установи, унапредување на условите за живеење.

Во Акциониот план за образование акцентот е ставен на повисокот ниво на вклучување на ромската популација на сите нивоа на образовниот систем, намалување на стапка на осипување на бројот на ромските деца на сите нивоа на образовниот систем, зајакнување на капацитетите и на наставничкиот кадар, зголемување на бројот на наставниците Роми, и др.

Во Акциониот план за домување се предвидува донесување на закони и прописи за воспоставување на механизми за консултирање на

заедниците на кои се однесуваат одлуките,регулирање на позитивна дискриминација, решавање на проблемот со диоградбите, урбанизација на населби со доминантно ромско население, легализација на бесправна градба каде што постојат условите, олеснет пристап на ромското население за решавање на станбеното прашање, подобрување на инфрастуктурата на ромските населби, намалување на бројот на субстандадни домови и др.Во Акциониот план за вработување се предвидува подобрување на нивото на информирање на ромската популација во сферата на вработувањето, зголемување на можностите на Ромите за успешно снаоѓање на пазарот на трудот, подигнување на нивото на знаење и вештини кај ромската популација, спроведување на нормативи за правично застапување на Ромите (Рамковен договор), трансформација на сивата економија на Ромите во легално работење и др.

Охридскиот рамковен договор во текот на функционирањето последните десет години на неговата екзистенција успешно го положи испитот на времето и напоредно со разните пофалби и критики упатени кон него стана модел на решавање на меѓуетничките спорови во една мултиетничка и мултикултурна земја како што е Република Македонија.

Иако според составот на населението Република Македонија во нејзината историја три пати беше прокламирана како мултиетничка , мултиконфесионална и мултикултурна (Илинден 1903 год., Декларација на АСНОМ, Устав од 1974 год.) земја, со уставниот амандман 5 од Уставот на СРМ во 1989 год. како и со Уставот од 1991

год.,таа се претвори во национална држава во која се гарантираше рамноправноста на националностите со македонскиот народ.

Пишувајќи за причините зошто предлогот на преамбулата на Working Paper (WP) односно Работниот текст на Под-групата за Македонија во Хашката конференција беше чисто од граѓански карактер а не како сегашната во која се спомнуваат "делови на Албанскиот народ, Турскиот народ, Ромскиот народ..." Gert Ahrens, германскиот амбасадор кој ги водел тие разговори истакнува: "...Трето, директното повикување на мултиетничкиот карактер на македонското општество кој е содржан во Рамковниот договор бил невозможен во 1992 год., затоа што Македонците сакаа национална држава, додека Албанците беа заинтересирани на повеќе одвоени албански права, како што беше универзитетот на нивен јазик, како и на странскиот концепт на мултикултурализам, кој всушност не беше популарен никаде на Балканот, најмалку во 1992 год... ".([161])

И покрај сите потешкотии Рамковниот договор ги издржа и ги порази ударите на виорните времиња кои доаѓаа скоро од сите страни, и тоа:

-концептот и апетитите на одредени сили за решавање на меѓуетничките проблеми преку употреба на сила и насилство,

-концептот на одредени членови на МАНУ за размена на територии и создавање на етнички чисти енклави за живеење,

-концептите на албанските заговарачи на големи етнички држави

---

[161]*Ahrens, G.,Diplomacy on the Edge,Wodroow Wilson Center Press, 2006, Washington, D.C, p-461*

# Заклучни согледувања

Мултикултурниот концепт за уредување на политичките, економските, социјалните односи во светот вклучувајќи ја тука и Модерна Британија почна да стане политичка реалност после 80-тите години од минатиот век иако теориското размислување околу таквиот начин на политички, економски, социјален, образовен и културен развој на едно општество се појави некаде во 70-тите години од минатиот век . Таквиот концепт на уредување на меѓуетничките односи требаше да дава одговор на многу дилеми, несогласувања, меѓуетнички тензии и културни конфликти кои беа резултат на лошото функционирање, во некои сегменти, на институциите на државите нации и во светот.

Во Модерна Британија мултиетничката и мултикултурната филозофија стана начин на функционирање на државата и државните институции паралелно со почетокот на владеењето на лабуристичката влада на Tony Blair во 1997 год. Во оваа земја, поранешен најголем колонизатор во светот, разни етнички и религиозни групи дојдоа на определени временски периоди, составуваа семејства, се интегрираа или останаа во етнички гетоа, беа среќни или незадоволни од општеството, го дадоа нивниот придонес во економскиот, политичкиот, културниот и социјалниот развој на Кралството.

Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска тогаш симбол на индустриски и силен економски развој, истовремено била

и земја која била претставувана како симбол на човековите демократски права и слободи (Магна Карта). Земјата која нема Устав и донедавно и лични карти развивала систем на либерални човекови права и слободи сé до 2005 год.

Терористичките напади изведени од страна на имигранти, британски државјани на 5 јули 2005 год. во метроата на Лондон ја срушија идилата на доброто и заедничкото мултиетничко и мултикултурно живеење во Модерна Британија и тоа било повод тогашниот премиер на Модерна Британија Тони Блер да предложи рестриктивни мерки за однесувањето на имигрантите во пакетот мерки во борбата против меѓународниот тероризам.

Со терористите напади од 5.7.200 земјата доби мултикултурен шок, затоа што младиот Muhammed Sidiq Khan, британски терориста со потекло од Пакистан, беше од "домашен производ", човек од мултикултурното општество кој дигал рака против сопствената земја ,против своите сограѓани со кои од детство растел и се школувал во британските училишта, на британски начин. Тоа било прв случај на внатрешен тероризам во една земја членка на ЕУ.

Модерна Британија која историски има усвоено многу акти и има подигнато многу институции во борбата против државната дискриминација сега се наоѓа на својата раскрсница на својата политичка програма и филозофија за градењето на британското општество: дојден е крајот на мултикултурализмот, заклучи премиерот David Cameron.

Модерна Британија сега се враќа на старите барања кон странците кои доаѓаат да работаат во оваа земја: за Бугарите и Румуните нема работни места, иако се земја членка на ЕУ каде движењето на стоките, луѓето и идеите е една од најголемите достигнувања на Унијата. Муслиманите ( Пакистанци, Бангладеши и др) треба да ги почитуваат британските вредности на мир, толеранција, сожителство,учење во заеднички а не да се школуваат во сепаратни школи, да поседуваат знаење за британската култура и познавање на англискиот јазик,Hijab и Niqab, обесправување на жените немаат место во британското општество. Нема место за одвоени школи, паралелен меѓуетнички живот и нема место и за било каква дискриминација.

Друг проблем со кој се соочува Модерна Британија денес е функционирањето на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска како многуетничка парламентарна монархија. Со тие проблеми се соочиле досега сите влади на конзервативците и лабуристите. Недоразбирањата од тој тип досега се решени преку децентрализација на централната законодавна и извршна власт во Ирска, Шкотска и Велс така што освен Вестминстер, како заеднички парламент на Модерна Британија ,постојат и локални парламенти и локални влади во трите земји кои имаат посебни надлежности во областите економија, култура, образование и зачувување на животната средина.

Основна карактеристика на децентрализацијата на централната власт во Модерна Британија е фактот дека секогаш кога постои такво барање и потреба граѓаните одлучуваат преку референдумско

изјаснување што е предвидено и во 2014 во Шкотска чии политички лидери предводени од сегашниот шкотски премиер Салмонд се залагаат за прогласување на самостојност на Шкотска.

Пишувајќи го трудот научните согледувања ме упатија на сознанија дека Модерна Британија не е само земја на Британци, Ирци и Шкоти кои живеаат во ист простор и време зо Азијатите, Карипците, Бангадешите туку истовремено е и земја на многу култури кои се присутни и се развиваат во ист простор. Велшаните и Шкотите се древни народи со некаде до 9 илјади години постоење кои се навраќаат сега кон нивните корени и нивното минато, и постепено паралелно со британските вредности кои ги практикуваат, настојуваат да ги негуваат и нивните јазични и културни вредности.

Еден од главните заклучоци кои може да се извлекува е дека религиозната различитост и подвоеност не е најглавниот фактор кој произведува меѓуетнички недоразбира во Модерна Британија. Меѓу факторите кои придонесуаат за поквалитетен меѓуетнички живо и ги намалуваат меѓуетничките тензии и го зголемуваат меѓуетничкото разбирање се набројува и прифатеноста на граѓаните кои им припаѓаат на другите етнички религии од страна на мнозинската етничка група, нивното вклучување во економскиот, образовниот, социјалниот и културниот живот на земјата каде дошле како имигранти.

Во таа насока мои заклучни согледувања се:

-инситуционалниот расизам на директен и индиректен начин постоел во Модерна Британија и придонел во ослабнувањето на

вербата на небританците, посебно Муслиманите кон институциите на земјата домаќин,

-појавување на меѓуетничките тензии не е поврзано само со религиската припадност туку и со лошата економска и социјална положба на една цела категорија на граѓани, британски државјани,

-надворешната политика на Модерна Британија во однос на муслиманските земји имала негативен одраз во однесувањето на муслиманите во таа земја, посебно кај младите генерации муслимани кои неблагонаклоно ги доживувале однесувањата на британските војници во Ирак, Авганистан, Абу Граиб, и др.

-нерешениот проблем на Палестина и односот на Модерна Британија кон Израел и палестинското прашање во голема мерка придонесува кон нараснати меѓуетнилки тензии.

Во однос на Република Македонија моите согледувања одаат во насока на постоење на политика на перманентото негување на принципите на мултикултурното општество од Илинден, преку АСНОМ до денешна независна држава.

Перидоичните заострувања на меѓуетничките односи немале далекусежни негативни последици во функционирањето на мултиетничкото општество и тензиите паднале како резултат на секогаш присутниот политичи дијалог за надминување на проблемите.

Охридскиот рамковен договор е резултат на пристапот на решавање на присутните меѓуетнички проблеми преку активен политички

дијалог меѓу заедниците и како таков придонел во решавањето на проблемите наследени од минатото и во зголемувањето на нивото на рамноправноста на етничките заедници во Република Македонија.

## БИБЛИОГРАФИЈА


Abbott.S., ed. 1971, The Prevention of Racial Discrimination in Britain Oxford:Oxford University Press

Ackerman, A., 2000, Making Peace Prevail: Preventing Violent Conflict in Macedonia, Syracuse, NY: Syracuse University Press.

Adams, G., 1994. Selected Writings. Dingle: Brandon Books.

Adams, G., 1995. Free Ireland: Towards a Lasting Peace (Previous ed. published as, Politics of Irish Freedom). Dingle: Brandon Books.

Adolino, J. R., 1998 Ethnic Minorities, Electoral politics and Political Integration in Britain. London: Pinter

Ahmed. A.S., 1992 Postmodernism and Islam. London: Routledge

Alcock, A.,Understanding Ulster, 1994, Ulster Society (Publications) Limited, Burnlow House, County Armagh

Alcock, A., 2000. A History of the protection of regional cultures minorities in Europe, London:Palgrave Macmillan.

Alderman,G., 1983 The Jewish Community in British Politics. Oxford: Clarendon Press.

Alexander, C., 1996 The Art of being Black: The Creation of Black British Youth Identities. Oxford: Clarendon Press

Alibhai-Brown, J., 2004 Aftermulticulturalism. London: Politico's

Alibhai-Brown, Y., 1999 True Colours: Public Attitudes to Multiculturalism and the Role of Government. London: Institute for Public Policy Research

Ali-Nazir, Michael., 2006 Multiculturalism is to blame for perverting young Muslims, in The Daily Telegraph, August 15,

Amin, K. , Richardson, R., 1992 Politics for All:Equality, Culture and the General Election 1992 .London: Runnumede Trust.

Amselle, Jean-Loup.,2005 Vers un multiculturalisme français .Paris: Flammarion.

Anderson,B., 1991 Imagined Communities, rev. London: Verso

André, S, Bessière, J., 2002 Multiculturalisme et identité en littérature et en art Paris: l` Harmattan

Andreevska, E., 1998 The national minorities in the Balkans under the UN and European system of protection of human and minorities rights. Skopje: Magor

Armstrong, K., 2006a We cannot afford to maintain these ancient prejudices against Islam, in The Guardian, September 18, p.10

Armstrong, K., 2006b Many years in a habit taught me the paradox of veiling, The Guardian, October 26,

Ash Garton, Th., 2006a If someone freely chooses to wear a niqab, what skin is it off your nose? , The Guardian, October 12,

Ash Garton, Th.. ,2006b What young British Muslims say can be shocking-some of it si also true", in The Guardian, 10 August

Augstein,H.E., 1996 Race, The origins of an idea 1760-1850. University of Bristol

Back, L., 1996 New Ethnicities and Urban Culture: Rasicmes and Multiculture in Young Lives .London: Audit Commission

Banton M., 1985 Promoting Racial Harmony. Cambridge: Cambridge University Press.

Banton, M., 1955 The Coloured Quarter in an Urban Civilisation. London: Routledge

Banton, M., 1983 Racial an Ethnical Competition. Cambridge: Cambridge University Press

Barber, R. B., 1995 Jihad vs McWorld: How Globalism and tribalism are Reshaping the World . London: Times Books

Barker,E .,1950 Macedonia: Its Place in Balkan Power Politics . London and New York: Royal Institute for International Affairs.

Barry, B., 2001 Culture and Equality. Cambridge: Polity Press.

Belfast Agreement, www..nio.gov.uk/agreement.pdf

British-Irish Agreement, htpp://www.3.british-irishcouncil.org/documents

Bénichou, M., 2005 Le multiculturalisme. Paris: Flammarion

Blair, T., 2005 Spechees and Transcripts *www.number10.gov.uk*

Blankett, D., 2001 Politics and Progress: Renewing Democracy and Civil Society. London: Politico's

Blankett, D., 2002 Integration with Diversity: Globalisation and the Renewal of Democracy and Civil Society.London: The Foreign Policy Center

Brehony, K.J., 1999 Nationalisms Old and New. London:British Sociological Association.

Brown, G., 2006 Moving Britain Forward. London: Bloomsbury.

Brown, A.Y., 2005 The Excluded Majority: What About the English? London:The Foreign Policy Center.

Bruce, S., 2002 Religion in Modern Britain. Oxford: Oxford University Press

Bunting, M., 2006 " The venomous media voices who think no Muslim is worth talking to", The Guardian, August 16,

Camden 1996 Raising the achivement of Bangladeshi pupils, London: Borough of Camden.

Cameron, D., :2006 I'll break up Muslim ghettos Lite, October 4, p.1

Chomsky, N., 2006 Deterring Democracy, London: Vintage Books

Christian,M., 2002 Black identity in the 20th Century. London: Hansib Publications

Clark, K.,1987 Civilization. Harmondsworth:Penguin

Colley, L., 200 Britishnes in the 21 st Century .London: The Foreign Policy Center

Commission for Racial Equality 2005 : briefing on Gypsies and Irish Travellers

Connolly, P., 1995 Rasicm, masculine peer-group relations and the schooling of African/ Carribean infant boys British Journal of Sociology and Education, 16;p. 75-92

Crampton, RJ.,2002 The Balkans Since the Second World War . London: Pearson Education

Daley, J., 2006 " Fasistic" is the right word for Islamic Fundamentalism", in The Daily Telegraph, August 14

David, H., 2006 Models of Democracy. Cambridge: Polity Press,

Davis, D., 2006 " Do Muslims really want apartheid here?" in The Sunday Telegraph, October 15,

Department for Education 1992 Exclusions:Discussion Document London:DFE

Dodd.PH., 2005 The Challenge for the New Labour,London: The Foreign Policy Center

Donev, J.,1994 Makedonija vo britansko-ruskite odnosi, taktika ili strategija Skopje: Institut za otvoreno opstestvo

Dunleavy,P. and Gamble, A., Developments in British Politics London: Macmillan

Faulkner, D.,2004 Civil Renewal, Diversity and Social Capital in a Multi-Ethnic Britain. London:Runnymede Trust

Fisk, R., 2005 " The dangerous dichotomy between some Muslims and the society around them", The Independent, July 23,

Foster, P., 1990 Policy and Practice in Multicultural and Anti-Racist Education. London: Routledge.

Geddes, A., Ethnic Minorities in the Labour Market: Comparative Policy Approaches (Western Europe). Liverpool University& European University Institute

Gellner,E., 1983 Nations and Nationalism. Oxford:Blackwell

Giddens, A., (1993) Sociology. Cambridge: Polity

Glazer, N.,1997 We are All Multicculturalist Now . Cambridge,Mass. and London: Harward University Press

Glenny, M., 1999 The Fall of Yougoslavia: The Third Balkan War, London: Penguin

Glenny, M., 1999 The Balkans, 1804-1999: Nationalism, War and the Great Powers .London: Granta Books.

Gligorov, K., 1998 "Macedonian model of peace and security", in Balkan Forum,4, 1998

Gray, J., 2000 The Two Faces of Liberalism. London: New Press

Griffith, PH & Leonard,M., 2004 Reclaiming Britishnes London:The Foreign Policy Center

Група за малцински прашања- Иницијален извештај на Република Македонија по рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, 2000, Скопје.

Георгиевски, Љ., 2012, Тоа сум јас.Велес: Лекс Легис

Gurmann,A., (ed.) 2004 Multiculturalism and the Politics of Recognition. Princeton University Press.

Hall,S., 1988 The Hard Road to Renewall. Thatcherism and the crisis of the Left London: Verso

Hennnessey, T., 2001 The Northern Ireland Peace Process: ending the troubles, London:Palgrave, Macmillan

Heywood. A., 2002 British Politics, London: Palgrave

Home Office 2000 Full and Equal Citizens: A strategy for integration of the Refugees into the United Kingdom

Home Office 2001 International Migration and the UK: Racent patterns and trends, Annual Report 2001

Hume, J., 1996. A New Ireland: Politics, Peace, and Reconciliation. Boulder, CO: Roberts Rinehart.

Huntington, Samuel P., 2004 The Clash of Civilizations and the Remaking of World Order. Reading Berkshire: Cox& Wyman

Jansen, M., 2005 Narrow view of Islam drives the warriors dedicated to defeat the west, The Irish Times, July 30,

Jenkin, S., 2006 Thatcher &Sons: A Revolution in Three Acts. London: Penguin Books.

Jones, B. K., et al. 2006 British Politics. London: Pearson&Longman

Jones,B. K., et al.1998 British politics today. Manchester University Press

Kam,S. Ch.& Leonard,M., 2004 Migration, Integration and Citizenship London:The Foreign Policy center

Karren and Parrot, Bruce eds. 2002 Politics, Power, and the Struggle for democracy in South-East Europe, Cambridge: Cambridge University Press.

Kelley, K., 1988. *The Longest War:Northern Ireland and the I.R.A.* London:Zed Books Ltd.

Kastoryano, R., 2005 Quelle identité pour l` Europe? Le multiculturalisme à l` epreuve. Paris:Presses des Sciences Politiques

Keith, Th., 1991 Vers un management multiculturel en Europe . Paris: Organisation

Klug, F., 2004 Human Rights: A Common Standard for All People' s. London: The Foreign Policy Center

Konnor, S., 1997 Postmodernist Culture. London:Routledge

Kymlicka, W., 1995 Multicultural Citizenship, Oxford University Press

Клековски, С.,Меѓуетничките односи во Македонија, јуни 2011, Скопје МЦМС

Le Grand,J., 1982 The Strategy of Equality. London: Allen&Unwin

Letwin, S.R.,1992 The Anatomy of Thatcherism. London: Fontana

Mallie, E, and McKittrick, D., 1996. The Fight for Peace: The Secret Story Behind the Irish Peace Process. London: Heinemann.

Mullan, D. , 1997 Eyewitness Bloody Sunday: The Truth. Dublin: Wolfhound.

Mullin, Ch.,1980 Error of Judgement: The Truth about the Birmingham Pub Bombings. Dublin: Poolbeg Press.

Murray, R.,1990. The SAS in Ireland 1969-1989. Cork: Mercier Press.

Murray, R. ,1998 State Violence: Northern Ireland 1969-1997. Dublin: Mercier Press.

MacDermott, M., 1978 Freedom or Death: The Life of Gotse Delchev. London and West Nyack, New York: Journeyman Press.

Macpherson,C.B., 1973 The Life and Times of Liberal democracy, Oxford University press

Madeleine, B., " Jack Straw has unleashed a storm of prejudice and intensified division" , in The Guardian, October 9, 2006.

Malik, K., : " Multiculturalism has fanned the flames of Islamic extremism", The Times , July 16, 2005

Manji, I., 2004 The Trouble within Islam: A wake-up call for honesty and change. Edinburgh: Mainstream Publishing Company LTD

Mason, D., 1995 Race and Ethnicity in Modern Britain. Oxford: Oxford University Press

Mattelart, A., 2005 Diversité culturelle et modularisation. Paris: editions La Découverte

Mircev, D., 2006a The Macedonian Foreign Policy 1991-2006. Skopje: Eoni

Mircev, D., 1999b Engineering the foreign policy of a new independent state: the case of Macedonia, 1990-6, in The New Macedonian Question, ed. by James Petiffer London: Macmillan Press

Mircev, D., 1993c Ethnocentrism and Strife among Political Elite The End of Yugoslavia .Oxford: Governance (Oxford,vol.6 no.3)

Modood, T.,. and Werbner.P., eds.1997. The Politics of Multiculturalism in the New Europe: Racism, Identity, and Community. London: Zed Books.

Modood, T., 2005 Multicultural Politics. Racism, Ethnicity and Muslims in Britain. Edinburgh University Press.

Modood,T. and Shiner M., 1999 Ethnic Minorities and Higher Education; Why Are There Differential rates of Entry? London: Policy Studies Institute

Modood,T. Metcalf,I. and Virdee.S., 1998. "British Asians Entrepreneurs: Culture and Opportunity Structures". In Choice and Public Policy, ed.P.Taylor-Gooby, Basingstoke: Macmillan; New York:St. Martin's Press.

Multiculturalism:Tolerance is a policy that has served Britain well. The Independent, August 4, 2005

Muslim Parliament of Great Britain 1992. Race Relations and Muslims in Great Britain . A Discussion Paper. London: Muslim Parliament, No. 3(12), vol. 3, September 1995.

Nelson, S., 1984 Ulster's Uncertain Defenders: Protestant Political, Paramilitary, and Community Groups and the Northern Ireland Conflict. Belfast: Appletree Press

O' Neill, M., 2002 Devolution an British Politics . London: Pearson&Longman

Office for National Statistics 1996: Social Focus on Ethnic Minorities, London: HMSO

Office of National Statistics 2006: Diversity within and between ethnic groups, Social trends-36 edition.London: Pagrave, Macmillan

Ohridski Dogovor-Секретаријат за имплементиацијa на Охридскиот договор. www.vlada.gov.mk

Oldfield, A.,1999 Citizenship and Community: Civic Republicanism and the Modern World. London: Routledge.

Owen, D., 1995 Balkan Odyssey. London: Harcourt Brace

Palmer, H., 1975 Immigration and the Rise of Multiculturalism Vancouver:Copp Clark

Parekh, B., 2000 Rethinking Multiculturalism: Cultural Diversity and Political Theory, Basingstoke: Palgrave Macmillan

Pearce, M & Stewart G., 2001 British Political History, Democracy and Decline . London: Routledge

Perry, D., 1997 a"The Republic of Macedonia: finding its way", in Dawisha,

Perry, D., 2000 b Conflicting ambitions and shared fate: the past, present and the future of Albanian Macedonians", in Roudometof, Victor, ed., The Macedonian Question: Culture, Historiography, Politics, New York: Columbia University Press, East European Monographs

Pettifer, J., 2002a (ed.) The New Macedonian Question. Basingstoke: Palgrave

Pettifer, J..,2002b FYROM after Ohrid, Conflict Studies Research Centre, UK Ministry of Defense, March 2002

Pettifer, J., 2001c "The Albanians of the Western Macedonia", in "New Macedonian Question", Houndsmill: Macmillan

Pettit, P., Republicanism: A Theory of Freedom and Government, Oxford, Oxford University Press,1997

Philip.M., 2006 Londonistan: How Britain is creating a terror state within. London: Gibson Square.

Philips, A., " We must start small" ,The Guardian , London, 30 August 2006

Philips, J. , Macedonia: Warlords and rebels in the Balkans. 2004, London:Tauris.

Poljanski, H.A., 1966 Britanska bibliografija za Makedonija .Skopje:Arhiv na SR Makedonija

Porter, H., " Jack Straw should be praised for lifting the veil on a taboo" , in The Observer, October 8, 2006

Poulton, H., 2000 Who are the Macedonians? Bloomington and Indiana: Indiana University Press; Hurst&Company-London

Reitan,E.A., 2002 The Thatcher Revolution . London: Bowman

Roberts, K., 2001 Class in Modern Britain. London: Palgrave

Runnymede Trust & Commission for Racial Equality 2008, Young people in the UK: Attitudes and Opinions on Europe, Europeans and the European Union.London: Runnymede Trust, May, 2008

Runnymede Trust, 1997 (April) Commission on British Muslims and Islamophobia. Islamo-phobia:A Challenge to us all.

Rushdie, S.,1982. "The New Empire within Britain", London:New Society, December 9.

Rushdie, S., 1991 " In Good Faith" In Imaginary Homelands: London: Penguin.

Ruthven, M., 1990 A Satanic Affair, London: Chatto and Windus.

Sanglin-Grant, S., 2005 The Space Between: From Rhetoric to reality on Race Equality in the Workplace, A Runnymede Trust Report, April 2005

Sutton, M.,*Bear in mind these dead* ... An Index of Deaths from the Conflict in Ireland1969-1993,Belfast:Beyond the Pale Publications, Unit 2.1.2, 5-7 Conway Street

Sardar, Z., The Excluded Minority: British Muslim Identity after 11 September .London:The Foreign Policy Center

Schellekens, Ph., 2001 English Language as a Barrier to Employment, Training and Education. London:Routledge

Segal, R., 2001 Islam' s Black Slaves, The History of Africa's other Black Diaspora London: Atlantic Books

Sheryll, C., 2005 The Failures of Integration: The Race and Class are undermining American Dream. New York:Public Affaires

Sivandnan, A., 2006 Attacks on multicultural Britain pave the way for endorced assimilation , in The Guardian, September 13.

Smith, A.D., 1981a The Ethnic Revival in the modern world.Cambridge University Press, October, 1-rst edition

Smith, A. D., 1991b National Identity. Harmondsworth: Penguin

Smith, A. D., 1993c National Identity (Ethnonationalism in Comparative Perspective. Nevada University Press

Smith, A. D., 2003d Chosen Peoples: Sacred Sources of National Identity .Oxford University press

Smith, A. D., 2003e Nationalism and Modernism: a critical survey of recent theories of nations. London:Routledge-Taylor&Francis Group

Smith, A. D., 2005f The Ethnic Origins of Nations.Oxford. London: Blackwell

Smith, A.D., 2009g Ethno-symbolism and Nationalism: a cultural approach.London: Routledge, Taylor&Francis Group

Smith, D.J., 1977 Racial Disadvantage in Britain.London: Penguin

Smith,S.J., 1989 The Politics of "Race" and Residence.Cambridge : Polity Press

Solomos,J., 2003, Race and Racisme im Britain. London: Palgrave, Macmillan

Taylor, Ch., 1999 Multiculturalisme différence et démocratie. Paris: Champs& Flammarion

Taylor, P., 1992 Ethnic group Data for University Entry". Project Report for CVCP Working group un Ethnic Data.Coventry: University of Warwick.

The Guardian 2006 Tribunal dismisses case of Muslim woman ordered not to teach in veil", October 20,

The Irish Times 2005 Multiculturalism under pressure, August 8,

The Irish Times 2006 A clash of civilisations?-Muslim divided. October 27, p.3

The Irish Times 2006 The many faces of Islam in context. October 27

The Observer 2006 The niqab is not the only barrier to integration, Observer no. 11.216, Ocober, 8

The Observer 2006 Britain shuts the door on new wave of migrants.October 22, p.10

The Runnymede Trust 2006 Black and Ethnic Minority Young People and educational Disadvantage.

The Sunday Times 2006 Time to ghetto blast, September 18

The Sunday Times 2005 Towards apartheid, September 18,

Thomas, H. & Ahmed, J., 2004 Cultural Bodies, Ethnography and Theory. London: Blacwell

Tomlison, R., 2001 The Big Breach: Inside the Secret World of MI 6, Edinburgh: Mainstream

Travis, A. , 2004 Desire to Integrate and the Wane as Muslims Resent War on Islam. The Guardian,March 16

Клековски, С., Меѓуетничките односи во Македонија, јуни 2011, Скопје, МЦМС

UKACIA (UK Action Committee on Islamic Affairs). 1989. The British Muslim Response to Mr. Patten.London: UKACIA

Zick, A., et al. 2011 Intolerance, Prejudice and Discrimination. A European Report. Berlin.Friedrich-Ebert-Stiftung,p-170-75.

Преведено од:Projekt“Ausinandersetzung mit dem Rechtsextremismus”, превела Meredith Dale

Virdee,S. Modood,T. and Newburn,T., 2000. Understanding Racial Harasssment in School. A project report to the ESRC.

Visram,R.,2002, Asians in Britain, 400 years of history Pluto Press, London: Pluto press

Voas,D. Bruce.S, 2004. The 2001 Census and Christian Identification in Britain. Journal of Contemporary religion 19, no.1: p.23-28

Waldron,J.,1984 ed. Theories of Rights. Oxford: Oxford University Press

Wilkinson, P., 2001 Terrorism versus Democracy, The liberal State Response . London: Frank Cass

Wright, T., 2004 British Politics. Oxford: Oxford University Press

Young, I.M., 1990 Justice and the Politics of Difference, Princeton University press.

Web sites:

The Guardian- *www.guardian.co.uk/*...Ireland/.../

BBC-bbc.co.uk/multiculturalism/

*Htpp:www3.british-irishcouncil.org/documents*

*Htpp:www.bbc.co.uk/northernireland/learning/history/stateapart/agreement/constitutional*

*Htpp:www.cain.ulst.ac.uk/othelem/contribs.htm*

*Htpp:www.vlada.gov.mk*

*Htpp: www.government.co.uk*